- наставниците имаат на располагање за реализација на програмите доволно потрошен материјал, SMART и MIMIO – табли (принтери, фотокопири, LCD – проектори, фотоапарати);
- наставниците активно учествуваат на обуки организирани од страна БРО,
- реализација на научно-истражувачки екскурзии,
- солидните постигања на учениците во наставата;
- учество на учениците на општински, регионални, државни, мегународни натпревари и освојување на места меѓу првите пет;
- успешна соработка со родителите и нивно донирање;
- се користат различни форми, методи и техники во работата за интеракција во учењето;
- користење на готови и изработка на нагледни средства,
- шкафови за потребите на учениците;
- родителите ги добиваат сите информации во врска со нивните деца, и со непосредни средби и преку е-дневник;
- примена на ИКТ во наставата – наставните часови;
- се реализираат предвидените наставни програми;
- употреба на дигитални содржини во наставата;
- активна употреба на наставничките лаптопи;
- се прифаќаат сите новини во наставниот процес со посета на семинари организирани од БРО и МОН;
- се води грижа за здравјето и психофизичкиот развој на учениците;

- сите ученици се третираат подеднакво без разлика на нивната социјална или етничка припадност;
- постои тимско работење помеѓу наставниците од македонска и турска националност;
- паралелките за основно музичко образование успешно ја реализираат програмата и преку учеството на натпреварите го афирмираат училиштето во општината и пошироко.

9.2 Слаби страни на училиштето, кои ќе бидат наши приоритети за реализација за оваа учебна година:

- континуирана набавка на наставно – образовни нагледни средства за
- сите подрачја;
- набавка на нови табли за потребите на подрачните училишта;
- континуирана набавка на лектирни изданија;
- подготовка на правилник за пофалување, наградување и казнување на вработените;
- постојано залагање за подобрување на успехот на учениците;
- подобрување на инфраструктурата на учлиштето и негово промовирање;
- воспоставување и успешно имплементирање на продолжителна настава од I до III одделение;
- обезбедување на училишниот двор (имот);
- адаптација и реновирање на санитарните јазли;
- намалување на енергетската ефикасност на училиштето преку поставување на фотоволтаичен систем.

9.3 План за евалуација на акциските планови

-Одговорни за следење - (директор, училишен одбор, стручна служба, училишни тимови, наставници, ученици, совет на родители).

-Критериум за успех - (претставува ниво и квалитет на промената која сакаме да ја постигнеме).

-Инструменти - (тестови на знаења, скали на проценка, прашалници, потсетник за водење на интервју, протоколи за набљудувања и опсервации).

-Индикатори за успешност - (на пр., просекот на оценките е покачен, се намалува бројот на слаби оценки, зголемена сооработка со родителите, зголемен е бројот на различни видови стратегии за оценување).

-Повратна информација - (се дава информација за постигнувањата и препораки за подобрување на успехот, мотивацијата, самостојноста во учењето, вреднување на напредокот на учениците итн.).

10.Програми за организација во работата на основното училиште

10.1 Календар за организацијата и работата во основното училиште

Календарот за работа на училиштето го донесува Министерот за образование и наука. Во овој календар секое училиште одделно треба да ги внесе деновите кои се неработни во нивното училиште (ден на училиштето, ден на општината, неработни денови за етничките заедници и сл.).

Првото полугодие започнува на 1 септември 2026 година и завршува на 31 декември 2026 година. Второто полугодие започнува на 20 јануари 2027 година и завршува на 10 јуни 2027 година. Во текот на учевната година ќе се користи зимски и летен одмор. Зимскиот одмор започнува на 1 јануари 2026 година а завршува на 19 јануари 2027 година. Летниот одмор започнува на 11 јуни 2027 година и завршува на 31 август 2027 година.

8 Септември (вторник), Ден на независноста;

12 Октомври (понеделник) преземено од недела 11 Октомври Ден на народното востание;

23 Октомври (петок), Ден на Македонската револуционерна борба;

8 Декември (вторник), Св. Климент Охридски;

20 Март (петок), Рамазан Бајрам;

10 – 13 Април (петок и понеделник), Велигденски празници;

27.4.2025 - Ден на училиштето (патронен празник);

25 Мај (понеделник) преземено од недела 24 Мај- Ден на сесловенските просветители;

29 мај (петок), Задушница – Духовден;

Есенски и Пролетен ден (работни / ненаставни - дополнително се одредуваат);

10.2 Поделба на одделенско раководство и часови на наставниот кадар, распоред на часовите ООУ „Никола Карев“ – Радовиш

10.2.1 Задолженија на наставниците во одделенска настава

Наставник	Одделение	Предмет	Должина	Часови / седмично
Снежана Тренчева				**20**
	I1	Пн	Час	2
	I1	ЛО	Час	1
	I1	МО	Час	1
	I1	МЈ	Час	5
	I1	Мат	Час	5
	I1	Опш	Час	1
	I1	ФЗО	Час	3
	I1	Сл. Изб. Пред. 1	Час	2 (I – полугодие)
	I1	Сл. Изб. Пред. 2	Час	2 (II – полугодие)

Наставник	Одделение	Предмет	Должина	Часови / седмично
Ленче Накева				**20**
	I2	Пн	Час	2
	I2	ЛО	Час	1
	I2	МО	Час	1
	I2	МЈ	Час	5
	I2	Мат	Час	5
	I2	Опш	Час	1
	I2	ФЗО	Час	3
	I2	Сл. Изб. Пред. 1	Час	2 (I – полугодие)
	I2	Сл. Изб. Пред. 2	Час	2 (II – полугодие)

Наставник	Одделение	Предмет	Должина	Часови / седмично
Даниела Василева Китанова				**21**
	II1	Пн	Час	2
	II1	ЛО	Час	1

	II1	МО	Час	1
	II1	МЈ	Час	5
	II1	Мат	Час	5
	II1	Опш	Час	1
	II1	ФЗО	Час	3
	II2	Одд	Час	1
	II1	Сл. Изб. Пред. 1	Час	2 (I – полугодие)
	II1	Сл. Изб. Пред. 2	Час	2 (II – полугодие)

Наставник	Одделение	Предмет	Должина	Часови / седмично
Силвана Бибовска				**21**
	II2	Пн	Час	2
	II2	ЛО	Час	1
	II2	МО	Час	1
	II2	МЈ	Час	5
	II2	Мат	Час	5
	II2	Опш	Час	1
	II2	ФЗО	Час	3
	II2	Одд	Час	1
	II2	Сл. Изб. Пред. 1	Час	2 (I – полугодие)
	II2	Сл. Изб. Пред. 2	Час	2 (II – полугодие)

Наставник	Одделение	Предмет	Должина	Часови / седмично
Александра Манасиева				**21**
	II3	Пн	Час	2
	II3	ЛО	Час	1
	II3	МО	Час	1
	II3	МЈ	Час	5
	II3	Мат	Час	5
	II3	Опш	Час	1
	II3	ФЗО	Час	3
	II3	Одд	Час	1
	II3	Сл. Изб. Пред. 1	Час	2 (I – полугодие)
	II3	Сл. Изб. Пред. 2	Час	2 (II – полугодие)

Наставник	Одделение	Предмет	Должина	Часови / седмично
Маријана Стојанова				**21**
	III1	Пн	Час	2
	III1	ЛО	Час	1
	III1	МО	Час	1

	III1	МЈ	Час	5
	III1	Мат	Час	5
	III1	Опш	Час	1
	III1	ФЗО	Час	3
	III1	Одд	Час	1
	III1	Сл. Изб. Пред. 1	Час	2 (I – полугодие)
	III1	Сл. Изб. Пред. 2	Час	2 (II – полугодие)

Наставник	Одделение	Предмет	Должина	Часови / седмично
Катерина Даневска				**21**
	III2	Пн	Час	2
	III2	ЛО	Час	1
	III2	МО	Час	1
	III2	МЈ	Час	5
	III2	Мат	Час	5
	III2	Опш	Час	1
	III2	ФЗО	Час	3
	III2	Одд	Час	1
	III2	Сл. Изб. Пред. 1	Час	2 (I – полугодие)
	III2	Сл. Изб. Пред. 2	Час	2 (II – полугодие)

Наставник	Одделение	Предмет	Должина	Часови / седмично
Лидија Бехлимова				**21**
	III3	Пн	Час	2
	III3	ЛО	Час	1
	III3	МО	Час	1
	III3	МЈ	Час	5
	III3	Мат	Час	5
	III3	Опш	Час	1
	III3	ФЗО	Час	3
	III3	Одд	Час	1
	III3	Сл. Изб. Пред. 1	Час	2 (I – полугодие)
	III3	Сл. Изб. Пред. 2	Час	2 (II – полугодие)

Наставник	Одделение	Предмет	Должина	Часови / седмично
Стоја Митревска				**23**
	IV1	ПН	Час	2
	IV1	ЛО	Час	1
	IV1	МО	Час	1

	IV1	MJ	Час	5
	IV1	Мат	Час	5
	IV1	Ист и Опш	Час	2
	IV1	ФЗО	Час	3
	IV1	Одд	Час	1
	IV1	ТО и Инф	Час	1
	IV1	Сл. Изб. Пред. 1	Час	2 (I – полугодие)
	IV1	Сл. Изб. Пред. 2	Час	2 (II – полугодие)

Наставник	Одделение	Предмет	Должина	Часови / седмично
Зуле Зафирова				**23**
	IV2	ПН	Час	2
	IV2	ЛО	Час	1
	IV2	МО	Час	1
	IV2	MJ	Час	5
	IV2	Мат	Час	5
	IV2	Ист и Опш	Час	2
	IV2	ФЗО	Час	3
	IV2	Одд	Час	1
	IV2	ТО и Инф	Час	1
	IV2	Сл. Изб. Пред. 1	Час	2 (I – полугодие)
	IV2	Сл. Изб. Пред. 2	Час	2 (II – полугодие)

Наставник	Одделение	Предмет	Должина	Часови / седмично
Ивана Чајева				**23**
	IV3	ПН	Час	2
	IV3	ЛО	Час	1
	IV3	МО	Час	1
	IV3	MJ	Час	5
	IV3	Мат	Час	5
	IV3	Ист и Опш	Час	2
	IV3	ФЗО	Час	3
	IV3	Одд	Час	1
	IV3	ТО и Инф	Час	1
	IV3	Сл. Изб. Пред. 1	Час	2 (I – полугодие)
	IV3	Сл. Изб. Пред. 2	Час	2 (II – полугодие)

Наставник	Одделение	Предмет	Должина	Часови/седмично
Сашко Николов				**20**
	V1	ЛО	Час	1
	V1	МО	Час	1
	V1	MJ	Час	5

	V1	Мат	Час	5
	V1	Ист и Опш	Час	2
	V1	ФЗО	Час	3
	V1	Одд	Час	1
	V1	Сл. Изб. Пред. 1	Час	2 (I – полугодие)
	V1	Сл. Изб. Пред. 2	Час	2 (II – полугодие)

Наставник	Одделение	Предмет	Должина	Часови/седмично
Александра Почивалец				**20**
	V2	ЛО	Час	1
	V2	МО	Час	1
	V2	MJ	Час	5
	V2	Мат	Час	5
	V2	Ист и Опш	Час	2
	V2	ФЗО	Час	3
	V2	Одд	Час	1
	V2	Сл. Изб. Пред. 1	Час	2 (I – полугодие)
	V2	Сл. Изб. Пред. 2	Час	2 (II – полугодие)

Наставник	Одделение	Предмет	Должина	Часови/седмично
Васка Трајчева				**20**
	V3	ЛО	Час	1
	V3	МО	Час	1
	V3	MJ	Час	5
	V3	Мат	Час	5
	V3	Ист и Опш	Час	2
	V3	ФЗО	Час	3
	V3	Одд	Час	1
	V3	Сл. Изб. Пред. 1	Час	2 (I – полугодие)
	V3	Сл. Изб. Пред. 2	Час	2 (II – полугодие)

10.2.2 Задолженија на наставниците во предметна настава

	Наставник																			
1	Славица Манчева	MJ IX1	MJ IX2	MJ IX3	3x4=12	MJ VI	MJ VI	2x4=8	12+8=20+1= 21 час одд.раководство IX3											
2	Каменита К. Атанасова	MJ VII1	MJ VII2	MJ VII3	MJ VII4	4x4=16	MJ VI	1x4=4	16+4=20 + 1 =21 час одд.раководство VII4											
3	Билјана Митева	MJ VIII1	MJ VIII2	MJ VIII3	MJ VIII4	4x4=16	СИП VIII	СИП VIII	2x2=4	16+4=20 + 1 =21 час одд.раководство VIII4										
4	Илија Ковачев	ГО VII1	ГО VII2	ГО VII3	ГО VII4	4x1=4	Ист VII1	Ист VII2	Ист VII3	Ист VII4	4x2=8	Ист VIII1	Ист VIII2	Ист VIII3	Ист VIII4	4+8+8=20				
5	Марина Јановска	Природни науки ПОУ с. Бучим	2 часа	Природни науки ПОУ с. Тополница	2 часа	Природни науки ПОУ с. Прналија	2 часа	2+2+2=6 часа												
6	Ката Ангелова	Ист IX1	Ист IX2	Ист IX3	3x2=6	ИиО VI1	ИиО VI2	ИиО VI3	3x2=6	ГО IX1	ГО IX2	ГО IX3	3x1=3	ГО VIII1	ГО VIII2	ГО VIII3	3x1=3	Ино IX	1x1=1	6+6+3+4+1=20
7	Кире Јанковски	Гео VII1	Гео VII2	Гео VII3	Гео VII4	4x2=8	Гео VIII1	Гео VIII2	Гео VIII3	Гео VIII4	4x2=8	ИиО VI	1x1=1	ПН	1x3=3	8+8+1+3=20 часа				
8	Наташа Динев	Гео IX1	Гео IX2	Гео IX3	3x2=6	ПН V3	1x2=2	1x2=2	ПН VI	ПН VI	2x3=6	ИиО VI1	ИиО VI2	2x1=2	СИП VII	СИП VII	2x2=4	6+2+6+2+4=20 часа		
9	Тања Николовска	Хем IX1	Хем IX2	Хем IX3	3x2=6	Хем VIII1	Хем VIII2	Хем VIII3	Хем VIII4	4x1=4	Хем VII1	Хем VII2	Хем VII3	Хем VII4	4x1=4	Био VII1	Био VII2	Био VII3	3x2=6	.20+1 одд. р Вк.21 ч
10	Ивана Ѓоргиева	Био IX1	Био IX2	Био IX3	3x2=6	Био VIII1	Био VIII2	Био VIII3	Био VIII4	4x2=8	Био VII4	1x2=2	ПН V1	ПН V2	2x2=4	6+8+2+4=20 часа				
11	Замена на директор	Мат VIII1	Мат VIII2	Мат VIII3	Мат VIII4	4x4=16	Мат VI	1x5=4	16+5=21 час											
12	Елена Манасиева	Мат VII1	Мат VII2	Мат VII3	Мат VII4	4x4=20	Физ VII1	Физ VII2	Физ VII3	Физ VII4	16+4=20 часа									
13	Драгана	Ма	Мат	Мат	3x4=12	Мат	Мат	2x5=10	12+10=22 +1= 23 час одд. раководство IX1											

	Велков	т IX1	IX2	IX3		VI	VI								
14	Цветанка Кршкова	Анг VII 1	Анг VII2	Анг VII3	Анг VII4	4x3=12	Анг IX1	Анг IX2	Анг IX3	3x3=9	12+9=21 + 1 одд.раководство IX2 = 22 час				
15	Стојче Јовановски	Анг VIII 1	Анг VIII2	Анг VIII3	Анг VIII4	4x3=12	Анг II1	Анг II2	Анг II3	3x2=6	Анг IV2	1x3=3	12+6+3=21 часа + 1 одд. раководство VII3 = 22 час		
16	Босилка Здравкова	Гер VI1	Гер VI2	Гер VI3	3x2=6	Гер VIII1	Гер VIII3	Гер VIII4	3x2=6	Гер VII1	Гер VII2	Гер VII3	Гер VII4	4x2=8	6+6+8=20 часа
17	Емилија Камчева	ТОи И VIII1	ТОиИ VIII2	ТОиИ VIII3	ТОиИ VIII4	4x2=8	ТОиИ VII1	ТОиИ VII3	ТОиИ VII4	3x2=6	ЕСАРУЕД 6 часа	8+6+6=20 + 1 = 21 часа одд.раководство VII1			
18	Александар Коровин	ФЗО VII1	ФЗО VII2	ФЗО VII3	ФЗО VII4	4x3=12	ФЗО II1	ФЗО II2	ФЗО II3	3x3=9	12+9=21 часа				
19	Ристо Спасов	ФЗ О VI1	ФЗО VI2	ФЗО VI3	3x3=3	ФЗО VIII1	ФЗО VIII2	ФЗО VIII3	ФЗО VIII4	4x3=12	9+12=21 час + 1 = 22 час одд.раководство VIII2				
20	Марјан Таранинов	ФЗО V3	1x3=3	ФЗО IX1	ФЗО IX2	ФЗО IX3	3x3=9	ФЗО III1	ФЗО III2	ФЗО III3	3x3=9	3+9+9=21 часа			
21	ФЗО Подрачни	ПОУ с. Тополница	Вкупно 6 часа	ПОУ с. Бучим	Вкупно 6 часа	ПОУ с. Прналија	Вкупно 6 часа	6+9+6=21 час							
22	Мартин Стојанов	ФЗ О I1	ФЗО I2	2x3=6	ФЗО V1	ФЗО V2	2x3=6	ФЗО IV1	ФЗО IV2	ФЗО IV3	3x3=9	6+6+9=21 часа			
23	Билјана А. Стојменова	VI – IX одделение ликовно образование	14x1=14	СИП VIII	СИП VIII	2x2=4	Ино IX	Ино IX	2x1=2	14+4+2=20 +1= 21 одд. раководство VI1					
24	Катица Андонова	VI – IX одделение музико образование	14x1=14	Хор и оркестар	Вкупно 6 часа	14+6=20									
25	Сузана Георгиева	ТОи И VI1	ТОиИ VI2	ТОиИ VI3	3x2=6	ТО V1	ТО V2	ТО V3	3x2=6	ТО -5 одд. Бучим, Тополница, Прналија	Вк. 6 часа	ТОиИ VII2	1x2=2	6+6+6+2=20+1=21 одд. раководство VII2	
26	Лозка Филиповска	Анг VI1	Анг VI2	Анг VI3	4x3=12	Анг I1	Анг I2	2x2=4	Анг IV3	1x3=3	СИП IX	СИП IX	2+2=4	9+4+3+4=20 час	
27	Данче Јованова	Ан г V1	Анг V2	Анг V3	3x3=9	Анг IV1	1x3=3	СИП IX	1x2=2	Анг III1	Анг III2	Анг III3	3x2=6	9+3+2+6=20 часа	
28	Мумине Алиева	Англиски	Вкупно	Англиски јазик	Вкупно	Англиски јазик	Вкупно	7+5+5=17 часа							

		јазик ПОУ с. Бучим		7 часа		ПОУ с. Тополница		5 часа		ПОУ с. Прналија		5 часа							
29	Драги Коцев	Физ VIII2	Физ VIII3	2x2=4		4 часа													
30	Лидија Трајкова	Македонски јазик ПОУ с. Бучим			Вкупно 2 часа	Македонски јазик ПОУ с. Тополница		Вкупно 2 часа		Македонски јазик ПОУ с. Прналија		Вкупно 2 часа		СИП VII	СИП VII	2+2=4	2+2+2+4=10 часа		
31	Невенка Гаврилова	Физ IX1	Физ IX1	Физ IX1	3x2=6	Физ VIII1	Физ VIII4	2x2=4		6+4=10 часа									
32	Виолета Бехлимова	Гер VII 2	1x2=4		Гер IX1	Гер IX2	Гер IX3	3x2=6		2+6=8 часа									
33	Наст. СИП во VI одд.	СИП VI	СИП VI	СИП VI	3x2=6	6 часа													

10.2.3 Задолженија на наставниците во подрачните училишта

Сезгин Али	I & II & III	с. Тополница
Фирус Мустафа	IV & V	с. Тополница
Атиџе Алиова	I & II & III	с. Прналија
Реџеп Кадиров	IV & V	с. Прналија
Фатиме Лиман	I	с. Бучим
Ѓулшен Османова	II & III	с. Бучим
Емре Мехмет	IV & V	с. Бучим

10.2.4 Задолженија на наставниците во Паралелките за основно музичко образование

Наставник	Предмет	Бр. на часови	Вкупно
Лина Динева Ристова	Солфеж со елементарна теорија на музика	10	49
	Солфеж	6	
	Теорија на музика	3	
	Пијано	30	
Наташа Калајџиева Здравева	Солфеж со елементарна теорија на музика	6	45
	Солфеж	6	
	Теорија на музика	3	
	Пијано	30	
Јован Трајанов	Хармоника	10	44
	Пијано	34	
Слободан Трајанов	Хармоника	12	44
	Пијано	32	
Катица Андонова	Пијано	4	4
Оливер Георгиев	Пијано	10	10

10.2.5 Преглед на одделенски наставници/раководители и број на ученици по паралелки

Листа на одделенски раководители во ООУ„Никола Карев“, Радовиш на македонски наставен јазик		
Одд.	Број на ученици	Име и презиме на наставник
I[1]	25	Снежана Тренчева
I[2]	25	Ленче Накева
II[1]	26	Даниела В. Китанова
II[2]	24	Силвана Бибовска
II[3]	20	Александра Манасиева
III[1]	16	Маријана Стојанова
III[2]	18	Катерина Даневска
III[3]	21	Лидија Бехлимова
IV[1]	22	Стоја Митревска
IV[2]	18	Зуле Зафирова
IV[3]	29	Ивана Чајева
V[1]	7	Сашко Николов
V[2]	28	Александра Почивалец
V[3]	30	Васка Трајчева
VI[1]	22	
VI[2]	22	
VI[3]	22	
VII[1]	19	Емилија Камчева
VII[2]	18	Сузана Георгиева
VII[3]	18	Тања Николовска
VII[4]	15	Каменита К. Атанасова
VIII[1]	16	
VIII[2]	11	Ристо Спасов
VIII[3]	13	Стојче Јованов
VIII[4]	14	Билјана Митева
IX[1]	15	Драгана Велков
IX[2]	17	Цветанка Кршкова
IX[3]	18	Славица Манчева

Листа на одделенски раководители во подрачното училиште на ООУ„Никола Карев“, Радовиш во с. Бучим на турски наставен јазик (комбинирана настава)		
Одд.	Број на ученици	Име и презиме на наставник
I	4	Фатиме Лиман
II	5	Ѓулшен Османова
III	5	Ѓулшен Османова
IV	6	Емре Мехмет
V	5	Емре Мехмет

Листа на одделенски раководители во подрачното училиште на ООУ„Никола Карев“, Радовиш во с. Прналија на турски наставен јазик (комбинирана настава)		
Одд.	Број на ученици	Име и презиме на наставник
I	4	Атиџе Алиова
II	6	
III	3	
IV	8	Реџеп Кадиров
V	3	

Листа на одделенски раководители во подрачното училиште на ООУ„Никола Карев“, Радовиш во с.Тополница на турски наставен јазик (комбинирана настава)		
Одд.	Број на ученици	Име и презиме на наставник
I	6	Сезгин Али
II	3	
III	4	
IV	2	Фирус Мустафа
V	7	

10.3 Работа во смени

Учениците во централното и подрачните училишта наставата ќе ја посетуваат во прва смена со почеток на часовите од 7 и 30 часот. Првачињата со настава ќе започнуваат од 8 и 30 часот.

Во десетте паралелки за основно музичко образование настава ќе посетуваат 108 ученици од Општина Радовиш и Општина Конче. Овде наставата ќе се реализира од 9 до 15 часот, по распоред направен водејќи грижа учениците да не отсуствуваат од редовната – задолжителната настава.

10.4 Јазик/јазици на кои се изведува наставата

	Македонски јазик	**Албански јазик**	**Турски јазик**	**Српски Јазик**	**Босански јазик**
Број на паралелки	28	/	7	/	/
Број на ученици	536	/	71	/	/
Број на наставници	56	/	8	/	/

10.5 Проширена програма

Проширена програма за прифаќање на учениците од прво до трето одделение за учебната 2026/2027 година

Во нашето училиште се реализира проширена програма според Концепцијата за основно воспитание и образование. Проширената програма на основното училиште опфаќа организирано прифаќање и заштита на учениците од прво, второ и трето одделение, еден час пред започнување на часовите за редовна настава и еден час по завршувањето на редовната настава, во согласност со родителот, но нема заинтересираност на родителите за ваков вид на програма.

Вклучени наставници од прво до трето одделение:

- Снежана Тренчева (наставник прво одделение)
- Ленче Накева (наставник прво одделение)
- Даниела Василева Китанова (наставник второ одделение)
- Силвана Бибовска (наставник второ одделение)

- Александра Манасиева (наставник второ одделение)
- Маријана Стојанова (наставник трето одделение)
- Катерина Даневска (наставник трето одделение)
- Лидија Бехлимова (наставник трето одделение)

ед. бр.	Работен ден	Пред почеток на ред. настава	По завршување на ред. настава	Забелешка
Прва работна седмица во месецот				
1	**Понеделник**	Работа со компјутер (едукативни игри)	Пишување домашна работа Повторување на новите содржини	
2	**Вторник**	Цртање, сликање (мотиви поврзани со новите содржини, или по избор на ученикот)	Пишување домашна работа Повторување на новите содржини	
3	**Среда**	Пеење на изучени песнички	Пишување домашна работа Повторување на новите содржини	
4	**Четврток**	Учење гатанки, поговорки, брзозборки	Пишување домашна работа Повторување на новите содржини	
5	**Петок**	Свирење со ДМИ и пеење на песни од детски фестивали	Пишување домашна работа Повторување на новите содржини	

Ред. бр.	Работен ден	Пред почеток на ред. настава	По завршување на ред. настава	Забелешка
Втора работна седмица во месецот				

1	**Понеделник**	Уредување на катчињата во училницата	Пишување домашна работа Повторување на новите содржини	
2	**Вторник**	Интерпретација на бајки, басни и други текстови	Пишување домашна работа Повторување на новите содржини	
3	**Среда**	Математички игри	Пишување домашна работа Повторување на новите содржини	
4	**Четврток**	Забавно рекреативни игри	Пишување домашна работа Повторување на новите содржини	
5	**Петок**	Активности по желба на учениците	Пишување домашна работа Повторување на новите содржини	

Ред. бр.	**Работен ден**	**Пред почеток на ред. настава**	**По завршување на ред. настава**	**Забелешка**
Трета работна седмица во месецот				
1	**Понеделник**	Друштвени игри (по желба на учениците)	Пишување домашна работа Повторување на новите содржини	
2	**Вторник**	Уредување на училницата, засадување цвеќиња	Пишување домашна работа Повторување на новите содржини	
3	**Среда**	Читање детски списанија	Пишување домашна работа Повторување на новите содржини	

4	**Четврток**	Читање на детски воспитни текстови	Пишување домашна работа Повторување на новите содржини	
5	**Петок**	Активности по желба на учениците	Пишување домашна работа Повторување на новите содржини	

Ред. бр.	**Работен ден**	**Пред почеток на ред. настава**	**По завршување на ред. настава**	**Забелешка**
Четврта работна седмица во месецот				
1	**Понеделник**	Друштвени игри (по желба на учениците)	Пишување домашна работа Повторување на новите содржини	
2	**Вторник**	Уредување на училниците, засадување цвеќиња	Пишување домашна работа Повторување на новите содржини	
3	**Среда**	Гледање снимена куклена претстава	Пишување домашна работа Повторување на новите содржини	
4	**Четврток**	Учење гатанки, поговорки, брзозборки	Пишување домашна работа Повторување на новите содржини	
5	**Петок**	Забавно рекреативни игри	Пишување домашна работа Повторување на новите содржини	

10.6 Комбинирани паралелки

ПУ с.Прналија има две комбинирани паралелки од I, II, III (13 ученици) и IV и V одделение (11 ученици).

ПУ с.Тополница има две комбинирани паралелки од I, II и III (13 ученици) и IV и V одделение (9 ученици).

ПУ с.Бучим има две комбинирани паралелки од II и III (10 ученици) и IV и V одделение (11 ученици) и една паралелка I одделение (4 ученици).

10.7 Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Англискиот јазик како прв странски јазик се изучува во 35 паралелки со вкупен број на ученици 607. Втор странски јазик е Германски јазик кој се изучува во 14 паралелки со вкупен број на ученици 235.

10.8 Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Наставници кои реализираат тандем настава по физичко и здравствено образование: Дарко Коцев, Мартин Стојанов, Марјан Таранинов и Александар Коровин.

10.9 Изборна настава

Изборни предмети во нашето училиште за учебната 2025/2026 година според наставниот план, одредени со анкетата на родителите спроведена во месец јуни 2025 година, за VI и VII одделение конечните изборни предмети се спроведуваат првата недела од септември по новата концепција, изборни предмети се:

- Слободен изборен предмет (прво полугодие) Слободен изборен предмет (второ полугодие) во VI^1 , VI^2 и VI^3 одделение;
- Слободен изборен предмет (прво полугодие) Слободен изборен предмет (второ полугодие) во VII^1 , VII^2 , VII^3 и VII^4 одделение;
- Слободен изборен предмет (прво полугодие) Слободен изборен предмет (второ полугодие) во VIII^1 , VIII^2 , и VIII^3 одделение;
- Слободен изборен предмет во IX^1, IX^2, IX^3 и IX^4 одделение.

Наставата по задолжителни предмети представува содржинска основа на основното училиште. Застапеноста на наставните предмети во наставата по одделенија и неделниот фонд на часови за секој наставник и предмет се утврдува со наставниот план и програма за основното училиште.
Бесплатните учебници, од проектот на Владата на Република Македонија се доставуваат до училиштето, така што сме сигурни дека нема да има застои по таа активност.

Наставниот кадар редовно ќе ги следи промените и движењата, истите ќе ги усогласува врз основа на потребите. Обуките ќе бидат во поглед на нови односи во слободата и правата на личноста на детето – ученикот:
- Оспособување на ученикот за перманентно учење во животот;
- Ученикот да научи да учи;
- Ученикот да ги совлада методите, техниките и постапките на процесот на учење.

Наставниците ќе посветат внимание на:

- Перманентното учење преку неговата творечка работа и постојаните контакти на релација ученик–наставник, наставник-ученик, ученик-ученик;
- Воведување на иновации (активна настава, интерактивно учење, групен облик на работа, индивидуална работа, работа во парови или тандем , разновидни техники, методи и форми на работа;
- Скратување или отфрлање на содржини кои не се актуелни;
- Оценување на афинитетите, желбите, потребите, интересите, склоностите и способностите на ученикот.

10.10 Дополнителна настава

Дополнителната настава се организира со учениците кои заостануваат во работата во редовната настава. Оваа настава во второ, трето, четврто и петто одделение на учениците од деветгодишното образование ќе се реализира по 1 час седмично. Во предметна настава ќе се реализираат по 2 часа седмично во зависност од напредувањето на учениците по одделни наставни предмети за што обврска имаат наставниците да подготват програма за работа и распоред на часови до 20 септември.

10.10.1 Продолжителна –дополнителна настава

Продолжителната настава ќе се изведува по потреба на крајот од наставната година доколку има ученици кои не го совладале минимумот на наставниот материјал по одредени наставни предмети.

10.11 Додатна настава

Додатната настава во второ, трето, четврто и петто одделение на учениците од деветгодишното образование ќе се реализира по 1 час седмично. Во предметна настава ќе се реализираат 2 часа неделно во зависност од интересот и потребите на учениците. И за оваа настава наставниците имаат обврска да подготват програма за работа и распоред на часови до 20 септември.

Додатна настава се организира со учениците кои во текот на редовната настава постигнуваат високи резултати, појавуваат особена надареност и талентираност по одделни наставни предмети. Додатната настава ќе се изведува според упатствата на Бирото за развој на образованието на Р.С.Македонија и барањето на наставните планови и програми за организација на воспитно-образовната работа на основното училиште.

10.12 Работа со надарени и талентирани ученици

Програма на психологот за работа со надарени и талентирани ученици и Програма за работа со ученици кои побавно напредуваат во однос на нивните врсници т.е. ученици со потешкотии во учењето за учебната 2026 / 2027 година

за учебните 2026-2027 / 2029-2030 година
ООУ „Никола Карев“ – Радовиш

Јуни, 2026 год.
Радовиш

Психолог,
Сузана Ѓоргиева

Програма за работа со надарени и талентирани ученици
за учебните:2026/2027 – 2029/2030 година

- Надареноста е склоп особини, врз основа на кои поединецот е способен трајно да постигнува исклучително високи резултати во едно или повеќе подрачја на човековата дејност. Тој склоп особини го чинат: општи и специфични способности, креативност и сплет на бројни карактеристики на личноста и мотивацијата (Корен). Талентот не е само „дар од боговите“, т.е. не е само резултат на наследната еволуција на човекот, туку е и многу упорна работа и постојан развој на личноста. Со други зборови, надареноста се должи на високи општи интелектуални способности а талентот е врзан за специфични способности во една потесна област (математика, физика, музика...), при што надареноста се идентификува врз основа на веќе постигнатите натпросечни резултати, а талентот се сфаќа како диспозиција која допрва треба да се развива со упорна работа (Озимец). Надареноста е поопшт поим од талентираноста т.е. надареният не мора да биде талентиран, но талентираниот секако дека е надарен.

- Надарени и талентирани ученици се тие кои покажуваат високи постигнувања благодарение на своите вонредни способности во една или повеќе од следниве области: општа интелектуална способност, специфична академска способност, креативно или продуктивно мислење, способност за водство, визуелна или друга уметност.

- Овие ученици се карактеризираат со: забрзан ран развој, креативност, мотивација, отвореност, чувствителност, емотивна стабилност, нови и оригинални решенија и мислења, необична интелектуална љубопитност, бараат дополнителни информации и објаснувања за областа која ги интересира, сакаат предизвици и бараат посложени задачи, ентузијазам, висок мотив за постигнување, невообичаени одговори на поставени прашања, наоѓање нови решенија и нови начини на решавање на задачите, позитивна слика за себе, упорност, спремни за ризик, индивидуалисти се и не функционираат добро во групна работа, перфекционисти, самокритични и критични кон другите, умеат да се наметнат на врсниците и да ја превземат улогата на водач и организатор, сакаат да бидат успешни и си поставуваат високи цели, имаат изразено чувство за правда и хумор, поубаво и поинтензивно набљудуваат и реагираат на

работите, доживуваат стрес поради високите очекувања на важни личности за нив.

Цели на програмата :

- Навремена детекција и утврдување на формите за работа со цел активно вклучување и учество на учениците во најразлични активности согласно нивните индивидуални интереси;
- Вежбање на способноста за размислување на повисоко ниво (анализа, синтеза, евалуација);
- Развивање на надареноста и креативноста на учениците во различни области согласно нивните склоности, интереси и желби;
- Усовршување на вештините за решавање на проблеми;
- Постигнување успеси;
- Проширување на наставната програма;
- Проширување на знаењата од областите за кои пројавуваат интерес.

За реализирање на Програмата за работа со надарени и талентирани ученици кои побрзо напредуваат во однос на нивните врсници се предвидени следниве активности:

Содржини и активности	***Соработници***	***Временска рамка***	***Очекувани исходи, критериуми за успех***
-идентификување на талентираните и надарени ученици; -вклучување на овие ученици во изработка на проекти, вон-наставни активности и/или натпревари; -консултативно - советодавни разговори со наставниците за начините на работа со оваа категорија на ученици;	одделенски наставници и раководители, родители, наставници,	септември октомври-ноември тековно	Навремено откривање на учениците кај кои постои потенцијал и талент за проширување на знаењата од поедини области (математика, литература, музика, спорт, уметности и сл); Дефинирање на ефективни начини за работа со оваа

-учениците сами да ги дефинираат проблемите за кои се заинтересирани, и да ги осмислат постапките за наоѓање на решенија; -дефинирање на форми за работа, давање можности за проширување на знаењата за кои пројавуваат дополнително интерес; -Индивидуални разговори и информирања на родителите и учениците извршени од страна на одделенските раководители и психологот; -продолжување со активностите и по завршувањето на училишниот ден, со помош на родителите (едноставно и неофицијално, така што детето воопшто нема да забележи што се случува); -индивидуални разговори и советувања со учениците на нивно барање и потреба; -имплементација на предавање на тема: „Што е тоа стрес, влијанието на стресот врз постигањата и здравјето на луѓето, набројување и појаснување на техниките за ослободување од стрес“.	стручни соработници, наставници, стручни соработници, стручни институции, родители самостојно самостојно	тековно тековно тековно тековно	категорија на ученици; Обезбедување флексибилност и разновидност на воспитно-образовниот процес во поглед на содржини, облици, методи и вклучување на учениците во одбирање на истите; Развивање на истражувачкиот оспособување на учениците за приод при одредени проблеми; Навремено информирање на родителите и давање насоки и можности за негување и целосно развивање на откриениот детски потенцијал; Навремена психолошка помош и поддршка на учениците при решавање на некои лични и/или училишни проблеми; Едуцирање на учениците за влијанието на стресот врз здравјето на луѓето, учење и примена на некои од техниките за успешно разбивање т.е. ослободување од стрес, и постигнување на подобри резултати на училишните натпревари.

10.13 Работа со ученици кои побавно напредуваат во однос на нивните врсници т.е. ученици со потешкотии во учењето

Програма

за работа со ученици кои побавно напредуваат во однос на нивните врсници т.е. ученици со потешкотии во учењето за учебната 2026 / 2027 година

Цели на програмата :

- Препознавање и идентификување на учениците со потешкотии во учењето,
- Вклучување и водење грижа за развојот на учениците со потешкотии учењето ,
- Прилагодување на тестовите, методите на работа, наставните средства и помагала, согласно нивните можности и способности,
- Усвојување општи и применливи знаења согласно нивните можности ,
- Стекнување општи и применливи знаења што се потребни во секојдневниот живот или за натамошно образование

Во учебната 2026-2027 година за реализирање на програмата за работа со учениците кои потешко напредуваат во однос на нивните врсници се предвидени следниве активности:

Содржини и активности	***Соработници***	***Временска рамка***	***Очекувани исходи, критериуми за успех***
-идентификување на учениците со потешкотии во учењето; -индивидуални разговори со оваа категорија на ученици, наставници и родители; -утврдување на причините за потешкото напредување на овие ученици и работа на нивно намалување и/или елиминирање;	самостојно наставници родители дефектолог педагог	септември	Навремено откривање на учениците кои побавно напредуваат во однос на своите врсници и се соочуваат со потешкотии во учењето;

-консултативно - советодавни разговори со наставниците за начините на работа со оваа категорија на ученици; -прилагодување на методите на работа согласно можностите и способностите на ученикот; -помош и поддршка на наставниците при планирање и реализација на активностите на часовите во паралелките во кои се вклучени овие ученици; -организирање на дополнителна настава; -прилагодување на задачите согласно можностите на ученикот; -вклучување на ученикот во други активности во кои може да се компензира недостигот; -советодавни разговори со родителите, дефектологот, наставниците и учениците; -континуирано следење на напредокот на овие ученици; -следење на напредокот на наставниците во работата со учениците кои потешко напредуваат; -соработка со други институции; -изготвување извештај за напредокот во успехот на овие ученици во текот на целата учебна година.	одд.раководители наставници родители дефектолог стручни институции, Центар за функционална проценка, самостојно, наставници	тековно тековно тековно	Дефинирање на ефективни начини за работа со оваа категорија на ученици и надминување на потешкотиите Подобрување на успехот и напредокот во учењето на оваа категорија ученици, како и стекнување на општи и применливи знаења кои ќе им бидат потребни во секојдневниот живот и натамошното образование. Навремено информирање на родителите и давање насоки за надминување на потешкотиите во учењето Целосен увид во следење на напредокот на учениците согласно нивните индивидуални можности и способности Утврдување на ефикасноста од целокупната работа со оваа категорија ученици

11.Воннаставни активности

11.1 Училиштни спортски клубови

Во воннаставните активности во нашето училиште се работи посебно на спортот преку училишниот спортски клуб “Никола Карев“ со своите спортски активности се вклучува во лигата натпревари и системот на натпревари преку ФУСМ (Федерација на училишен спорт на Македонија) .

Организирано пливање во Банско и организирано зимување со вклучени планинарски тури (излети) во природа. Учество на пионерски повеќебој преку УСК “Никола Карев“-Радовиш.

Спортови кои ги нуди училиштето се: фудбал, кошарка, ракомет, одбојка, атлетика, борење, кои се реализираат во текот на целата учебна година , а се опфатени учениците од нашето училиште .

Учество на сите манифестации во општината ,учество на натпревари преку федерацијата на училишен спорт на РСМ учество во лига на натпревари футсал и ракомет. Одговорни наставници за овие спортски активности се Живко Андонов и Ристо Спасов.

Покрај наставата ќе се реализираат и вон-наставни воспитно-образовни активности преку:

- Слободни ученички активности;
- Смотри и натпревари;
- Грижата на училиштето за здравјето на учениците;
- Ученички екскурзии;
- Организираност на учениците.

11.2 Секции/Клубови

Слободните ученички активности опфаќаат:

- Слободни технички активности;
- Слободни културно уметнички активности;
- Слободни спортски активности;
- Слободни работно-производствени активности.

Слободните ученички активности ќе бидат најзастапени активности и тоа воннаставни , во кои ќе членуваат речиси сите ученици во училиштето. Содржинското осмислување на слободните ученички активности ќе го реализират наставниците одговорни за одделните активности заедно со учениците што се вклучени во таа активност.

1. Слободни ученички активности за стекнување на знаења

	Секција (активност)	**Одговорен наставник**
1.	Млади математичари	Елена Манасиева Драгана Велков
2.	Млади биолози-еколози	Тања Николовска , Ивана Горѓиева
3.	Млади хемичари	Тања Николовска
4.	Млади физичари	Елена Манасиева Драги Коцев Невенка Гаврилова
5.	Млади географичари	Наташа Динев Кире Јанковски
6.	Млади историчари	Ката Ангелова Илија Ковачев Александра Митева
7.	Љубители на англискиот јазик	Цветанка Кршкова Мумине Алиова Данче Јованова Лозка Филипова Стојче Јованов
8.	Љубители на германскиот јазик	Босилка Здравкова Виолета Бехлимова

2. Слободни културно – уметнички активности

	Секција (активност)	Одговорен наставник
1.	Драмско-рецитаторска секција	Славица Манчева Билјана Митева Каменита К. Атанасова
2.	Љубители на музиката	Катица Андонова
3.	Ликовна секција	Билјана А. Стојменова
4.	Литературна секција	Славица Манчева Билјана Митева Каменита К. Атанасова
5.	Млади библиотекари	Славица Манчева Билјана Митева Каменита К. Атанасова

3. Слободни ИТ активности

	Секција (активност)	Одговорен наставник
1.	Информатичка	Емилија Камчева
2.	Клуб за кодирање	Емилија Камчева Цветанка Кршкова Тања Николовска Анита М. Цветковски Славица Манчева
3.	Новинарска секција	Славица Манчева Емилија Камчева

4. Слободни технички активности

	Секција (активност)	Одговорен наставник
1.	Сообраќајно – техничка	Сузана Георгиева

5. Слободни спортски активности

	Секција (активност)	Одговорен наставник
1.	Спортска секција	Ристо Спасов Марјан Таранинов Мартин Стојанов Александар Коровин

Секое одделение во рамките на својата одделенска заедница ќе ги реализира планираните часови. Работата на слободните ученички активности ќе биде планирана со посебен план и програма и посебен распоред на изведување од страна на секој одговорен наставник.

11.3 Акции

Одбележување на значајни датуми ќе се реализира преку акции во и надвор од училиштето, во соработка со локалната заедница и невладини организации.

5 март	Светски ден за заштеда на енергија
22 март	Светски ден за заштеда на водите
7 април	Светски ден на здравјето
22 април	Светски ден на планетата
15 мај	Светски ден за заштита на климата
31 мај	Светски ден против пушењето
5 јуни	Светски ден за заштита на животната средина
16 септември	Светски ден за заштита на озонската обвивка
22 септември	Меѓународен ден без автомобили
08 октомври	Меѓународен ден за намалување на уништувањето на природата

15 октомври	Меѓународен ден на пешаците
16 октомври	Меѓународен ден на храната

12.Ученичко организирање и учевство

Од VI -IX одделение ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите и заменик претседателите на одделенската заедница.

13.Вонучилишни активности

13.1 Екскурзии за учениците од (трето, шесто и деветто одделение) одобрени од МОН

Ученичките екскурзии се посебен облик на воспитно-образовната работа што се изведува надвор од училиштето со цел да се реализираат конкретни цели од наставните програми. Ученичката екскурзија ќе има воспитно-образовен и забавно-рекреативен карактер. Се организира за учениците од трето, шесто и деветто одделение.

13.1.1 Програма за реализација на еднодневна екскурзија со учениците од трето одделение

За изведување на еднодневна екскурзија со учениците од III (трето) одделение при ООУ,,Никола Карев“-Радовиш за учебната 2026/27 година.
Ученичките екскурзии се посебен облик на воспитно-образовната работа што се изведува надвор од училиштето со цел да се реализираат конкретни цели од наставните програми. Ученичката екскурзија ќе има воспитно-образовен и забавно-рекреативен карактер.

Воспитно образовни цели и задачи
1.Со изведување на оваа екскурзија се интегрираат обработените наставни содражини кои се поврзани со наставниот предмет општество, македонски јазик,математика, природни науки, ликовно образование, музичко образование, физичко и здраствено образование и дава можност за набљудување ,споредување, заклучување, истражување, примање и давање на информации и идеи од сите видови, без оглед на гледиштата и сфаќањата за сеопфатноста на знаења за нештата.
2.Содражините на екскурзијата го стават ученикот во интеракција која овозможува повразување со други наставни средства(дополнителни и дидикатички матријали, енциклопедии, примена на ИКТ, сликовници и сл.)

3.Содражините на екскурзијата овозможуваат когнитивен, социјален, емоционален развој на ученикот, можност за самоанализа и самоосознавање, создавање интерперсонални и комуникациски вештини, како и решавање проблеми и ситуации.
4.Заознавање со природните убавини на Република Северна Македонија.
5.Проширување на знаења за животната средина и сообраќај.
6.Запознавање со културно-историските знаменитости,споменици и нивното значење и убавина.
7.Развивање чуство за патриотизам, толеранција и соживот.

Содржини и активности

На оваа ученичка екскурзија учениците и натавниците ке ги спроведат следниве активности:

За да се изведе екскурзијата ќе се тргне во 8.00 часот од Радовиш преку Криволак за Неготино, посета на винарија „Попова кула“ прошетка низ градот Демир Капија каде следи пауза со сопствен појадок во 9.30. Потоа по автопатот кон Гевгелија ќе се разгледаат Демиркаписката клисура и тунелот на автопатот кај Демир Капија.Пошетка низ град Гевгелија, посета на железничката пруга и Општински музеј. Следи ручек (организиран преку агенција). Следува посета на градот Дојран и прошетка по брегот на езерото.
Во попладневните часови по завршувањето на разгледувањето на предвидените објекти учениците ќе се подготват за тргнување кон дома.Ќе се тргне од Дојран кон Радовиш преку герад Струмица со мал одмор на градскиот плоштад. По пат ќе се запознаат со Струмичката котлина во која главно производство се рано градинарските растенија и начинот на нивното производство.

Раководител, наставници, ученици

- Маријана Стојанова -одделенски раководител
- Катерина Даневска -одделенски раководител
- Лидија Бехлимова -одделенски раководител
- -Учениците од трето одделение од ООУ-,,Никола Карев“-Радовиш и ПУ во с.Тополница, с.Бучим и с.Прналија;

Времетраење

Оваа екскурзија е со еднодневен карактер која ќе се реализира во месец мај или јуни.

Локации за посета

-Демир Капија, винаријата „Попова кула“, тунелот на автопатот кај Демир Капија, Демиркаписка клисура
-Гевгелија - железничка пруга, општински музеј
- Дојран - брегот на Дојранско Езеро
-Струмица- градски плоштад

Правци на патување се:
Радовиш-Криволак-Демир Капија-Гевгелија – Дојран –Струмица-Радовиш

Техничка организација

Директорот на училиштето ;одделенските наставници; советот на родители-сите се одговорни за изборот на најповолен понудувач – превозник, кој ке се грижи за транспортот на учениците на определените локации и назад.

Начин на финансирање

Финансирањето ќе биде од страна на родителите на учениците со претходна согласноснот и изјаснување од советот на родителите .

Забелешка:Учениците кои не одат на екскурзија ке следат настава.

13.1.2 Програма за реализација на дводневна рекреативна, природно – научна екскурзија за учениците од VI (шесто) одделение

Екскурзијата ќе биде од наставно – научен и рекреативен карактер (посета на градови, културно-историски знаменитости и други природни убавини) со цел учениците подобро да ја запознаат татковината.
Активот на VI одд. при ООУ ,,Никола Карев” согласно Основите за планирање на содржините и организацијата на воспитно-образовната дејност на основните училишта издадена од МОН и БРО на Р. Македонија, Годишната програма за работата на училиштето и Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта 10-4061/1 од 01.11.2010 год. планира да реализира дводневна екскурзија на крајот од мај или почетокот на јуни во учебната 2026/2027 година.

Воспитно – образовна цел

Совладување, проширување на знаења на учениците, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина, културно-историските знаменитости во согласност со воспитно – образовната работа на училиштето.

Задачи

•изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
•развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
•запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
•градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
•развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;
•поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
•социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;

Содржина

На оваа екскурзија се планира да бидат посетени следниве места: природно – географски карактеристики и културно-историски знаменитости на северо-источниот дел од Р. Македонија, Кумановскиот регион и Скопската котлина вклучувајќи го главниот град Скопје. Редоследно набројани поединечно се: Лесновски манастир, Кратово, манастирот Св. Јоаким Осоговски, Крива Паланка, градот Куманово, Скопје и културно-историските знаменитости на градот: (посета) Скопската тврдина - Кале, црквата Св. Спас – гробот на Гоце Делчев, Музејот на Македонија, Мустафа-Паша џамијата, Македонски народен театар, центарот на Скопје – надворешно набљудување на: Музеј на холокаустот, Музеј на македонската борба за државност и самостојност, Археолошки музеј, Плоштад Мајка Тереза, Опера и Балет, (пауза во ТЦ ВЕРО), мостот на уметноста, мостот на цивилизациите, Камен мост, Александар Велики - плоштад Македонија, (посета) Спомен куќа на Мајка Тереза, Планетариумот и Меѓународен аеродром Скопје.

Учениците ќе се запознаат со културата, начинот и традицијата на живеење на луѓето од одделни краеви на нашата татковина и ќе се развие позитивен однос кон националните, етнолошките, културните и естетските вредности како и еколошкиот биодиверзитет на околината што се разгледува и посетува. Истотака, ќе се зголеми социјализацијата меѓу учениците и градењето доверба помеѓу нив.

Раководител, наставници, ученици

Наставници кои учествуваат се Билјана А.Стојменова, Босилка Здравкова, Катица Андонова и Наташа Динев. Ученици кои учествуваат на екскурзијата се учениците од VI одделение при ООУ „Никола Карев” – Радовиш.

Траење на екскурзијата

Времетраење на екскурзијата е од 2 дена со 1 ноќевање и тоа на крајот од месец мај или почетокот на јуни.

Сместување и оброци:

Сместувањето на учениците и наставниците да биде во двокреветна, трокреветна и четирикреветна соба со купатило. Со задолжително оранизирање на оброци (во Крива Паланка, Куманово и во Скопје).

Локации за посета и правци на патување:

ПРВ ДЕН:

Тргнувањето од Радовиш е во утринските часови околу 7:00 часот. На првиот ден од оваа екскурзија се планира да се посети духовното светилиште во близина на Пробиштип – комплексот Лесновки манастир, каде се наоѓат црквата „Св. Гаврил Лесновски“. Потоа се упатуваме кон етногратчето Кратово и негово разгледување со целна посета на Радин Мост и останатите знаменитости. Оттаму се оди на манастирот Св. Јоаким Осговски во близина на Крива Паланка и запознавање на неговото духовно и културно значење за македонскиот народ од тој крај, притоа во манастиркиот комплекс или во градот ќе биде организиран ручек. После што се тргнува кон Куманово каде следува посета на градот и сместување во хотел со организирана вечера, ноќевање и појадок и евентуално можна забава.

ВТОР ДЕН:

Вториот ден по појадокот се упатуваме кон градот Скопје и посета на Скопската тврдина - Кале, посета на црквата Св. Спас во која се наоѓа гробот на Гоце Делчев - еден од најголемите македонски револуционери и борци за македонска независност и самобитност, посета на музејот Македонија каде учениците ќе ги видат најважните Археолошки, Етнолошки, Историски и Уметнички поставки на нашиот народ и државата, посета на Мустафа-Пашината џамија (изградена во 1492 г), и оттаму со превозните средства екскурзијантите се носат до Македонскиот Народен Театар – МНТ и посета на истиот, после што учениците ќе имат слободна прошетка заедно со наставниците по центарот на Скопје и кејот на р.Вардар со попатни разгледувања и набљудувања по следниот редослед: Музеј на холокаустот, Музеј на македонската борба за државност и самостојност, Археолошки музеј, Плоштад Мајка Тереза, Опера и Балет, се од левата страна на кејот па ќе се организира ручек пауза, потоа следува слободна прошетка во ТЦ ВЕРО и се продолжува по десната страна на кејот - Мостот на уметноста, Мостот на цивилизациите, Камен мост, Александар Велики - плоштад Македонија, (посета) Спомен куќа на Мајка Тереза, и Планетариумот. На крајот учениците и наставниците се превземаат со превозните средства и го напуштат градот Скопје и се упатуваат кон Меѓународниот Аеродром Скопје, каде ќе имат можност да го разгледат истиот и да се запознаат со начинот на неговото функционирање и постапките и процедурите при негово користење. Потоа се тргнува назад кон Радовиш.

Техничка организација

Превозот планираме да е организиран со автобуси, минибуси или комбиња, со тоа што секое дете ќе има свое место и ќе се чувствува удобно за што ќе биде задолжен понудувачот (превозникот) што ги исполнува сите критериуми од член 19 став 2 од правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии.

Начин на финансирање

Начинот на финансирање за екскурзијата е самофинансирање од родителите на учениците.

За учениците кои, од било какви причини, нема да учествуваат во екскурзијата, училиштето ќе организира настава.

13.1.3 План за изведување на тридневна рекреативна, природно – научна екскурзија за учениците од IX (деветто) одделение

Екскурзијата ќе биде од наставно – научен и рекреативен карактер (посета на градови, културно-историски знаменитости и други природни убавини) со цел учениците подобро да ја запознаат татковината.

Активот на IX одд. при ООУ ,,Никола Карев" согласно Основите за планирање на содржините и организацијата на воспитно-образовната дејност на основните училишта издадена од МОН и БРО на Р. Македонија, Годишната програма за работата на училиштето и Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта 10-4061/1 од 01.11.2010 год. планира да реализира тридневна екскурзија во месец мај во учебната 2025/2026 година.

Воспитно – образовна цел

Совладување, проширување на знаења на учениците, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина, културно-историските знаменитости во согласност со воспитно – образовната работа на училиштето.

Задачи

- изучување и истражување на објекти и појави во природата како и односите во општествениот живот;
- развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;

- развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
- социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;

Содржина

На оваа екскурзија се планира да бидат посетени следниве места: природно – географски карактеристики на западниот дел од Р. Македонија и културно-историски знаменитости Полошкиот регион, Дебарско-реканскиот крај, езерскиот регион и етно-градот Крушево. Редоследно набројани поединечно се: **Кањон Матка,** комплексот **Лешочки манастир**, **манастирот Св. Јован Бигорски**, **манастирот Св. Ѓорги победоносец во Рајчица, Дебар**, **Вевчански извори, Самуиловата тврдина, манастирскиот комплекс на Плаошник, манастирот Св. Јован Канео, Антички театар, црквата Св. Софија, центарот на Охрид, старата чаршија и пристаништето, Заливот на Коските, манастирот Св. Наум и Билјанини извори, Античкиот град Хераклеа во Битола, манастирот Св. Преображение, спомен – музејот на Тоше Проевски, споменикот МАКЕДОНИУМ – симбол на Македонската револуционерна борба.**

Учениците ќе се запознаат со културата, начинот и традицијата на живеење на луѓето од одделни краеви на нашата татковина и ќе се развие позитивен однос кон националните, етнолошките, културните и естетските вредности како и еколошкиот биодиверзитет на околината што се разгледува и посетува. Исто така, ќе се зголеми социјализацијата меѓу учениците и градењето доверба помеѓу нив.

Раководител, наставници, ученици

Наставници: Драгана Велкова, Цветанка Кршкова и Славица Манчева. Ученици кои учествуваат на екскурзијата се учениците од IX одд. при ООУ „Никола Карев” – Радовиш.

Траење на екскурзијата

Времетраење на екскурзијата е од 3 дена со 2 ноќевања и тоа во текот на месец мај.

Сместување и оброци:

Сместувањето на учениците и наставниците да биде (флексибилно) во двокреветна, трокреветна и четирикреветна соба со купатило. Со задолжително оранизирање на оброци (во Охрид и во Битола).

Локации за посета и правци на патување:

ПРВ ДЕН:

Тргнувањето од Радовиш е во утринските часови околу 7:00 часот. На првиот ден од оваа екскурзија се планира да се посети излетничкото место во близина на Скопје – **Кањон Матка**, а потоа да бидат посетени места од Полошкиот регион во / и околината на градот Тетово, комплексот **Лешочки манастир** во кои се наоѓаат црквите „Св. Атанасиј“ и „Св. Богородица“, како и гробот и спомен собата на Кирил Пејчиновиќ кој е еден од најпознатите македонски преродбеници од XIX век. Потоа се упатуваме кон Кањонот на Радика**,** и целна посета на **манастирот Св. Јован Бигорски**, после што се посетува и **манастирот Св. Ѓорги победоносец во Рајчица, Дебар**. Потоа екскурзијата продолжува по областа Дримкол, по течението на р.Црн Дрим се до с. Вевчани и посета на **Вевчански извори.** Во приквечерината се упатуваме кон хотелот во Охрид или Струга на сместување и вечера**.**

ВТОР ДЕН:

Вториот ден по појадокот се упатуваме во градот Охрид и посета на **Самуиловата тврдина, манастирскиот комплекс на Плаошник** (гробот на Св. Климент и првиот словенски универзитет – Охридска школа), **манастирот Св. Јован Канео, Антички театар (може и прв во редоследот),** и на крај **црквата Св. Софија,** после што учениците ќе имат слободна прошетка по **центарот на Охрид, старата чаршија и пристаништето.** После ручекот учениците и наставниците се упатуваат во посета на комплексот **Билјанини извори, Заливот на Коските и Манастирот Св. Наум.** Следува враќање во хотелот и свечена вечера.

ТРЕТ ДЕН:

Третиот ден по појадокот и испишување од хотелот екскурзијата продолжува кон Битола каде ќе го посетиме античкиот град Хераклеа и слободна прошетка по Широк сокак. После ручекот во Битола се упатуваме во Крушево, каде целни посети ќе бидат прво **манастирот Св. Преображение,** а потоа и **спомен – музејот на Тоше Проевски** како и **споменикот МАКЕДОНИУМ – симбол на Македонската револуционерна борба.** После посетата на Крушево, се упатуваме кон Радовиш.

Техничка организација

Превозот планираме да е организиран со автобуси, минибуси или комбиња, со тоа што секое дете ќе има свое место за седење и ќе се чувствува удобно за што ќе биде задолжен понудувачот (превозникот) што ги исполнува сите критериуми од член 19 став 2 од правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии.

Начин на финансирање

Начинот на финансирање за екскурзијата е самофинансирање од родителите на учениците.

14.Натпревари за учениците

Училишни, општински, регионални, државни и меѓународни натпревари кои ќе се реализираат во учебната 2026/2027 година:

- Физичко и здравствено образование (кошарка, фудбал, ракомет, одбојка, атлетика, борење), општински, зонски, регионални, републички;
- Географија
- Математика
- Физика
- Кенгур – меѓународен натпревар
- Информатика
- Македонски јазик
- Англиски јазик
- Германски јазик
- Ликовно образование
- Екологија
- Историја
- Регионални смотри – Хор и оркестар
- Противпожарна заштита
- Хемија
- Биологија
- Природни науки
- Сообраќај ,,Детски семафор“

15.Проекти во основното училиште

Завршија проектите МИМО И ЈМСО, со реализација на овие два проекти во целост се исполнети програмските цели и активности што произлегуваа од самата имплементација на проектите во соработка со Бирото за развој на образованието, Детската фондација Петалоци и МЦГО. Во периодот што следува ќе продолжат активностите од Интеркултурно образование и Меѓуетничка интеграција во редовната наставна програма.

16.Подршка на учениците

16.1 Постигања на учениците

Табела 1: Успех на учениците во ЦОУ каде наставата се изведува на македонски наставен јазик на крај од II полугодие

Уч. Година	Одделение								Просечен среден успех
	IV	V	VI	VII	VII осм.	VIII	VIII осм.	IX	
2023/2024	4,44	4,38	4,24	4,00	/	4,20	/	4,24	4,25
2024/2025	3,97	4,39	3,73	4,19	/	3,90	/	4,20	4,06
2025/2026	4,50	4,11	4.20	4,02	/	4,03	/	4,03	4,14

Табела 2: Успех на учениците во ПУ с. Бучим; Прналија и Тополница каде наставата се изведува на турски наставен јазик на крај од II полугодие

Учебна година	Одделение		Просечен среден успех	Просечен среден успех во ЦОУ и 3 ПУ турски Наставен јазик
	IV	V		
2023/2024	4,16	4,94	4,55	4,33
2024/2025	4,29	4,15	4,22	4,10
2025/2026	4,04	4,42	4,23	4,16

Табела 3: Успех на учениците во ОМО каде наставата се изведува на македонски наставен јазик на крај од II полугодие

Учебна година	Просечен среден успех во ОМО
2023/2024	4,90
2024/2025	4,86
2025/2026	4,80

Од I-III одд. учениците се описно оценети. Од табела 1 може да се утврди дека просечниот среден успех на учениците од IV - IX одд. каде наставата се изведува на македонски наставен јазик (на крај од II полугодие), варира од година во година. Од табела 2 може да се утврди дека просечниот среден успех на ниво

на училиште (ЦОУ + ЗПУ) последните три учебни години исто така варира. Оваа учебна година имаме благ пораст на просечниот среден успех на ниво на училиште за незначителни 0,06 во споредба со минатата учебна година. Меѓу другото, од табела 2 може да се утврди дека просечниот среден успех во ЗПУ каде наставата се изведува на турски наставен јазик, од година во година варира. Оваа учебна година просечниот среден успех во подрачните училишта каде наставата се изведува на турски наставен јазик е речиси идентичен со минатата учебна година. Од табела 3 може да се утврди дека просечниот среден успех на учениците во ОМО кое работи во склоп на ООУ „Никола Карев“ – Радовиш, последните три учебни години е во благо опаѓање, односно оваа учебна година забележуваме незначително опаѓање на просечниот среден успех за 0,06 во споредба со минатата учебна година. Генерално земено, постигнатиот просечен среден успех на учениците на ниво на училиште во последните три учебни години задоволува.

Стручната служба (психолог, дефектолог и педагог), како и секоја година пружат и ќе продолжат да пружат поддршка на учениците и наставниците со цел подобрување на успехот, редовноста и поведението на учениците. Конкретно психологот, во текот на целата учебна година организира и реализира „Советување родители на учениците во основните училишта“ по три основи: намален успех, нередовно посетување настава и несоодветно однесување на учениците. Меѓу другото, оваа учебна година како и претходните години, психологот ќе продолжи со реализирање на Советување ученици во основното училиште (индивидуално и/или групно) согласно Програмата за советување ученици во основните училишта. Наставниците како и секоја година, и оваа учебна година согласно програмата и распоредот за дополнителна и додатна настава ќе продолжат редовно да реализираат часови за учениците со слаб успех и учениците кои посебно се истакнуваат по одредени области. Целта е надминување на недостатоците и пропустите во учењето на слабите ученици, како и усовршување и подготвување за натпревари на учениците кои посебно се истакнуваат по одредени предмети.

Во училиштето не изостанува и медиумското промовирање и афирмација на учениците добитници на I, II или III награда на регионални, државни натпревари, олимпијади како и доделувањето на: признанија на учениците кои се истакнаа со своите знаења, таленти и достигнувања во различни области; прогласување првенец на генерација; спортист на генерација; доделување пофалници на ученици кои имале континуирано одличен успех сите девет години во основното образование, како поттик и мотивација на овие ученици за нови успеси во иднина, но, и како модели за идентификација и пример за останатите ученици. Со овие активности ќе продолжиме и оваа учебна година.

Следењето на постигнувањата на учениците ќе се врши по циклуси (како и секоја учебна година), тримесечје, полугодие и крај на учебната година по паралелки и одделенија. Меѓутоа, нема да изостане и оваа учебна година

секојдневното бележење и проверување на знаењата на учениците од страна на наставниците преку: чек листи, проектни задачи, работни листови за ученици / наставници, критериуми за оценување; како и најразлични наставни техники и методи согласно формативното оценување. За постигнувањата на учениците, родителите ќе се запознаат на редовните и отворени родителски средби, каде ќе имаат можност да разговараат освен со одд. раководител и со било кој друг предметен наставник.

Психологот како и секоја година, и оваа учебна година има планирано конкретни активности за професионалната ориентација на учениците од IX одд., и истите се детално образложени во прилог Програмата за професионална ориентација на учениците.

Превентивни програми (насилство, болести на зависност, асоцијално однесување, соработка со установи за безбедност и социјална грижа)

Како и секоја година и оваа учебна година психологот изготви превентивна програма „Планирање на активности во рамките на програмата на училишниот психолог за работа со ранливи групи ученици (ученици со емоционални проблеми и ученици кои насилно се однесуваат или се жртви на насилство)“, и истата е детално образложена во Прилог Програмата за превенција од насилно однесување во основните училиштата. Постапките за идентификување и работа со ранливите групи ученици и учениците со потешкотии во учењето се детално образложени и во Годишната програма за работа на училишниот психолог за учебната 2026/2027г. Во текот на оваа учебна година психологот во својата програма за работа има планирано повеќе едукативни работилници и предавања со ученици, родители и наставници на следниве теми:

1. „Пријателство, начин на комуникација и социјална изолација“;

2. „Феноменот булинг – причини, последици и начини на справување со истиот“;

3. „Малолетничка деликвенција – превенција, причини и последици“;

4. „Бонтон правила што редовно ги кршиме“;

5. „Стилови на родителство и нивните ефекти врз децата, како и давање препорака за поуспешна комуникација меѓу родителот и детето (предавање за родители)“;

6. „8-те Особини на културниот човек“;

7. „Болести на зависност (алкохолизам, наркоманија и пушење)“;

8. „Сексуално преносливи болести и односи“;

9. „Сексуално преносливи болести и инфекции“ (презентација за учениците од IX одделение);

10. „Сексуално вознемирување и заштита од сексуална злоупотреба“;

11. „СТОП за насилничкото однесување и семејното насилство – извор на разновидни криминогени облици“, во реализација на стручни лица од МВР.

Целта од реализацијата на овие работилници, предавања и презентации е подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците, а по потреба психологот во текот на учебната година ќе соработува и вклучува, и други надлежни институции и експерти од определени области, во и надвор од училиштето.

Превентивни содржини планираат и одделенските раководители кои во рамките на часовите по одделенска заедница ќе реализираат превентивни работилници од: „Програмата за образование за животни вештини“, Анекс програма „Вештини за адолесценција за VIII одд.“ и Акционен план за „Унапредување на менталното здравје на учениците од I до IX одд.“ самостојно и/или

- **Позитивна социо - емоционална клима**

За учениците кои манифестираат неприлагодено однесување (бегање од часови, деликвенција, пушење, насилничко, асоцијално, антисоцијално, неморално или неетичко однесување, голем број на изостаноци, емоционални проблеми и сл.), училишниот психолог ќе реализира: индивидуални разговори со ученици, наставници и родители; инструктивно-советодавна работа со ранливите групи ученици преку примена на соодветни инструменти и методи на формативно оценување; предавања и работилници со ученици, родители и наставници за заедничко развивање на училишната политика, процедури и протоколи за превенција и конструктивно справување со неприлагоденото однесување; одржување едукативни работилници со учениците за подобрување на вербалната комуникација, социо - емоционалната состојба, меѓусебната доверба, меѓусебното почитување и толеранција во соработка со наставниците и одделенските раководители и сл. Овие и многу други активности се детално образложени во прилог „Планирање на активности во рамките на програмата на училишниот психолог за работа со ранливи групи ученици (ученици со емоционални проблеми и ученици кои насилно се однесуваат или се жртви на насилство)“.

Во текот на учебната година ќе се планираат и интерни обуки во соработка со БРО, НВО, Центарот за социјална работа, МВР, како и други високообразовни институции за поддршка на наставниците во планирањето и реализацијата на одредени содржини, како и финансиски план за реализирање.

Еколошките акции и кампањи кои ќе се организираат како дел од еколошката програма, ќе бидат образложени во акционите планови, со цел да се

промовираат еколошките активности во поширокаата заедница, со што ќе се подигне свеста да се вклучат поголем број на ученици, вработени, родители, медиуми и сл.

Психолог
Сузана Ѓоргиева

16.2 Професионална ориентација на учениците

Содрж. целина	Подрачје на работа	Соработници	Време на реализација
1.	- Организирање и имплементација на работилница на тема: „Професионална ориентација и селекција – Што сакам / Што треба да бидам“. Цели: - учениците да научат која посебна гранка од психологијата се занимава со професионалната ориентација и селекција; - да умеат да прават разлика помеѓу професионална ориентација и селекција и да го сфатат нивното значење; - да сфатат дека интересите кои во моментот ги имаат не се стабилни, туку се променливи и тоа особено во периодот на младоста; - да сфатат дека ќе бидат успешни во нивната професија само доколку навистина се трудат, учат и ја посакуваат длабоко во себе, во спротивно занимавањето и учењето на таа активност или професија ќе биде главно неуспешно; - да научат од кого можат да добијат информација за средното (стручно) училиште за кое се заинтересирани; - да сфатат што се подразбира под поимот способност, какви поделби има според степенот на развиеност на способноста и кое е нивното значење; - да дадат свои предлози за оние средни училишта за кои тие најмногу се заинтересирани, за да ги планираме	самостојно одделенски раководители на IX одд. ученици од IX одд.	април

	да извршат презентација во периодот од април до 10 јуни.		
2.	Професионална ориентација на учениците од IX одд. - советодавна работа и разговори со учениците од IX одд. за нивните професионални желби, интереси, способности и вештини кои ги поседуваат заради правилен избор на средно стручно училиште; - запознавање со поволностите и опасностите од правилно / погрешно избрано образование за идна професија; - соработка и разговор со наставниците и родителите за професионалните желби и интереси на учениците од IX одд.; - утврдување на поврзаноста меѓу успехот на одделни предмети и професионалните желби и интереси на учениците од IX одд.; - учениците да ја согледаат поврзаноста меѓу успехот на одделни предмети и нивните професионални желби и интереси; - преку реализираната работилница, согледување на намерите и интересите на учениците преку разговор, со цел организирање презентација на оние средни училишта за кои тие пројавиле најголем интерес; - организирање презентација во нашето училиште на оние средни училишта за кои учениците пројавиле најголем интерес; - преку презентацијата на средните училишта, учениците да се запознаат со нивната визија, способностите, вештините, успехот, телесните карактеристики што треба да ги	самостојно наставници ученици од IX одд. надворешни лица самостојно	април мај јуни април

2.	поседуваат за да се запишат во соодветното средно стручно училиште, можностите за вработување по завршувањето на училиштето, и разновидните можности за продолжување на образованието; - примена на Прашалниците за самопроцена на професионалните интереси и способности на учениците и нивна анализа; - давање соодветна повратна информација од анализираните Прашалници за професионална ориентација на учениците од IX одд., и помагање во изборот на нивното идно занимање т.е. средно стручно образование. - Други активности со учениците од I и IX одд. поврзани со професионалната ориентација: - учениците уште во I одд. да се запознаат со вработените во училиштето, нивните простории, професии и работни задачи (предвидено во наставната програма по општество во соработка со одделенските наставници од I одделение); - планирање и реализирање заеднички активности со наставникот по граѓанско образование на тема „Професионален и кариерен развој“ со учениците од IX одд. (предвидено во наставната програма по граѓанско образование).	наставници ученици од IX одд. надворешни лица психолог наставници ученици од I и IX одд.	мај јуни октомври

17.Оценување

17.1 Видови оценување и календар на оценувањето

Една од најважните компоненти во наставниот процес претставува оценувањето. Се користи за следење и подобрување на процесот на учење кај учениците и се изведува континуирано од првиот па се до третиот образовен период.

Учениците од првиот период (од прво до трето одделение) се оценуваат описно, во текот на целата учебна година. Учениците од вториот образовен период (од четврто до шесто одделение) се оценуваат описно во првото тримесечје, првото полугодие и третото тримесечје, додека на крајот од учебната година учениците добиваат бројчани оценки. Во третиот период во двете тримесечја и на крајот на првото и второто полугодие учениците добиваат бројчани оценки.

При оценувањето се користат стандардите и критериумите изготвени од БРО, во координација со стекнатите знаења од обуките во рамките на Проектот за основно образование – компонента за Унапредување на оценувањето на учениците.

Оценување за сите ученици ќе се извршува низ неколку форми на оценување при што се внимава на Етичкиот кодекс:

1. **Дијагностичко**

Ова оценување ќе се применува почесто на почетокот на учебната година за да се проверат предзнаењата на учениците односно повратните информации за квалитативно и квантитативно учење. Дијагнистичкото учење се прави посредно преку родителите, училишниот педагог, психолог, директорот, преку други наставници и сл. Непосредните информации ќе се добиваат преку набљудување на работата на учениците, однесувањето, проверката на предзнаењата и изработката што се добива од секој ученик.

2. **Формативно**

Формативното оценување ќе помогне при планирањето односно за пронаоѓање на докази со цел да се утврди нивото на учење. Со формативното оценување ќе се овозможи на наставниците постојано да го проверуваат знаењето на учениците, при тоа се дава можност за некое додавање или изменување што претставува продукт за давање на коментар во усна или писмена форма. Оценувањето ќе се води во текот на целата година со цел да се подобри учењето и поучувањето.

3. **Сумативно**

Последната постапка на оценување ќе се прави преку сумативно оценување. Сумативното оценување е оценување на наученото и се изведува на тримесечјата, полугодието и на крајот на учебната година. Сумативното оценување е секогаш најавено. За конкретните термини за писмено оценување во текот на учебната година, ќе се изготви план во кој што воедно и ќе се запазат законските ограничувања (дневно по едно, а седмично по две писмени работи).

За постигањата на учениците по паралелки и одделенија ќе се изготвуваат извештаи по циклуси тримесечје, полугодие и крај на учебната година по паралелки и одделенија, а родителите ќе се запознаваат на групни и индивидуални родителски средби и ќе се направи распоред со термини кога родителот може да разговара со одреден наставник.

Во училиштето е формиран тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето кој е составен од директор, психолог, педагог и одделенски раководители. Тимот има задача да го следи, анализира и унапредува оценувањето на учениците. Анализа за постигањата на учениците за секој квалификациски период од учебната година на ниво на паралелки врши секој одделенски раководител, а на ниво на училиште врши училишниот педагог.

17.2 Тим за следење, анализа и подршка

Во училиштето ќе се организира систематско следење, вреднување и унапредување на воспитно-образовната работа. Следењето, унапредувањето и вреднувањето на воспитно-образовната работа опфаќа:

1. Следење на планирањето, програмирањето и подготовката на целокупната воспитно-образовна работа во училиштето.
2. Планирање и подготовка на наставниците за изведување на настава.
3. Водење на педагошки картон за наставниците.
4. Планирање, програмирање и реализација на активностите на педагошко-психолошката служба во училиштето.
5. Следење, проверување и вреднување на успехот што го постигнуваат учениците и наставниците во наставата и воннаставните активности.
6. Успехот на учениците ќе се следи континуирано од страна на сите релевантни субјекти и ќе се настојува да се постигне што пообјективно оценување.
7. Постојано стручно усовршување на директорот, психологот, педагогот и библиотекарот.

8. Воспитно-образовниот кадар постојано стручно ќе се усовршува низ различни форми:

- преку обработка на теми на Наставнички совети и Стручни активи,

- преку учество на семинари и советувања организирани од страна на БРО;

- стручно усовршување,

- преку следење на стручна литература,

- преку учество во работата на стручни активи

9. Водење на педагошка евиденција и документација во рамките на сите подрачја што ја сочинуваат дејноста на училиштето.

17.3 Самоевалуација на училиштето

Согласно со Законот на основно образование, на секои две години училиштето врши самоевалуација на целокупната работа во текот на две учебни години.

Самоевалуацијата се спроведува преку повеќе фази и со максимално учество на вработените во училиштето се со цел унапредување и обезбедување квалитет во работата на училиштето.

За спроведување на самоевалуацијата се собираат информации и податоци за училиштето потребни за самоевалуација во однос на:

- Поефикасно и поквалитетно учење со цел постигање подобри резултати;
- Вклучување во воспитно-образовниот процес на училиштето на сите субјекти (директор, наставници, ученици, родители,, локална заедница);
- Надминување на слабите страни од спроведената самоевалуација.

Сето тоа се реализира преку користење на најразлични инструменти:

- Анкети, прашалници, разговори (индивидуални, групни);
- Записници од одржан наставнички совет, одделенски совет, стручен актив, родителска средба;
- Извештаи од посетувани семинари, обуки, екскурзии;
- Анализа на педагошка евиденција.

18.Безбедност во училиштето

Програма за лична и колективна заштита и безбедност, превенција и заштита од приридни и други несреќи-пожари, поплавии слични закани и ризици, план за евакуација со предвидени вежби на ниво на училиште, курсеви за прва помош и заштита итн.

19.Грижа за здравјето

Училиштето има обврска да води грижа за здравјето на учениците и да реализира содржини преку кои се остваруваат соодветни конкретни цели во училиштето поврзани со важноста на здравјето во целина.

Со реализирање на програмата на училиштето за грижа за здравјето на учениците, за здравствената заштита и здравствено воспитување ќе се допринесе во изградувањето на здрава личност (ментално, физички и социјално), способна да се грижи за своето здравје, здравјето на своето семејство и здравјето на поблиската околина.

Планираните програмски активности за грижа на училиштето за здравјето на учениците, ќе се реализираат континуирано според возраста на учениците, времето на реализација и реализаторите, со цел да се постигнат очекуваните резултати.

Планирани активности за заштита на здравјето

1. Во месец **ноември** ќе се врши осигурување на учениците преку осигурителна компанија. Во случај на повреда тие ќе добијат паричен надомест.

2. Во ООУ. „Никола Карев„ - Радовиш храната што се консумира е од околните продавници или пак учениците носат храна подготвена од дома. ХЕС службата при здравствениот дом Радовиш врши проверка на квалитетот на храната што се дистрибуира во околните продавници. За време на големиот одмор учениците се во холот на училиштето или во училишниот двор под надзор на дежурните наставници. Забрането е јадење во кабинетите заради подобри хигенски услови.

3. **Систематските прегледи** ќе се реализираат според планот на Здравен дом-Радовиш. Опфатени се сите ученици од прво, трето, петто и седмо одделение. Ќе се истакне распоред за систематски прегледи по одделенија. Учениците во придружба на одделенскиот наставник ќе одат на систематски преглед пред или по наставата. Наставата непречено ќе се одржува. Во учебната 2026/2027г. со систематски прегледи ќе бидат опфатени:

-активот на I одделение
-активот на III одделение
-активот на V одделение

-активот на VII одделение

4. **Вакцинациите и ревакцинациите** ќе се одвиваат според претходно добиени покани за вакцинација од Здравен дом-Радовиш. Поканите ќе бидат изготвени според календарот за имунизација. Учениците во придружба со своите родители ќе одат во Здравниот дом - Радовиш. Училиштето нема обврски поврзани со имунизацијата на учениците.

5. Во текот на целата учебна година, стручни медицински лица ќе одржуваат предавања на кои ќе ги запознаваат учениците со **болестите на зависност**, како да се препознаат и избегнат.

6. Во училиштето постои тим на обучени наставници за пружање на **прва помош** на учениците во случај на повреда. Потоа по потреба повредениот ученик со возило ќе се транспортира во Здравниот дом каде ќе добива соодветна лекарска помош.

7. Во соработка со Министерството за здравство се следат појавите на **епидемии** и заразни болести и со помош на ХЕС службата се преземаат соодветни мерки за заштита на здравјето на учениците (засилена хигиена, обезбедени средства за дезинфекција, писмена евиденција за дневна динамика за чистење на санитарните јазли, средства за одржување на лична хигиена на учениците, поставување на табли со препорака за задолжително миење на рацете, носење на заштитни маски, заштитни ракавици, одржување на физичка дистанца). Училиштето се грижи за континуирано ***одржување на хигиената*** во училиштето и училишниот двор со користење на соодветни средства за хигиена и со тоа придонесува за зачувување на здравјето на учениците.

8. Во текот на учебната година според планот на Здравен дом-Радовиш ќе се организира **посета на стоматолог** за учениците од прво до петто одделение каде ќе се вршат прегледи и ќе се евидентираат како пациенти преку отварање на стоматолошки картони со цел да се обезбеди заштита и следење на оралното здравје.

9. Во текот на учебната година стручните соработници од училиштето ќе организираат низа предавања за учениците од петто до деветто одделение за запознавање со **пубертетските промени** и како побезболно тие да се прифатат и разберат.

10. **Хигиената** во ООУ „Никола Карев“-Радовиш редовно тековно се одржува од страна на хигеничарската служба. Исто така сите наставници и ученици допринесуваат за почиста училишна зграда и почист училишен двор. Отпадоците се фрлаат во канти за отпадоци, а во секоја училница како и во училишниот хол има посебно означени канти/кутии за хартија и пластика чија содржина се рециклира. Во рамките на редовните наставни програми се застапени еколошки содржини преку кои се подига еколошката свест кај учениците. Редовно се одржуваат акции за чистење на училишната зграда и училишниот двор.

11. Во пролет и во есен ќе се организираат еднодневни **излети,** а за учениците од трето, шесто и деветто одделение ќе се организираат и **екскурзии** според однапред направен план.

12. Преку предметот **ФЗО**, спортските секции и клубови учениците го унапредуваат своето здравје и постигнуваат нормален психофизички развој.

13. Во рамките на **Едукација за здрава исхрана** во текот на целата година ќе се одржуваат предавања за здрава исхрана од страна на стручни лица. Исто така наставниците во своите наставни содржини вметнуваат теми за здрава исхрана според еко-стандардот за здрава исхрана. Се организираат манифестации како „Училишен хепенинг„ на кој учениците продаваат приготвена храна.
Преку овие активности се врши и промоција на училиштето, на учениците и на наставниците.

14. Ќе се организираат и ќе се одржуваат **самостојни активности** од страна на сите наставници и стручните служби со цел заштита и унапредување на здравјето на учениците. Тие активности се во дел преку наставната програма за животни вештини а дел во воннаставните и слободни ученички активности. Како пример активности за унапредување на здравјето преку проектот Еко-училиште, како и голем број на манифестации поврзани со здравјето и здравата храна.

Планирана програмска активност	**Време на реализација**	**Реализатор**	**Реализирано за...**	**Очекувани ефекти и цели**
1.Осигурување на учениците	Ноември	Училиште	1 - 9 одделение	Надомест при евентуални повреди
2.Исхрана на учениците и контрола на исхраната	Во текот на целата учебна година	Одд. раководит., дежурни наставници	1 - 9 одделение	Квалитетна и здрава храна
3.Систематски прегледи	Според планот на Здравен дом	Здравствена установа	1-3-5-7 одделение	Мерки за заштита, превенција и навремено откривање на евентуални болести и аномалии
4.Медицински-лекарски интервенции, вакцинации и	Според планот на Здравен дом	Здравствена установа	1 - 9 одделение	Заштита и превенција од

ревакцинации				болести
5.Организирани предавања	Тековно	Стручно лице	5 - 9 одделение	Мерки за заштита и превенција од болести на зависност
6.Прва помош	Тековно	Наставници	5 - 9 одделение	Пружење помош при евентуални повреди
7.Против епидемиолошки мерки	По потреба	Сите установи, ХЕС службата	1 - 9 одделение	Заштита од епидемии
8.Стоматолошки преглед	Во текот на учебната година	Здравен дом	1-5 одделение	Заштита и превенција на забите
9.Пубертетски промени	Април	Стручни соработници	5 - 9 одделение	Помош на учениците во пубертет
10.Одржување на хигиена во училиштето	Преку цела година	Сите вработени	1 - 9 одделение	Подобрување на хигиената во училиштето
11.Организирано летување,зимување и излети на учениците	Преку цела учебна година	Наставници	1 - 9 одделение	Меѓусебно дружење и рекреација
12.Спорт и физичко образование	Преку цела учебна година	Педијатар од Здравен дом и наставници по ФЗО	1 - 9 одделение	Постигнување на нормален здравствен развој
13. Едукација за здрава исхрана	Преку цела учебна година	Стручни лица, наставници, родители	1 - 9 одделение	Подигнување на свеста за здрава исхрана
14.Самостојни активности во училиштето	Тековно	Наставници	1 - 9 одделение	Зачувување на здравјето на учениците

20.Училишна клима

Училиштето како мултинационален образовен субјект води политика за заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Постои заемна соработка меѓу вработените. Раководниот, односно менаџерскиот тим игра клучна улога во одржувањето на поттикнувачка атмосфера во работата, што се гледа во постојаното учество на вработените во проекти, семинари, како и постигнатите резултати. Нашето училиште како работна организација постојано води грижа за успешноста на своите ученици и наставен кадар за постигнување на врвни резултати во сите натпреварувања кои се одржуваат, како во наставните како и воннаставните активности со цел за поголеми достигнувања на нашите ученици во сите видови натпреварувања. Меѓу активите и вработените постои ведра и позитивна клима, секојдневна комуникација, разбирање, соработка и соживот.

20.1 Дисциплина

Се утврдува програма и се определува план за подобрување на училишната дисциплина (на учениците, вработените) се определуваат одговорни наставници-распоред на дежурни наставници се определува контрола во училиштето (во ходници, училници, санитарни јазли и други простории), но задолжително и во училишниот двор од отворање до затворање на училиштето во текот на денот. Посебно се води политика за успешните ученици и наставници во нашето училиште каде со посебен чин на крајот од учебната година се наградуваат посебно истакнатите ученици и наставници, кое претставува голема мотивација за успешноста во работата на нашето училиште.

Формирана е училишна комисија за пофалби и награди со поголем број на членови со различен состав на полот и возраста, а со тоа се овозможува правичност и еднаквост. Се планират чести разговори помеѓу учениците и наставниците за време на часовите и одморите, како и продлабочување на соработката на наставниците и учениците со психологот и педагогот во училиштето во однос на дисциплината и поведението.

20.2 Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Вработените и учениците развиваат одговорен однос кон уредувањето и одржувањето на просторот и опкружувањето на училиштето (притоа водејќи сметка за мултикултурализмот во училиштето). Во естетското и функционалното уредување на училиштето посебна грижа водат дежурните ученици, наставници и помошниот персонал.

20.3 Етички кодекс

Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Праведноста се создава и со објективно и транспарентно оценување. На часот на одделенска заедница се разговара за куќниот ред кој е истакнат на видно место, и кој учениците треба да го почитуваат.

Се определува временски рок за најмалку едно иновирање на текстот на етичкиот кодекс на сите лица кои се вклучени во образованието – ученици, наставници, родители, други вработени.

Еко-кодексот ја дефинира целата мисија на училиштето и претставува заеднички став односно правилник на однесување на сите вклучени во еколошката програма. На јасен и декларативен начин се покажува посветеноста на училиштето за подобрување на условите во кои се учи и работи. Еко-кодексот се истакнува на видно место.

20.4 Односи меѓу сите структури во училиштето

Со цел - зајакнување на демократската клима во училиштето, во текот на првото полугодие од учебната 2024/25 година, ќе се спроведе Отворен ден за граѓанско образование чија намена е да се поттикне одговорноста кај учениците за состојбите и условите во училиштето и заедницата и да се зајакне нивната иницијативност за преземање активности за позитивна промена. Истовремено, активноста ќе придонесе во промоција на граѓанските вредности на ниво на целото училиште и поврзување на училиштето со поширокаата заедница.

Соработка на училиштето со родителите е перманентна, транспарентна и јавна. Секогаш со години наназад родителите се поттикнуваат да се вклучат во образованието на своите деца

За родителите и другите надворешни соработници има приемен ден за посета, разговор односно соработка со одделенскиот раководител, предметните наставници, психологот и директорот и секогаш се води евиденција кои посетители доаѓаат и со каква намера заради безбедноста на учениците. Училиштето секогаш е отворено за соработка со локалната заедница и активно се вклучува во животот на локалните заедници со учество на сите настани во интерес на заедницата, а и работи на заеднички проекти.

Се наведува тим составен од сите структури кои ќе направат анализа на критичните точки во комуникацијата помеѓу одредени структури во училиштето, се предлагаат заеднички состаноци-работилници, дебати на кои ќе се разгледуваат слабостите на комуникацијата и се предлагаат нови начини на комуникацирање.

Најпосакувани начини за надминување на тие појави би биле: заеднички прослави, екскурзии, коктели, свечености, посети и сл. кои би имале за цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка.

21.Професионален и кариерен развој на воспитно – образовниот кадар

Професионалниот развој на наставниците, во основа, е процес на унапредување на вештините и компетенциите на наставникот со цел унапредување на квалитетот на наставата, учењето и постигањата на учениците. Освен семинари , кои се нудат екстерно, значаен дел на професионалниот развој на поединецот се одвива во училиштето. Минувајќи низ овој процес на учење, практична работа, истражување, развивање и унапредување на знаењата, вештините и способностите на поединецот, наставникот станува практичар кој промислува и во склад со своите потреби и потребите на училиштето поставува цели за сопствен професионален развој. Паралелно со улогата наставник, тој треба да преземе и улога на ученик. Тоа значи да биде одговорен за одлуките кои се однесуваат на сопствениот процес на учење кој е поврзан со личните и потребите на училиштето. За да се организира современ и квалитетен наставен процес, наставниците треба да ги познаваат најновите стручни и методички достигнувања, како и достигнувањата од областа на современата технологија.

За професионалниот развој да биде навистина континуиран процес, тој мора да се одвива и во рамките на училиштето, низ разни видови пренесувања и размена на знаења на ниво на едно или повеќе училишта.
Предуслови за континуиран професионален развој на наставникот се:
- образовен систем, кој го овозможува и подржува професионалниот развој,
- програма за професионален развој на наставниците и стручните соработници на ниво на училиште,
- средина која мотивира,
- професионална и лична автономија,
- изразување на креативност и иницијативност во имплементација на промените,
- настава насочена кон дете- ученик,
- тимска работа при планирање, подготовки, релализација и анализа на наставниот процес,
- соработка со родителите и локалната заедница,
- постојана проценка и самопроценка на сопствената работа,
- напредување во професијата кое е стимулирано на различни начини.

Професионалниот развој е резултат на меѓусебното надополнување и интеракција помеѓу семинарите и искуството, така што тука се вклучува:

- формалното искуство - базично образование, семинари, менторство, работилници, професионални состаноци,
- неформално искуство - пратење на стручна литература, интернет, емисии посветени на образованието,
- самоевалуација и истражувања на воспитно- образовната пракса,
- водење лично-професионално досие.

Современите сфаќања на професионалниот развој опфаќаат:
- професионален развој кој се базира на моделот на конструкција на знаењата,
- тој е континуиран и долготраен процес,
- подразбира континуирана систематска подршка и пратење,
- професионален развој кој е во склад со потребите на секојдневната пракса,
- професионален развој кој е поврзан со реформите,
- наставниците се рефлексивни практичари и истражувачи,
- контекст во кој ќе се имплементираат знаењата.

Професионалниот развој на наставниците овозможува континуирано стекнување, проширување и продлабочување на знаењата, развивање на вештини и способности кои се релевантни за успешност на наставните и воннаставните активности на учениците.

Исто така, дава можност за стекнување на знаења и вештини кои обезбедуваат квалитетна и успешна соработка со колегите и управата на училиштето, како и квалитетен однос со локалната заедница. Овозможува и подготовка за прифаќање на системските промени, нивна успешна примена и активно учество и иницијативност во спроведување на реформите.

21.1 Детектирање на потребите и приоритетите

Според националната програма за развој на образованието, МОН на РСМ и основачот , изготвената самоевалуација се наметнува потребата за колегијалност и меѓусебна соработка помеѓу наставниците.

Секој наставник, делувајќи преку стручниот актив има можност да ги изнесе своите потреби и барања за личен професионален развој како и да понуди идеи за професионален развој на наставниот кадар воопшто. Тие потреби, идеи и барања се проследуваат по хоризонтала и вертикала.

Во нашето училиште формиран е тим за професионален развој на наставници кој е во состав: директор, психолог, библиотекар, претседатели на активи, два члена на Училишен одбор и по еден наставник од предметна и одделенска настава.

21.2 Активности за професионален развој

Прибирање и разгледување на информации за можностите за професионален развој на национално ниво (стручна литература, акредитирани програми за стручно усовршување, семинари),
- десеминација;
- совет/подршка на наставниците на барање на наставниците или врз основ на опсервација во училиштето;
- состаноци на ниво на активи;
- семинари во училиштето;
- организација на отворени часови;
- воннаставни активности;
- менторство на наставник приправник;
- поддршка на индивидуално учење;
- размена на позитивна пракса помеѓу наставници во училиштети и помеѓу наставници од други училишта со посебен акцент на збратимените училишта;
- анализа, евалуација.

21.3 Личен и професионален развој

Секој наставник е задожен да / треба да:

- води сопствено портфолио/ професионално досие кое е контролирано од стручната служба и инспектори од ДПИ
- посетува семинари, обуки, работилници, работни состаноци со цел лично усовршување, стекнување нови искуства и сертификати.

21.4 Хоризонтално учење

Професионалниот развој во училиштето подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаења или размена на искуства во самото училиште или помеѓу училишта.

- користење на ИКТ во наставата (образовни интернет портали)
- размена на позитивни искуства
- примена на техники и други современи методи на работа

21.5 Кариерен развој за воспитно – образовниот кадар

Реден број	Програмска содржина	Реализатор
Подготовка на почетници-наставници		
1.	На почетокот на учебната година Наставничкиот совет утврдува ментор	- Наставнички совет
2.	Програмирање на воспитно-образовната работа за почетници	
3.	Задолжително присуство на наставниците почетници на нагледни часови	- Ментор /советник наставник
Перманентно усовршување на наставници со подолг работен стаж		
1.	Сите наставници имаат обврска во текот на годината пред стручните тела во училиштето да одржат предавања	
2.	Подготвуваат и одржуваат нагледни часови	
Усовршување на наставниците преку семинари и трибини		
1.	Сите наставници ќе бидат вклучени во семинари организирани од БРО	
Стручно усовршување на наставниците преку одржување на стручни предавања пред стручни тела во училиштето		
1.	Предавањата се од струката на секој наставник, педагошко-психолошка теорија и пракса	
Стручно усовршување на наставниците Со следење на семинари предвидени со измените и дополнувањата на Наставниот план за воспитно- образовната работа во основното училиште со динамика и теми планирани од страна на БРО на РСМ		

22.Соработка на основното училиште со родителите/старителите

Училиштето од година во година забележува голем напредок во полето на соработката со родителите, која не се сведува само на информирање на родителите туку и на нивно поголемо активирање на оганизационо поле, учество во проекти, работилници, хуманитарни акции, донесување одлуки во работата на училиштето (Совет на родители на паралелки, Совет на родители на училиште).
Преку Училишниот одбор родителите имаат можност да влијаат на работата на училиштето во сите области.

- Целта на соработката со родителите и локалната средина е истите да се поттикнат за интензивирање на соработката, приближување кон воспитно - образовниот процес кој се води во училиштата;
- Приближување на родителите кон работата на наставникот не само како предавач и оценувач туку и како воспитувач;
- Поголема меѓусебна подршка која стреми кон формирање на ученикот како зрела, одговорна личност со високи морални и интелектуални квалитети.

Училиштето иста така остварува соработка со родителите во разновидни активности и одбележување на манифестации: државни празници, јубилеи, Денот на училиштето и празнување на Денот на општината, спортски натпревари, ЕКО активности и сл.

Соработка со родителите се остварува на ниво родител- ППС во облик на советување пропишано со закон.

Стручните служби и наставниот кадар се отворени и спремни за соработка со родителите на било кое поле од заеднички интерес.

22.1 Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Советот на родители е избран од редот на родителите на учениците кои не се вработени во училиштето.
Работата, бројот на членовите, начинот на избор и организација на советот на родители е утврден од статутот на училиштето.
Советот на родители ја следи, разгледува и дава мислење за составување на воспитно-образовната работа.

- Советот на родители функционира по претходно изготвени план и програма;
- ги поттикнува родителите да учествуваат во процесот на донесување одлуки и решенија, давање идеи кои ќе се во интерес на подобрување

на работата на училиштето од секаков аспект, како и реализација на истите;

- ги детектира состојбите - условите за работа во училиштето и дава идејни планови за подобрување на истите;
- Имаат можност да учествуваат во креирање на средината за учење преку членовите на Училишниот одбор.

Советот на родители успешно соработува и со претставниците од локалната средина заради остварување на идејните планови внесени во училишната програма.

22.2 Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Во процесот на учење родителите директно или индиректно се инволвирани давајќи свое мислење или сугестии за дополнување, измени во сите видови на планирања. Во воспитно-образовниот процес ќе имаат континуирана соработка со училишниот одбор, директорот, наставниот кадар, стручната служба, учениците.

Родителите ќе им даваат подршка на наставниците во реализација на зацртаните планови за: имплементирање на иновирана настава, поголем напредок на учениците со посебен акцент на учениците со потешкотии во развојот и учењето и ученици со нагласен талент во одредени области.

Помагаат и ќе продолжат да помагаат при набавка на наставни средства,помагала и материјали за учениците кои доаѓаат од семејства кои припаѓаат на социјално загрозена категорија.

Родителите ќе учествуваат во разгледување и анализа на успехот на учениците од тромесечието,полугодие и на крај од учебната година.

Родителите ќе имаат активна улога во давање иницијативи мислења или сугестии при организација и вклученост во воннаставните активности на училиштето: манифестации, работилници, натпревари, екскурзии, прослави, приредби, училишен хепенинг, еко проекти, меѓуетничка интеграција во образованието,собир на акции (учебници, облека, храна), нагледни активности во рамките на различни наставни предмети и сл. Исто така се врши анализа на ефектите од активностите

Родителите активно ќе се вклучат во давање на идеи, предлози и донесување на одлуки за истите преку совет на родители, училишен одбор, училишната заедница. Родители ќе се вклучат во процесот на меѓуетничка интеграција во училиштето, во процесот на подготвување и изготвување на самоевалуација на училиштето. Тие се вклучени во донесување на одлуки од секаков карактер кои се во својство на унапредување и подобрување на воспитно-образовниот процес и целокупната работа на училиштето (согласно со законски дадените ингеренции на споменатите тела).

22.3 Едукација на родителите/старателите

Се врши советување на родителите поради:

1. Намален успех;
2. Нередовно посетување настава;
3. Несоодветно однесување на учениците;

Се врши едукација на семејствата преку организирање на работилници за родителите, вклучување во проекти и хуманитарни акции, училишен весник, соопштенија, брошури, флаери и сл.

Во текот на учебната година родителите ќе бидат информирани преку брошура на училиштето,училишни весници,соопштенија,флаери за тековните активности на училиштето.

- Се организираат и советодавни работилници - идивидуални и групни средби,организирани од одделенски раководител и/или училишен психолог;
- Се организираат советувања за родители согласно Законот за основно образование.

23.Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Улогата на комуникацијата во јавноста во работата на современото училиште е посебно значајна за формирање на имиџот на училиштето и промоција на работата на училиштето. Таа е одлика на транспарентноста на активностите на училиштето на дваесет и првиот век.

Нашето училиште континуирано реализира културни, едукативни и воспитни активности со населението кое живее и работи во локалната заедница. Реализираните активности и постигнувања во соработка со воспитно-образовни установи, претпријатија и други установи лоцирани во локалната заедница, учениците ќе ја презентираат својата работа, знаења и постигнувања пред медиумите, пошироката јавност и општина Радовиш.

Училиштето планира реализација на соработка со локалната заедница, вклучување на локалното население и родителите во реализација на училишните проекти, еколошките акции, унапредување на наставата и промоција на работењето на училиштето. Овие активности ќе се реализираат низ повеќе форми на групна работа: состаноци, средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување, собири и здружувања по одредени поводи во училиштето. Ќе се промовираат постигнати резултати од различен вид, промовирање на проектни активности преку усна и пишана информација, изложбени паноа, учество во медиумите и електронска комуникација.

Училиштето преку својата работа остварува соработка со: училиштата од Општината Радовиш, БРО, МОН, ДИЦ, Државен просветен инспекторат, ЕЛС — Сектор за основно образование, урбаните заедници Раклиш, Парналија, Тополница, Бучим, Активот на жените, Здравствените ординации во локалната средина, разни организации кои делуваат во околината.

Планирани се реализација на заеднички активности меѓу нашето училиште и училиштата во Општина Радовиш: работилници, квизови на знаења, турнири, спортски натпревари, еколошки акции, реализација на наставни часови при посета на институциите и останати форми на соработка. Цел на планираните активности се другарување на учениците, размена на знаења и поттикнување на мултикултурната соработка и соживот на претставниците од сите заедници кои живеат на тој простор.

Училиштето соработува со центарот за социјални грижи за надминување на проблемите на учениците кои потекнуваат од дисфункционални семејства.

Меморандум за соработка. Училиштето има воспоставено соработка со општината за реализација на еколошката програма на локално ниво за таа цел имаат потпишано на Меморандум за соработка на 12.02.2013 год.

На 30.1.2019 година е потпишан меморандум за соработка помеѓу македонски центар за граѓанско образование **(МЦГО)**-Скопје проектна **УСАИД** за меѓуетничка интеграција на младите во образованието **(МИМО)**, општина Радовиш и ООУ„Никола Карев“– Радовиш.

Институции од областа на културата

Ќе се следат објавени конкурси и натпревари на кои ќе се учествува на литературни и ликовни конкурси, посета на културно - историски споменици, музеи, библиотеки, Дом на културата, кино - сали.

Институции од областа на образованието

Во текот на годината перманентно ќе се соработува со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, ЕЛС — Сектор за основно образование. Соработката ќе се реализира преку сите видови контакти, комуникација (пишана, електронска, усна) преку посети на училиштето, организирање обуки и семинари.

Невладини организации

Со цел афирмирање на активностите и постигнувањата во училиштето и обезбедување помош и поддршка на учениците од ранливи групи е планирана соработка со голем број невладини организации меѓу кои би ги истакнале:

- Детска амбасада Меѓаши
- СОС центри
- Младински културни центри
- Еколошки друштва

Спортски друштва

Со цел да се афирмира спортот меѓу младите, нашето училиште соработува со голем број спортски друштва, меѓу кои се:

- Р.К. Радовиш

- Федерација на училишен спорт на Македонија

- Училишен спорт на Радовиш

Активностите на планот на соработката со спортските друштва ќе се реализираат преку учество на нашите ученици на локални, градски и државни натпревари во разни спортови. На овој начин ќе се поттикнува и спортскиот и натпреварувачкиот дух кај децата.

Соработка со здравствени организации

Бидејќи грижата за здравјето на учениците е една од најзначајните задачи во воспитно-образовниот процес, нашето училиште на овој план соработува со голем број здравствени институции, меѓу кои се:

- Здравствен дом „Радовиш“ - оддел за училишна медиција и училишна стоматологија

- Приватни здравствени установи во локалната средина

- Центар за социјални грижи

- Центар за јавно здравје

Преку соработката со овие институции перманентно, превентивно и континуирано ќе се заштитува здравјето на учениците.


Соработка со медиуми

Соработката со медиумите е вежен дел во соработката со јавноста. Како и секое современо училиште и нашето училиште има потреба од афирмација на неговата работа и постигнатите резултати, со цел јавноста да има увид во начинот на работење, целите и резултатите што притоа се постигнуваат. На овој начин и ученикото творештво и постигања во разни области добиваат мжност за поширока афирмација.

На овој план е планирана соработка со повеќе печатени и електронски медиуми, како што се: Кобра, МТВ, Сител ТВ, Телма, Канал 5, Алфа ТВ, списанијата за деца и млади: Развигор, Другарче, Наш свет, дневниот печат.

Ќе се информира јавноста за сите активности поврзани со реализација на програмата за Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем.

ИНСТИТУЦИИ СО КОИ УЧИЛИШТЕТО ОСТВАРУВА СОРАБОТКА



24.Комисија за изработка на Годишната програма за работа на основното училиште

Во изработката на програмата учествуваа Директорот, стручните соработници, тимови од наставници (комисија за изработка на годишната програма)

25.Користена литература

- Развојна програма на училиштето 2024-2028;
- Закон за основно образование;
- Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма на основното училиште;
- Извештаи од стручните активи и стручните соработници.

26.ПРИЛОЗИ – ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ООУ „НИКОЛА КАРЕВ – РАДОВИШ

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
НА В.Д. Директорот Анита Митева Цветковски
за учебната 2026/2027 година

1. ВОВЕД

Годишната програма за работа на директорот претставува основен стратешки и оперативен документ со кој се планираат, организираат, координираат, следат и вреднуваат активностите поврзани со управувањето и раководењето со училиштето во текот на учебната 2026/2027 година.
Со програмата се утврдуваат приоритетите, активностите, носителите, роковите и индикаторите за реализација на работата на директорот, со цел обезбедување квалитетно, ефикасно, транспарентно и законито функционирање на училиштето.
Работата на директорот ќе биде насочена кон:

- обезбедување квалитетно воспитно-образовно работење;
- подобрување на постигањата на учениците;
- унапредување на наставниот процес;
- професионален развој на наставниците и стручните соработници;
- создавање безбедна, инклузивна и демократска училишна средина;
- законито, економично и транспарентно работење;
- јакнење на соработката со родителите, локалната самоуправа и поширокаата заедница;
- рационално користење на човечките, финансиските и материјалните ресурси;
- континуирано следење и унапредување на квалитетот на работата на училиштето.

Работата на директорот ќе се реализира преку планирање, организирање, координирање, следење, советодавна работа, евалуација и преземање мерки за континуирано подобрување на сите сегменти од работењето на училиштето.

2. ПРАВНА ОСНОВА

Годишната програма за работа на директорот е изготвена врз основа на:

- Законот за основното образование;
- Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта;
- Законот за работните односи;
- Законот за јавните набавки;
- Законот за буџетите;
- Законот за архивски материјал;
- Законот за заштита на личните податоци;
- Стандардите за компетенции на директор на основно училиште;
- Концепцијата за основно образование;
- Годишната програма за работа на училиштето;
- Развојниот план на училиштето;
- Статутот на училиштето;
- Правилниците и другите интерни акти на училиштето;
- програмите и насоките на Министерството за образование и наука;
- насоките на Бирото за развој на образованието;
- упатствата и препораките на Државниот просветен инспекторат;
- другите важечки законски и подзаконски прописи.

3. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Основна цел на оваа програма е да обезбеди:

- законито и транспарентно работење на училиштето;
- квалитетно воспитно-образовно работење;
- успешно реализирање на Годишната програма за работа на училиштето;
- континуирано подобрување на квалитетот на наставата;
- професионален развој на наставниот кадар;
- рационално користење на финансиските и материјалните ресурси;
- безбедна и стимулативна средина за учениците;
- партнерска соработка со родителите и локалната заедница;
- развој на демократска организациска култура;
- унапредување на постигањата и благосостојбата на учениците.

4. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА РАБОТАТА НА ДИРЕКТОРОТ

Работата на директорот ќе се заснова врз следните принципи:

- законитост;
- транспарентност;
- отчетност;
- професионалност;
- еднаквост и недискриминација;

- инклузивност;
- демократско управување;
- тимска работа;
- партнерство со родителите;
- почитување на најдобриот интерес на ученикот;
- рационално и домаќинско користење на ресурсите;
- континуирано подобрување на квалитетот.

5. НАЧИН НА СЛЕДЕЊЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА

Реализацијата на програмата ќе се следи континуирано преку:

- увид во педагошката документација;
- следење на наставниот процес;
- анализа на постигањата на учениците;
- анализа на работата на стручните органи и тела;
- извештаи од наставниците и стручните соработници;
- записници од состаноци;
- анализи на реализираните активности;
- анкети со ученици, родители и вработени;
- увид во финансиската документација;
- извештаи од работата на училишните тимови;
- самоевалуација на училиштето;
- извештаи од интегрална евалуација и инспекциски надзор;
- месечни, полугодишни и годишни анализи на реализацијата.

6. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Со реализацијата на оваа програма се очекува:

- целосна реализација на Годишната програма за работа на училиштето;
- подобрување на квалитетот на наставата;
- подобрување на постигањата на учениците;
- професионално унапредување на наставниците;
- подобрена организација на работата;
- намалување на дисциплинските проблеми;
- зголемена безбедност во училиштето;
- подобрена комуникација со родителите;
- рационално користење на буџетските средства;
- законито и транспарентно работење;
- успешно реализирање на Развојниот план на училиштето.

7. ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ПО МЕНАЏЕРСКИ ПОДРАЧЈА

За остварување на горенаведените очекувани резултати, Годишната програма за работа на в.д. директорот е операционализирана во пет клучни подрачја. Во продолжение се детално прикажани приоритетите, конкретните мерки, носителите и индикаторите за нивна реализација во учебната 2026/2027 година.

ПОДРАЧЈЕ 1: ВОДСТВО

1.1. Стратешко водство

Приоритет: Проектирање на развојот на училиштето преку имплементација на современи национални и светски образовни практики и координација на училишните органи.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
1.1.1	Анализа на локални, национални и глобални политики и трендови во образованието.	•Спроведување на стручни средби за запознавање со новините во образовниот систем. • Усогласување на училишните цели со националните стратегии.	В.Д. Директор, Наставници, Училишен развоен тим, Наставнички совет, Стручна служба, Училишен одбор, Совет на родители,	Август – Септември 2026	• Записници од состаноци на стручни тела. • Аналитички осврт во Годишната програма.
1.1.2	Градење, споделување и остварување заедничка визија за развој на училиштето.	• Организирање на работилници за дефинирање на долгорочната визија на училиштето врз основа на најдобрите светски		Септември 2026	• Усвоена и објавена визија и мисија на училиштето. •Развоен план на училиштето.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
		практики.	Ученичка заедница, Локална самоуправа, Претставници од МОН и БРО (по потреба), Партнери од локалната заедница и невладини организации.		
1.1.3	Применување на соодветни и ефективни стилови на раководење.	• Практикување на демократски, транспарентен и колаборативен стил на водење на училиштето во секојдневните процеси.		Континуирано	• Редовни анкети за задоволство на вработените. • Записници од координативни средби.
1.1.4	Идентификување, поддржување и развивање вештини за водство кај вработените.	• Делегирање на лидерски одговорности (раководители на активи, координатори на проекти). • Поттикнување тимска работа.		Континуирано	• Решенија за формирање на тимови и комисии. • Реализирани интерни обуки за тимска работа.
1.1.5	Обезбедување соработка со органите и телата во училиштето.	• Спроведување редовни состаноци со Училишниот одбор, Наставничкиот совет и другите органи со цел усогласување на раководењето со развојните приоритети.		Во текот на годината (квартално)	• Покани, дневен ред и записници од состаноците на Училишниот одбор и Наставничкиот совет.

1.2. Училишна клима и култура

Приоритет: Воспоставување на емпатична, безбедна, здрава и стимулативна средина за работа и учење, заснована на високи етички стандарди и еднакви можности.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
1.2.1	Дизајнирање и управување со позитивна организациска култура.	• Поставување на ученикот во центарот на севкупната работа на училиштето. • Промовирање на вредностите и принципите за добра организација.	В.Д. Директор, Наставнички совет, Стручна служба, Инклузивен тим (каде што е применливо) Наставници, Координатори на стручни активи, Совет на родители, Училишен одбор, Ученичка	Континуирано	• Проекти и воннаставни активности фокусирани на учениците. • Училишни постери и слогани за организациска култура.
1.2.2	Негување и примена на релевантните етички кодекси.	• Мерење на професионалното однесување согласно Етичкиот кодекс на училиштето. • Развивање на етички вредности и заемно почитување.		Континуирано	• Потпишани изјави за почитување на Етичкиот кодекс. • Записници од состаноци со Етичката комисија.
1.2.3	Обезбедување инклузивност и еднакви можности за квалитетно образование.	• Спроведување инклузивни политики за сите ученици. • Обезбедување		Континуирано	• Изработени ИОП (Индивидуални образовни планови). • Извештаи од инклузивниот тим во училиштето.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
		поттикнувачка атмосфера и поддршка за учениците со посебни образовни потреби.	заедница, Локална самоуправа, Претставници од МОН и БРО (по потреба), Граѓански организации и други партнери од локалната заедница (по потреба)		
1.2.4	Поттикнување активности од мултиетнички и мултикултурен карактер.	• Интегрирање на мултикултурализмот во воспитно-образовниот процес. • Стимулирање на меѓуетничка интеграција преку заеднички проекти и иновации.		Во текот на годината	• Програма за МИО (Меѓуетничка интеграција во образованието). • Фотографии и извештаи од мултикултурни работилници.
1.2.5	Создавање емпатична, безбедна и здрава училишна средина.	• Спроведување на превентивни активности против насилство. • Стимулирање на позитивна училишна атмосфера во сите сегменти на работењето.		Континуирано	• Спроведени анкети за безбедност во училиштето. • Реализирани превентивни предавања со психолошко-педагошката служба.

1.3. Соработка со родителите и заедницата

Приоритет: Интегрирање на училиштето во локалната и поширокатa општествена средина преку градење партнерски односи засновани на доверба, почит и професионалност.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
1.3.1	Искористување на општествените и локалните околности за поддршка на училиштето.	• Анализа на потребите на локалната средина. • Вклучување на културата и вредностите на заедницата во училишните активности.	В.Д. Директор, Наставнички совет, Стручна служба, Одделенски раководители, Наставници, Совет на родители, Училишен одбор, Локална самоуправа, Биро за развој на образованието (БРО),	Континуирано	• Годишен план за соработка со локалната самоуправа. • Записници од средби со претставници на локалната заедница.
1.3.2	Активно промовирање на училиштето во локалната средина.	• Презентација на училишните успеси преку медиуми, веб-страница и социјални мрежи • Организирање Отворен ден на училиштето.		Во текот на годината	• Медиумски објави, летоци, брошури. • Ажурирана веб-страница на училиштето.
1.3.3	Воспоставување мрежа на соработка со надворешни сектори и институции.	• Соработка со јавниот, деловниот и граѓанскиот сектор. • Идентификување подрачја за заеднички проекти со здруженија на граѓани.		Ноември 2026 / Февруари 2027	• Договори/меморандуми за соработка со здруженија и компании. • Реализирани донации или заеднички проекти.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
1.3.4	Развивање партнерство со стручни институции и меѓуучилишна соработка.	• Координација со Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат и сродни стручни тела. • Поддршка за меѓуучилишни спортски и научни настани.	Министерство за образование и наука (МОН), Други училишта, стручни институции, јавни установи, невладини организации, локални компании и медиуми, Родители/старатели и ученичка заедница	Во текот на годината	• Извештаи од реализирани посети на стручни институции. • Протоколи од меѓуучилишни активности.
1.3.5	Промовирање доверба и градење силни партнерства со семејствата.	• Креирање нови стратегии и форми за соработка со семејствата како поддршка за развојот и постигањата на учениците • Спроведување на родителски состаноци.		Континуирано	• Извештаи и записници од Советот на родители. • Квантитативни податоци за посетеност на родителски средби.

ПОДРАЧЈЕ 2 : РАКОВОДЕЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

2.1. Комуникација и односи со јавноста

Приоритет: Воспоставување на успешна и приспособлива комуникација на сите нивоа и градење на позитивен имиџ и углед на училиштето.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
2.1.1	Активно слушање и јасно пренесување на идеи и информации.	• Организирање отворени денови за индивидуални и групни средби со вработените, родителите и учениците за примање идеи и сугестии.	В.Д. Директор, Стручна служба, Раководен тим, Наставници, Наставнички совет, Координатори на стручни активи, Училишен одбор, Совет на родители,	Континуирано	• Записници од реализирани средби и предлог-идеи со вработени и родители.
2.1.2	Организирање и ефективно водење состаноци.	• Спроведување на оперативни состаноци по утврдени правила, јасен дневен ред и примена на техники за конструктивна дебата.		Секој месец	• Покани, дневен ред и записници од работните состаноци на училишните тимови.
2.1.3	Комуницирање во	•		По потреба	• Протокол за кризна

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
	комплексни ситуации и кризи.	Приспособување на комуникацискиот пристап и примена на техники за деескалација и одржување на коректни односи при специфични услови.	Ученичка заедница, Локална самоуправа, Биро за развој на образованието (БРО), Министерство за образование и наука (МОН), Локални медиуми и други релевантни институции (по потреба)		комуникација; • Писмени известувања до засегнатите страни.
2.1.4	Градење углед и медиумска презентација на училиштето.	• Успешно презентирање на училиштето преку користење разни медиуми, организирање прес-конференции, интервјуа и презентации.		Во текот на годината	• Медиумски објави, соопштенија за јавност, • Видео материјали од училишни настани.

2.2. Унапредување на меѓучовечките односи

Приоритет: Превенција и колаборативно разрешување на конфликти, мотивација на кадарот и негување фер и праведни односи во колективот.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
2.2.1	Идентификување на причини и разрешување на конфликти.	• Елиминирање на стереотипи, предрасуди и ригидни ставови преку користење на колаборативно преговарање и посредување (медијација).	В.Д. Директор, Стручна служба, Наставници, Наставнички совет, Координатори на стручни активи, Училишен одбор, Совет на родители, Ученичка заедница, Локална самоуправа, Биро за развој на образованието	По потреба / повремено	• Записници од медијација; • Усвоени решенија за надминување конфликтни состојби.
2.2.2	Негување фер, праведни односи и организациски вредности.	• Прифаќање на различни идеи и нивно ставање во функција за донесување на правилни и објективни одлуки од интерес за колективот.		Континуирано	• Одлуки донесени по пат на широка консултација; записници од анкети на колективот.
2.2.3	Мотивација и самомотивација на	• Примена на различни техники за мотивација:		Континуирано	• Доделени пофалници и признанија за истакнати наставници; писмени евалуации.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
	вработените.	јавна пофалба, писмена награда и давање редовна и мотивирачка повратна информација.	(БРО), Министерство за образование и наука (МОН), Надворешни обучувачи и стручни лица (по потреба)		
2.2.4	Делегирање одговорности според индивидуални карактеристики.	• Препознавање на индивидуалните особини и способности на вработените и нивно правично назначување на соодветни задачи и во кризни тимови.		Септември 2026 / Континуирано	• Решенија за распределба на задолженија и формирање на специфични училишни тимови.

2.3. Професионален и кариерен развој

Приоритет: Воспоставување на ефикасен систем за континуирано доживотно учење, следење и евалуација на работата на наставниците и стручните соработници.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
2.3.1	Имплементација на личен модел за доживотно учење на директорот.	• Лично учество на директорот на стручни настани, конференции и континуирана едукација со цел надградување на знаењата и вештините.	В.Д.Директор, Тим/координатор за професионален развој, Стручна служба, Биро за развој на образованието (БРО), Министерство за образование и наука (МОН), Акредитирани обучувачи и центри за обука, Други училишта и професионални мрежи,	Во текот на годината	• Сертификати од посетени обуки на директорот; •Извештаи од стручни настани.
2.3.2	Изготвување и спроведување Годишен план за професионален развој.	• Идентификување на потребите за обука врз основа на самоевалуација на вработените и користење на интерните потенцијали на училиштето.		Септември 2026	• Усвоен Годишен план за професионален развој на наставниците и соработниците.
2.3.3	Систем за	• Анализа на		Јануари /	• Извештаи од следењето на

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
	следење и вреднување на професионалниот развој.	портфолијата на наставниците и користење на резултатите од евалуациите за понатамошно планирање на нивната кариера.	Стручни здруженија и образовни институции, Наставници и координатори на стручни активи	Мај 2027	кариерниот развој; •Евалуациски листи.
2.3.4	Вмрежување на училиштето и заедници за учење.	• Вклучување на училиштето во мрежи за соработка со цел промоција на стручна соработка меѓу наставници од разни јазични подрачја.		Континуирано	• Записници од средби на заедници за учење; •Реализирани меѓуучилишни активности.

2.4. Обезбедување кадар, работно воведување и ангажирање

Приоритет: Стратешка селекција, правично распределување на ангажманите и овозможување стабилна околина за развој на новиот персонал.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
2.4.1	Селекција и соодветно планирање на персонал.	• Спроведување на транспарентни процедури за избор на кадар во согласност со карактеристиките потребни за конкретните работни места.	В.Д.Директор, Ментор на нововработен наставник, Раководен тим за човечки ресурси, Координатори на тимови, Тим/координатор за професионален развој, Наставници и координатори на стручни активи, Искусни наставници/менто	По потреба	• Огласи за вработување; • Записници од комисии за селекција на кандидати.
2.4.2	Работно воведување (индукција) на нов персонал.	• Обезбедување стабилна почетна околина и назначување на искусен ментор кој ќе го води и поддржува развојот на новиот персонал.		При прием на нов кадар	• Програма за работно воведување; •Извештаи од назначен ментор.
2.4.3	Правично распределув	• Изработка на решенија за 40-		Септември 2026	• Решенија за годишни задолженија на вработените;

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
	ање на работните ангажмани.	часовна работна недела со избалансирано и праведно распределување на наставните и воннаставните обврски.	ри и советници, Проектни тимови МОН (при планирање на кадар и систематизација), Училишен одбор (во рамки на своите надлежности)		•Распоред на часови.
2.4.4	Промовирање на тимско работење.	• Користење стратегии за поттикнување на тимската работа преку формирање на мешани проектни групи во организацијата.		Континуирано	• Извештаи од работата на училишните тимови и комисии.

ПОДРАЧЈЕ 3 : ПЕДАГОШКО РАКОВОДЕЊЕ СО УЧИЛИШТЕТО

3.1. Планирање

Приоритет: Водење на процесите за креирање објективни планови врз основа на анализи, современи трендови и вклученост на сите клучни чинители.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
3.1.1	Изработка на Развоен план и Годишна програма на училиштето.	• Организирање на работни групи за подготовка на програмските документи со користење на анализи од претходни екстерни и интерни евалуации.	В.Д. Директор, Училишен развоен тим, Стручна служба, Наставнички совет, Координатори на проекти и активности, Тим за промоција и развој на училиштето, Наставници, Координатори на стручни активи, Училишен одбор, Совет на родители, Ученичка	Август – Септември 2026	• Усвоен Развоен план; • Усвоена Годишна програма за работа.
3.1.2	Имплементација на современи образовни приоди и проекти.	• Вградување на актуелни национални програми, проекти и меѓународни образовни трендови во		Септември 2026	• Специфични анекси и проекти како составен дел од Годишната програма.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
		воспитно-образовниот процес.	заедница, Бироза развој на образованието Министерство за образование и наука Локална самоуправа Други училишта и образовни институции Проектни партнери и донатори Надворешни стручни лица и обучувачи Родители/старатели Претставници од локалната заедница и медиуми (по потреба)		
3.1.3	Изготвување индивидуални планови за сопствената работа на директорот.	• Креирање на детални месечни и неделни планови за работа на директорот, усогласени со развојните приоритети на училиштето.		Секој месец	• Писмени месечни планови за работа подготвени од директорот.
3.1.4	Промовирање на плановите и вредностите на учењето.	• Споделување на клучните цели и програми на училиштето со јавноста, локалниот и општествениот контекст.		Септември – Октомври 2026	• Презентации пред Советот на родители; •Објави на училишниот сајт.

3.2. Поддршка на наставата и учењето

Приоритет: Обезбедување оптимални услови за современа настава, континуирано следење на часовите и пружање советодавна помош на наставниот кадар.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
3.2.1	Обезбедување услови и насоки за современа настава.	• Давање стручни насоки и критички осврт на глобалните, тематските и воннаставните планирања и подготовки на наставниците.	В.Д. Директор, Стручна служба, Наставнички совет, Наставници, Координатори на стручни активи, Ученици, Ученичка заедница, Бироза развој на образованието, Министерство за образование и наука, Родители/старатели,	Септември 2026 / Континуирано	• Парафирани наставни планирања; • Писмени насоки до стручните активи.
3.2.2	Следење и анализа на наставен час / активност.	• Директна посета на часови согласно претходно утврден распоред со примена на дефинирани индикатори за квалитет на часот.		Октомври 2026 – Април 2027	• Пополнети обрасци/инструменти за редовен увид во наставен час.
3.2.3	Давање конструктивна повратна	• Спроведување на индивидуални		По секоја посета на час	• Записници од реализирани советодавни разговори со наставници.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
	информација.	рефлексивни разговори со наставниците по посетениот час со предлози за унапредување на методите.	Советници и надворешни стручни лица, Акредитирани обучувачи и центри за професионален развој, Други училишта за размена на добри практики.		
3.2.4	Поврзување на потребите на учениците со наставните цели.	• Поддржување на наставниците за успешно прилагодување на методите, формите и технологијата кон образовните потреби на сите ученици.		Континуирано	• Примери на диференцирани наставни подготовки и примена на ИКТ.

3.3. Обезбедување квалитет (евалуација, самоевалуација и развој)

Приоритет: Воспоставување на систематски приод за следење и вреднување на резултатите на училиштето и постигањата на учениците.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
3.3.1	Изработка на процедури и инструменти за вреднување.	• Подготовка на интерни индикатори, прашалници и техники за вреднување на работата на воспитно-образовниот кадар.	В.Д. Директор, Стручна служба, Тим за самоевалуација, Училишен развоен тим, Наставнички совет, Координатори на стручни активи, Наставници, Одделенски раководители, Ученици Родители/старатели, Училишен одбор,	Октомври – Ноември 2026	• Збирка на инструменти за интерна евалуација во училиштето.
3.3.2	Спроведување и промовирање на самоевалуација.	• Водење на процесот на самоевалуација на ниво на наставници, стручни соработници и директор како основа за подобрување на работата.		Март – Мај 2027	• Извештај за самоевалуација на училиштето доставен до надлежни институции.
3.3.3	Анализа на постигањата	• Анализирање на успехот и		По класификацио	• Статистички извештаи за успехот на учениците на крајот

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
	на учениците.	резултатите на учениците на ниво на училиште и одделение и преземање мерки за нивно унапредување.	Совет на родители, БРО и МОН, Државен просветен инспекторат, Надворешни евалуатори и стручни лица, Акредитирани обучувачи и институции за професионален развој, Други училишта за размена на искуства и добри практики	ни периоди	од секој квартал.
3.3.4	Развивање на училишни политики за оценување и иновации.	• Промовирање иновативни наставни стратегии и развивање интерни политики со акцент на формативното оценување.		Континуирано	• Записници од стручни активи за ефикасноста на иновативните стратегии.
3.3.5	Подготовка на советодавно-инструктивна работа.	• Воспоставување систем за советодавна работа со наставниците, учениците и родителите со цел преземање		Континуирано	• Дневници за советодавно-инструктивна работа; планови за поддршка.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
		мерки за унапредување.			

3.4. Создавање здрава, безбедна и демократска средина за учење и развој на ученикот

Приоритет: Развивање на политики за сигурна училишна средина, заштита на детските права, инклузивност и ученичко учество во донесувањето одлуки.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
3.4.1	Развивање политики за сигурна и безбедна училишна средина.	• Спроведување превентивни активности за безбедност и механизми за справување со случаи на насилство и дискриминација .	В.Д. Директор, Стручна служба, Тим за училишна безбедност, Инклузивен тим, Тим за превенција од насилство и дискриминација, Наставнички совет,	Континуирано	• Протокол за заштита од насилство; •Превентивни едукативни работилници.
3.4.2	Планови и процедури за вонредни околности.	• Изготвување акциски планови и спроведување		Октомври 2026 / Март 2027	• План за заштита и спасување; •Реализирани безбедносни вежби.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
		симулациски процедури за безбедност и евакуација при вонредни состојби.	Училишен развоен тим, Наставници, Одделенски раководители, Ученици и ученичка заедница, Родители/старатели, Совет на родители, Училишен одбор, Образовни асистенти Локална самоуправа, МОН и БРО,		
3.4.3	Обезбедување поддршка на индивидуалните разлики.	• Практикување на инклузивниот пристап и создавање услови за почитување на индивидуалните разлики и развој на сите ученици.		Континуирано	• Редовни состаноци на Инклузивниот тим; •Прилагодена средина.
3.4.4	Поттикнување мултиетнички и мултикултурен пристап.	• Организирање заеднички активности кои промовираат меѓуетничка интеграција и почитување на различностите во наставата.		Во текот на годината	• Реализирани заеднички воннаставни денови од мултикултурен карактер.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
3.4.5	Демократско учество на учениците во животот на училиштето.	• Обезбедување слободно и конструктивно вклучување на Ученичкиот парламент во донесување одлуки од нивен интерес.	МВР и други надлежни институции (по потреба), Здравствени установи и стручни лица, Невладини организации и здруженија за поддршка на инклузија, мултикултурализам и човекови права	Редовно (месечно)	• Записници од состаноци со претставници на Ученичкиот парламент.

ПОДРАЧЈЕ 4 : ФИНАНСИСКО РАКОВОДЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

4.1. Раководење со финансиските ресурси

Приоритет: Наменско и економично трошење на буџетските средства, финансиска дисциплина и изнаоѓање дополнителни извори на финансирање.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
4.1.1	Наменско користење и трошење на училишниот буџет.	• Распределба на средствата од блок-дотациите во тесна соработка со органите и телата на училиштето за тековно работење.	В.Д. Директор, Училишен одбор, Сметководител/ финансиски службеник (благајник), Комисија за јавни набавки, Тим за финансиско планирање и развој, Стручна служба Наставници и координатори на активности,	Континуирано	• Одобрен Финансиски план; • Квартални финансиски извештаи.
4.1.2	Изнаоѓање дополнителни финансиски средства.	• Подготвување елаборати и апликации за користење средства од инвестициски фондови, амбасади и деловниот сектор.		Во текот на годината	• Поднесени апликации за грантови; • договори за донации/спонзорства.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
4.1.3	Спроведување јавни набавки преку електронски систем.	• Реализирање на сите чекори од деловното работење и постапките за јавни набавки согласно законската регулатива.	Лица задолжени за проекти, Локална самоуправа , МОН, Надлежни институции за финансиска контрола Добавувачи и економски оператори (во постапки за јавни набавки) Проектни партнери и донатори Училишен одбор и Совет на родители (за транспарентност и информирање)	Согласно Годишниот план за ЈН	• Објавени огласи и склучени договори на Е-систем за јавни набавки.
4.1.4	Обезбедување финансиска дисциплина и усогласеност.	• Вршење детален преглед на завршната сметка и сметководствените книги со цел спречување даночни долгови и казнени камати.		Февруари – Март 2027	• Завршна сметка на училиштето; • Извештаи од ревизија/контрола.

4.2. Раководење со материјалните ресурси

Приоритет: Оптимална искористеност на постојните просторни и наставно-технички капацитети и утврдување реални приоритети за набавка.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
4.2.1	Проценување на состојбата и материјално-техничките услови.	• Спроведување редовни увиди во објектите (централното и подрачните училишта) за утврдување на оштетувања или недостатоци во просторот.	В.Д. Директор, Училишен одбор, Комисија за попис и проценка на материјалните ресурси, Лице задолжено за материјално-техничко одржување, Тим за планирање и развој на училиштето, Сметководител/ финансиски службеник, Наставници (за идентификување на потребите од наставни ресурси), Стручна служба, Координатори на кабинети и	Август 2026 / Јануари 2027	• Писмени извештаи/записници за состојбата на училишните објекти.
4.2.2	Утврдување на приоритети за набавка на ресурси.	• Дефинирање на листа на приоритетни набавки на наставни средства, ИКТ опрема и материјали врз основа на барањата на активите.		Септември 2026	• План за набавка на наставни средства и потрошен материјал.
4.2.3	Максимална искористеност на	• Воспоставување на ефикасен		Континуирано	• Книга на инвентар; распоред за користење на училишни простории.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
	материјално-техничките ресурси.	распоред и куќен ред за користење на специјализирани те кабинети, спортската сала и наставните помагала.	стручни активи, Училишен одбор, Совет на родители, Локална самоуправа, МОН (Министерство за образование и наука), Добавувачи и сервисни компании, Проектни партнери и донатори, Ученици (преку предлози и иницијативи за подобрување на условите)		

ПОДРАЧЈЕ 5 : ЗАКОНСКО И АДМИНИСТРАТИВНО РАКОВОДЕЊЕ НА УЧИЛИШТЕТО

5.1. Примена на законски и подзаконски акти

Приоритет: Директна одговорност за законито работење и имплементација на законските прописи од областа на образованието и работните односи.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
5.1.1	Раководење на училиштето согласно законската регулатива.	• Континуирано следење и имплементација на измените во Законот за основно образование, Законот за работни односи и управната постапка.	В.Д. Директор, Стручна служба, Секретар/правна служба на училиштето , Училишен одбор, Наставнички совет, Наставници, Административни технички персонал, МОН (Министерство за образование и наука), БРО (Бирото за развој на образованието), Државен просветен инспекторат, Локална	Континуирано	• Донесени одлуки и решенија во согласност со актуелните закони.
5.1.2	Користење на стратешки и меѓународни документи.	• Имплементирање на содржините на меѓународните конвенции за човекови права и правата на децата во секојдневната училишна практика.		Во текот на годината	• Вклученост на Конвенцијата за правата на детето во одделенските часови.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
			самоуправа, Надворешни правни и стручни лица (по потреба), Релевантни национални и меѓународни институции и организации, Проектни партнери (при примена на меѓународни документи и стандарди)		

5.2. Изработка и примена на интерни акти и документација

Приоритет: Изготвување прегледни, законски усогласени и лесно достапни интерни правилници и акти на училиштето.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
5.2.1	Изготвување и дополнување на интерни акти.	• Ажурирање на Статутот на училиштето, Правилникот за куќен ред и други акти во согласност со законските прописи и одлуките на Училишниот одбор.	В.Д. Директор, Стручна служба, Секретар/правна служба на училиштето, Училишен одбор, Наставнички совет, Раководители/координатори на стручни активи, Наставници, Одделенски раководители, Совет на родители, МОН и БРО ДПИ Локална самоуправа Надворешни правни и стручни лица (по потреба)	Септември – Октомври 2026	• Усвоени нови/дополнети верзии на Статутот и правилниците.
5.2.2	Обезбедување јавност и достапност на документите.	• Обезбедување интерните акти да бидат јасни, транспарентни и достапни за вработените и други заинтересирани лица согласно закон.		Континуирано	• Поставени акти на огласна табла и дигитална база на училиштето.

5.3. Раководење со административни процеси

Приоритет: Организација на работата на стручните тела, водење прецизна евиденција и координација со институциите за надзор.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
5.3.1	Организирање и координирање на работата на стручните тела.	• Планирање и водење на седниците на Наставничкиот совет, одделенските и предметните совети согласно пропишаните процедури.	В.Д.Директор Секретар/правна служба на училиштето Административен персонал Стручна служба (педагог, психолог) Наставнички совет Раководители/координатори на стручни активи Наставници Одделенски раководители Училишен одбор Совет на родители Административно-	Во текот на годината	• Годишен календар на седници; •Записници од одржани седници.
5.3.2	Контрола на работата согласно опис на работни места.	• Обезбедување услови вработените да работат согласно нивната систематизација, описот на задачите и Годишната програма.		Редовно (месечно)	• Месечни извештаи за работата на наставниците и стручната служба.
5.3.3	Обезбедување систем за	• Воспоставување на		Континуирано	• Уредно водена училишна архива, матични книги и главни

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
	чување евиденција.	транспарентен, безбеден и законски усогласен архивен систем за чување на евиденцијата и документацијата.	технички персонал МОН (Министерство за образование и наука) БРО (Бирото за развој на образованието) Државен просветен инспекторат Локална самоуправа (основач) Надворешни стручни лица и институции за надзор (по потреба)		книги.
5.3.4	Соработка со институции за надзор.	• Координација, подготовка и соработка со Државниот просветен инспекторат и другите надлежни органи при вршење на надзор.		По потреба / Најава	• Записници од извршени инспекциски надзори со реализирани насоки.

5.4. Примена на информациските системи во училиштето

Приоритет: Законско управување со електронските бази на податоци, безбедност на Интернет и интеграција на ИКТ платформи во наставата.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
5.4.1	Управување со електронските бази на податоци.	• Обезбедување услови за законски регулирано прибирање, внесување и чување на базата на податоци (Е-дневник).	В.Д.Директор, Координатор/одговорно лице за ИКТ во училиштето, Администратор на електронски системи и бази на податоци, Стручна служба, Наставници задолжени за дигитализација и ИКТ поддршка, Наставници, Административен персонал, Ученици, Родители/старатели, Систем администратори и ИКТ стручни лица, МОН (Министерство за	Континуирано (секојдневно)	• 100% ажуриран државен електронски дневник (Е-дневник).
5.4.2	Воспоставување процедури за безбеден Интернет.	• Примена на начелата за безбедно користење на Интернет на ниво на целото училиште и заштита на податоците.		Септември 2026	• Инсталирани соодветни мрежни филтри за заштита; • ИКТ протокол.
5.4.3	Поттикнување на примена на ИКТ и образовни платформи.	• Мотивирање на вработените за секојдневно користење на ИКТ во наставата, користење на Националната		Континуирано	• Извештаи за примена на дигитални алатки на часовите; • Е-пораки со родители.

Ред. бр.	Активности и форми на работа	Конкретни мерки и методи	Носители и соработници	Временски рок	Индикатори / Доказен материјал
		платформа и дигитална комуникација со родителите.	образование и наука), БРО (Бирото за развој на образованието), Национални/образовни дигитални платформи и нивни администратори, Компании и сервисери за ИКТ опрема, Надворешни обучувачи за дигитални компетенции.		
5.4.4	Подобрување на информатичките системи.	• Воспоставување на тековни технички процедури кои обезбедуваат континуирано ажурирање и хардверско подобрување на ИКТ опремата.		Во текот на годината	• Сервисирана компјутерска опрема; •Обновен училишен ИКТ систем.

Прилог 2: Годишна програма за работата на училишниот психолог

Психолог: Сузана Ѓоргиева

Програма за работа на училишниот психолог за учебната 2025/2026 година

Вовед

„Образованието треба да се стреми кон тоа да ја доведе моралната, интелектуалната и физичката природа на учениците до совршенство за тие да можат да дадат најголем можен придонес за себе и за другите“.

- Ема Харт Вилард -

Училиштето претставува специфичен организациски систем и пред се има за цел и задача да продуцира такви активности кои ќе доведат до високи достигнувања и резултати на учениците. Покрај пренесувањето на знаење на младата генерација, училиштето има и воспитна и социјална функција. Во училиштето учениците стекнуваат знаење, вештини, навики кои понатаму ќе им помогнат да се изградат во личности. Во современа дидактичка смисла училиштето се дефинира како заедница на сите нејзини субјекти: ученици, наставници, родители и стручни соработници.

Човек учи додека е жив. Како што рекол **Хенри Форд „Оној кој ќе престане да учи, старее, без разлика дали има 20 или 80 години. Оној кој постојано учи, останува млад“.** Моќта на квалитетното образование е неоспорна, таа нуди не само знаења од различни области и науки, туку и можност учениците да стекнат искуства во она што ги интересира. Благодарение на квалитетното образование учениците се способни да ги разберат работите што ги опкружуваат, да ги сфатат и објаснат различните феномени, да го искажат својот интерес и да ги покажат своите можности и способности. Квалитетното образование им обезбедува на децата: поголеми можности за успех во животот, можности за задоволителна и добро платена работа, можности за развој на урамнотежен живот.

Воспитно – образовниот систем има за цел да ги оспособува учениците за ефикасно учење, самостојно учење, критичко мислење и разбирање на светот, за запознавање и признавање на поединците на другите народи, како и откривање на сопствениот идентитет. Човекот целиот свој живот учи. Учи како да живее, да се менува, како да опстане. Еден дел од своето знаење го стекнува на училиште. За жал, честопати учениците усвојувањето на стратегии и техники за успешно учење го сфаќаат како додатна содржина за учење и поради тоа покажуваат аверзија. Всушност, целта е учениците на овој начин да развијат способност за доживотно учење и да формираат сопствен стил за учење. За да го постигнат тоа неопходна е мотивација, но и способност за планирање и организација на сопственото време која се развива во текот на наставата. Како што рекол **Бенџамин Френклин „Вложувањето во знаење носи најголеми камати“** а „*страшна и опасна“* е онаа личност која е полна со знаење, затоа што е способна

да се справи во секоја и со секоја ситуација, да предизвика нешто ново, нешто што ќе претставува успех и напредок за државата и човештвото, воопшто.

Животот и престојувањето во училиштето претставуваат предизвик за секое дете, бидејќи пред секој ученик се поставуваат различни барања во однос на дисциплината, учењето и дружењето, однос кон авторитетот, стекнување на одговорност и развој на сопствената личност. Нашето училиште секојдневно влијае врз формирање на личноста на своите ученици. Имено, преку меѓусебната комуникација и интеракција во училиштето, учениците постапно созреваат на емоционален, интелектуален и социјален план, се подготвуваат успешно да ги совладаат предизвиците на модерниот свет, позитивно насочени со својата култура, љубезност и толерантност во делот на сите сегменти на животот. Преку заедничка соработка и ангажирање се обидуваме успешно да го реализираме концептот на доживотно учење преку поттикнување и мотивирање на учениците за надоградување, усовршување и стекнување со способностите и навиките за континуирано учење. Учењето, сепак, е еден од најважните процеси во животот на секое човечко битие – со тоа постојано се надоградуваат личноста и авторитетот на секој човек. Преку учење и соработка, луѓето го подобруваат квалитетот на својот личен живот, но и квалитетот на животот на заедницата. **Образованието нема крај. Тоа не е да прочиташ книга, да положиш испит, да поминеш обука или да матуриираш. Целиот живот, од моментот кога се раѓаш, па се до неговиот крај е процес на учење и развој.**

Еден од важните фактори и креатори кој има исклучително важна улога во прогресот на воспитно – образовниот систем е училишниот психолог. Од неговата дејност во голема мера зависи севкупното работење на училиштето и тоа во сите области на неговото делување. Психологот во основното училиште има динамична и одговорна улога како во воспитно – образовниот процес, така и во поддршката на учениците и нивниот социјален и персонален развој. Во остварувањето на своите задачи психологот постојано соработува со учениците, родителите, наставниците, стручните служби во училиштето, како и со надворешни образовни институции. Преку сериозни и опсежни истражувања, анализи, стратегии, советувања, интервенции, превенции и планирања психологот придонесува во: подобрување на квалитетот во образованието и комуникацијата помеѓу ученик – родител – наставник; идентификување и ангажирање во работата со ранливите групи ученици (ученици со проблеми во однесувањето, емоционални проблеми, ниско самопочитување, слаба мотивација, насилничко однесување); поттикнување, усвојување и користење на емоционалната интелигенција кај учениците која ќе овозможи формирање на личности со високи морални критериуми, спремни за соработка и дружење; полесно интегрирање на учениците во современите текови на општеството; поддршка на учениците со потешкотии во учењето; вклученост на семејствата и заедницата; користење на разновидни пристапи кон учењето и создавање стимулативна средина; поуспешно учење, концентрација и помнење; регулирање на расположението и контрола на емотивните состојби на учениците (конфликтите, несигурноста, тремата); промовирање на вистинските вредности (хуманост, искреност, одговорност); личниот и професионалниот развој на младите и го зајакнува чувството на среќа и задоволство. Со стекнато квалитетно образование

младите заедно со своите врсници од ЕУ и од целиот свет ќе можат успешно да се соочат со предизвиците што ги носи современиот и динамичен начин на живеење, и да ги надминат и разрешат емотивните тешкотии и фрустрации по пат на самоконтрола.

Со својата работа училишниот психолог ќе придонесе за:

-развивање на способноста за разумно управување со себеси, како едно од важните мерила на силата на карактерот;

-развивање на зрела личност, во чие јадро се наоѓа автономијата, идентитетот и интегритетот на личноста;

-позитивна социоемоционална клима во паралелката и создавање клима на соработка или на натпревар, но не и клима на конкуренција;

-промовирање и негување на меѓуетничката интеграција во образованието;

-развивање свест кај учениците за потребата од почитување на другите култури и комуницирање со припадниците на другите етнички заедници;

-правилен психо – социјален развој на детската личност, и оформување на автентична, оригинална личност;

-негување и развој на мултикултурните разлики и вредности, елиминирање на сите форми на дискриминација, промовирање на еднаков пристап и можности за развој за сите ученици;

- развивање чувство на одговорност кај учениците во смисла на негување на толеранција, хуманост и солидарност, почитување на човековите права, кулурните вредности и различности;

-соживот, пријатна работна атмосфера на меѓусебно почитување, еднаквост, правичност и толеранција помеѓу учениците и наставниците од различна етничка припадност и пол;

-поуспешно реализирање на воспитно-образовниот процес (организација и начин на предавања, контакти со учениците/родителите);

-промовирање и примена на современите форми, методи, и наставни стратегии (согласно обуките и семинарите реализирани од БРО) кои се најсоодветни за возраста, индивидуалните можности и способности на учениците;

-утврдување на причините за демотивација, ниско самопочитување, неморално или неетичко однесување како и асоцијално и/или антисоцијално однесување на учениците и ангажирање во нивно надминување;

-мотивирање на учениците за проширување на нивните знаења, вештини, морални вредности и интереси;

-утврдување на особините кај учениците кои треба да се стимулираат и оние кои треба да се спречуваат;

-поголема соработка, помагање, поддршка и насочување на наставниците во професионалниот развој;

-помагање на наставниците во изнаоѓањето најефикасни начини за работа со учениците, зависно од индивидуалната особеност и можната перспектива за развој на секој ученик;

-умешност на учениците за примена на усвоените знаења во практиката – секојдневието;

-контрола на емотивните состојби (конфликтите, несигурноста, тремата);

-развивање на алтруизмот, а намалување на насилничкото однесување;

-подобрување на редовноста на учениците;

-идентификување на ранливите групи на ученици;

-идентификување на учениците со потешкотии во учењето и пречки во развојот;

-идентификување на феноменот булинг – причини, последици и начини на спречување на истиот;

-информирање, помагање и укажување на наставниците и родителите како да делуваат кај секоја категорија на ранливи групи ученици, а особено кај ученици со емоционални проблеми и ученици кои насилно се однесуваат или се жртви на насилство;

-примена на соодветни инструменти и методи на формативно оценување во функција на работа со ранливи групи ученици;

-подобрување на успехот, поведението и редовноста на ранливите групи ученици;

-следење на напредокот на наставниците за работа со ранливи групи ученици;

-информирање на родителите и превентивно делување за насилничкото однесување преку мобилни телефони и интернет мрежата;

-запознавање на родителите на учениците кои нередовно посетуваат настава, го намалуваат успехот во учењето и/или манифестираат одредена форма на несоодветно однесување со природата и значењето на проблемот што се јавил кај нивните деца;

-едуцирање на родителите за начините на кои можат да се подобрат вештините на воспитување на децата и да се унапредат односите во семејството за да можат нивните деца поуспешно да се справуваат со разните видови училишни тешкотии и животни предизвици;

-градење доверба и развивање партнерски односи со родителите за надминување на тешкотиите или проблемите што се јавиле кај нивните деца;

-запознавање на родителите со стиловите на родителство (во текот на групните советувања на родителите на учениците во основните училишта), и давање препораки за поуспешна комуникација помеѓу родителот и детето;

-подобрување на еколошката свест како кај учениците така и кај сите вработени во училиштето;

-подобрување на континуитетот во оценувањето во текот на целата учебна година;

-поуспешно учење и решавање на некои лични и училишни проблеми;

-подобрување на соработката помеѓу семејството и училиштето а со тоа и подобрување на успехот на учениците;

-развивање на творечкото и критичкото мислење на учениците;

-професионално советување и насочување на учениците од IX одд., за правилен избор на идно занимање (избор на средно училиште);

-помагање на учениците од IX одд. во правилниот избор на средното образование согласно нивните способности и интереси, преку спроведување и анализа на Прашалниците за самопроцена на професионалните интереси и способности на учениците;

-помагање на учениците да сфатат дека е човечно да се погреши но уште почовечно е да се простува, како и укажување на основните причини кои доведуваат до грешки во постапките на другите;

-поуспешна комуникација помеѓу ученик – наставник – родител;

-организирање и реализирање на предавања и работилници преку кои ќе се прошират видиците и сознанијата на учениците, родителите и наставниците, а ќе дојде до израз нивната креативност преку работата во групи, тимската работа, работата на проекти и сл;

-оспособување на учениците за доживотно учење;

-детектирање и анализа на ученици со три и повеќе слаби и/или ученици кои нередовно ја посетуваат наставата, како и советодавна работа со нив и нивните родители со цел надминување на одредени потешкотии во учењето, редовноста и нивното поведение;

-давање инструкции на учениците за рационално користење на слободното време и ослободување од секојдневните стресни ситуации;

-информирање и едуцирање на учениците за сексуалното вознемирување и заштита од сексуалната злоупотреба, помагање на учениците да ги продлабочат своите размислувања, навреме да го идентификуваат проблематичното однесување на возрасните/врсниците, и уште на почетокот да се спротивстават, со што ќе се намали бројот на деца жртви на сексуално вознемирување и/или сексуална злоупотреба;

-информирање и едукација на учениците од VIII / IX одд. за сексуално преносливите болести и односи, преку реализирање на работилници и изготвување Прашалници на горе наведената тема согласно возраста на учениците;

-едуцирање на учениците за поимот стрес, причините и последиците од стрес, информирање за видовите на стрес и влијанието на стресот врз здравјето на луѓето, елаборирање на интересни истражувања во врска со влијанието на стресот, како и учење и примена во секојдневниот живот и работа на некои од техниките за успешно разбивање т.е. ослободување од стрес;

-водење сметка за родовите предрасуди;

-запознавање и разграничување на сексуалното од физичкото насилство и укажување на последиците од нив;

-развивање на одговорноста и толеранцијата кај учениците;

-создавање атмосфера во училиштето во која ученците слободно ќе учествуваат во комуникацијата и ќе имаат можност да одлучуваат;

-превентивно делување и оддалечување на учениците од лошите пороци, како и враќање на вредноста на социјализацијата, хуманоста, искреноста, одговорноста, пријателството, друштвеноста, спремноста за соработка и помагање, креативноста но, и зајакнување на чувството на среќа, релаксација и задоволство преку учество во проекти и реализација на интересни работилници;

-проширување на знаењата, искуствата, вештините, моралните вредности и интереси на учениците преку реализирање на поучни едукативни работилници и предавања во или надвор од училиштето;

-помагање на наставниците во изработката на квалитетни дневни подготовки, осмислување и реализирање на наставните часови согласно барањата на

одредени проекти, упатување на потребната стручна литература и поттикнување на продуктивното мислење кај учениците;

-промовирање на кооперативната и интерактивна настава и учење;

-помагање на наставниците во изготвувањето на индивидуален образовен план, со кој на дискретен начин ќе го прилагодат образовниот процес на учениците со пречки во развојот или со потешкотии во учењето;

-соработка со други надлежни институции релевантни за спречување и контрола на насилничкото однесување, жртвите на насилство и/или семејно насилство, како и организирање стручни предавања и трибини во нашето училиште реализирани од страна на соодветни стручни лица.

Како стручен соработник, психологот севкупната своја работа содржински ја усогласува со:

-Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр.103/08), како и Законот за изменување и дополнување на Законот за основно образование („Сл.весник на РМ“ бр.33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 100/12, 24/13, 160/13, 41/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 161/19, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25).

-"Концепција за основно образование" донесена во март 2021 год.

-Статутот на училиштето

-Годишната програма на училиштето за учебната 2026/2027 год.

Годишна глобална програма за работа на психологот
за учебната 2025/2026 година

Прво програмско подрачје Планирање, програмирање и организирање на воспитно – образовната работа			
Содрж. Целина	**Подрачје на работа**	**Соработници**	**Време на реализација**
1.	Изготвување на Годишна глобална програма за сопствената работа.	Самостојно	Јули
2.	Учество во изработката на Годишната програма за работата на училиштето.	директор наставници педагог	Јули
3.	Програма за професионална ориентација на учениците на училишниот психолог (прилог во Годишната програма на училиштето).	Самостојно	Јули
4.	Програма за работа со ученици со потешкотии во учењето (прилог во Годишната програма на училиштето).	Самостојно	Јули
5.	12. Поддршка на учениците – подрачје од Годишната програма на училиштето.	Самостојно	Јули
6.	Учество во изработката на тримесечниот, полугодишниот и годишниот извештај за работата на училиштето.	директор наставници педагог	Јануари јуни тековно
7.	Изготвување извештај за сопствената работа.	Самостојно	јуни

8.	Програма за „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем – **Поврзување со наставната програма**“.	самостојно наставници	Јули
9.	Планирање на активности во рамките на програмата на училишниот психолог за работа со ранливи групи ученици (**ученици со емоционални проблеми и ученици кои насилно се однесуваат или се жртви на насилство**).	Самостојно	Јули
10.	**Програма за работа со надарени и талентирани ученици на училишниот психолог.**	Самостојно	Јули
11.	**Учество во изготвување на „Училишен протокол за заштита на учениците од насилство во Основното училиште“.**	самостојно, секретар, директор, стручни соработници, наставници, родители, ученици	Септември октомври
12.	**Учество во изготвување на „Акциски план за превенција и заштита на учениците од насилство“.**	самостојно, секретар, директор, стручни соработници, наставници, родители, ученици	Септември октомври

13.	**Тимска работа со дефектологот во изготвување на „Акциски план за унапредување на менталното здравје“.**	Самостојно	Јули
14.	**Изготвување Програма „Вештини за адолесценција“ за VIII одд. (анекс на Годишната програма на училиштето)**	Самостојно	Јули
15.	**Изготвување на акционен план за „Унапредување на менталното здравје на учениците од I до IX одд.“**	Самостојно	Јули август

Второ програмско подрачје Следење на воспитно-образовниот процес			
Содрж. Целина	**Подрачје на работа**	**Соработници**	**Време на реализација**
1.	Утврдување на зрелоста на децата за поаѓање во I одд.: -Набљудување, интервју со детето и запишување на забелешки; -Интелектуалните способности на децата при запишувањето во I одд; -Идентификување на децата кои се запишуваат во I одд. со помала календарска возраст; -Идентификување на децата кои не се запишале во I одд.	родители наставници дефектолог педагог ученици	мај јуни јули август
2.	Формирање на паралелки во I и VI одделение.	самостојно наставници педагог	јули август
3.	Запознавање на наставниците од I и VI одд. со специфични случаи на деца.	наставници од I и VI одд. дефектолог педагог	јули август септември

4.	-Следење на прилагодеността на учениците во I и VI одделение: -посета на часови -разговор со ученици -разговор со родители и наставници.	ученици од I и VI одд. наставници родители	септември октомври ноември
5.	Следење на соработката со наставниците и родителите на учениците кои во I одд. потешко напредуваат.	наставници од I одд. родители дефектолог	септември октомври тековно
6.	Откривање и стручна помош на учениците со потешкотии во напредувањето: -потешкотии во напредувањето на учениците во I одд; -потешкотии на учениците при преминот од V во VI одделение; -однесувањето на ученикот и неговиот успех во учењето; -нередовноста како причина за потешкотии во напредувањето на ученикот; -дополнителната настава и следењето на учениците со потешкотии во напредувањето. -специфичните проблеми во семејството и напредувањето на учениците; -разработка на соодветни форми, методи и техники за работа со овие ученици; -идентификување на ранливите групи ученици; -примена на соодветни инструменти и методи на формативно оценување во	родители наставници дефектолог ученици педагог	тековно

6.	функција на работа со ранливи групи ученици; -подобрување на успехот, поведението и редовноста на ранливите групи ученици; -следење на успехот и напредокот на ранливите групи ученици во наставните и воннаставните активности; -преку набљудување на учениците на час и индивидуални разговори со нив, утврдување на причините за значителен неуспех по еден или повеќе предмети и предлагање мерки за решавање на истите; -емоционалната зрелост на учениците како причина за потешкотии во напредувањето; -емоционалните карактеристики на учениците со потешкотии во напредувањето; -идентификување на учениците со потешкотии во учењето и пречки во развојот.	родители наставници дефектолог ученици педагог	Тековно
7.	Откривање на ученици со поголема можност за напредување и развој: -соработка со наставниците во следењето на учениците кои постигнуваат изразито високи резултати на натпревари, додатна настава, слободни ученички активности, тестови на знаење и други облици преку кои можат да се забележат овие ученици. -евидентирање на учениците кои покажуваат изразени способности по едно или повеќе подрачја. -соработка со родителите на	наставници ученици родители	тековно

	надарените ученици во насока на давање инструкции за нивната работа со децата и соработка со училиштето. -вклучување на овие ученици во разни истражувачки активности во наставата и надвор од неа. -вклучување на овие ученици во разни проектни активности во наставата и надвор од неа. -Соработка со други лица и институции кои работат со учениците со повисоки можности.	наставници ученици родители	тековно
8.	Следење на напредувањето на учениците според нивните можности и индивидуални карактеристики: -пофалбите и наградите како фактор за успехот на учениците, -оценката како мотив за учење и постигнување на подобри резултати, -предзнаењата и успехот на учениците во I одд., -соработката на наставникот со родителот и успехот на учениците, -посетата на предучилишна установа и успехот во учењето, -евиденција, увид и анализа на успехот, редовноста и поведението на учениците на тримесечје, полугодие и крајот на учебната година, -редовноста како фактор за постигнување на подобри резултати.	самостојно ученици наставници родители педагог дефектолог	тековно

9. **9.**	-Организирање и имплементација на работилница на тема: „Професионална ориентација и селекција – Што сакам / Што треба да бидам“. **Цели:** -учениците да научат која посебна гранка од психологијата се занимава со професионалната ориентација и селекција; - да умеат да прават разлика помеѓу професионална ориентација и селекција и да го сфатат нивното значење; - да сфатат дека интересите кои во моментот ги имаат не се стабилни, туку се променливи и тоа особено во периодот на младоста; - да сфатат дека ќе бидат успешни во нивната професија само доколку навистина се трудат, учат и ја посакуваат длабоко во себе, во спротивно занимавањето и учењето на таа активност или професија ќе биде главно неуспешно; - да научат од кого можат да добијат информација за средното (стручно) училиште за кое се заинтересирани; - да сфатат што се подразбира под поимот способност, какви поделби има според степенот на развиеност на способноста и кое е нивното значење; - да дадат свои предлози за оние средни училишта за кои тие најмногу се заинтересирани, за да ги планираме да извршат презентација во периодот од април до јуни. Професионална ориентација на учениците од IX одд.	самостојно одделенски раководители на IXодд. ученици од IX одд. самостојно наставници ученици од IX одд.	април

9.	-советодавна работа и разговори со учениците од IX одд. за нивните професионални желби, интереси, способности и вештини кои ги поседуваат заради правилен избор на средно стручно училиште; -запознавање со поволностите и опасностите од правилно / погрешно избрано образование за идна професија; -соработка и разговор со наставниците и родителите за професионалните желби и интереси на учениците од IX одд.; -утврдување на поврзаноста меѓу успехот на одделни предмети и професионалните желби и интереси на учениците од IX одд. -учениците да ја согледаат поврзаноста меѓу успехот на одделни предмети и нивните професионални желби и интереси; -преку реализираната работилница, согледување на намерите и интересите на учениците преку разговор, со цел организирање презентација на оние средни училишта за кои тие појавиле најголем интерес; -организирање презентација во нашето училиште на оние средни училишта за кои учениците појавиле најголем интерес; -преку презентацијата на средните училишта, учениците да се запознаат со нивната визија, способностите, вештините, успехот, телесните карактеристики што треба да ги поседуваат за да се запишат во соодветното средно	надворешни лица самостојно наставници ученици од IX одд. надворешни лица	април мај јуни април мај јуни

9.	стручно училиште, можностите за вработување по завршувањето на училиштето, и разновидните можности за продолжување на образованието; -примена на Прашалниците за самопроцена на професионалните интереси и способности на учениците како и нивна анализа; -давање соодветна повратна информација од анализираните Прашалници за професионална ориентација на учениците од IX одд., и помагање во изборот на нивното идно занимање т.е. средно стручно образование.	самостојно наставници ученици од IX одд. надворешни лица	април мај јуни
10.	Откривање и работа со ученици кои манифестираат неприлагодено однесување (бегање од часови, деликвенција,пушење, насилничко, асоцијално,антисоцијално,неморално или неетичко однесување, голем број изостаноци и сл.): -набљудување на учениците кои имаат направено повеќе од 10 неоправдани изостаноци, и советување со нив и нивните родители; -индивидуално и/или групно советување со учениците по различни основи; -набљудување на учениците при активностите во текот на часот и за време на училишниот одмор; -индивидуални разговори со ученици, наставници и родители; -советување на родители на ученици кои ги навредуваат	ученици родители наставници стручни лица ученици родители наставници дефектолог стручни лица претседатели и заменик	тековно

	наставниците, ја попречуваат воспитно - образовната работа и/или учествуваат во тепачки или други форми на насилство; -советување на родители на ученици на кои за краток временски период (едно тримесечје) нагло им опаднал успехот; -соработка со: ЈУ - Меѓуопштински центар за социјална работа - Радовиш, МВР, ЈЗУ „Здравен дом“ – Радовиш, НВО, БРО-МОН, Центар за функционална проценка како и други стручни институции; -соработка со Завод за ментално здравје - Скопје; -организирање на предавања и работилници со ученици на тема: а)„Феноменот булинг – причини, последици и начини на справување со истиот“.; б)„8-те Особини на културниот човек“; в) „Социјална изолација, пријателство и начин на комуникација кај младите“; г)„Сексуално вознемирување и заштита од сексуална злоупотреба“. д)„Професионална ориентација– Што сакам / што треба да бидам“? ѓ)„Сексуално преносливи болести и односи“. е)„Малолетничка деликвенција – превенција, причини и последици“.	претседатели на ученичката заедница од V-IXодд. ученици VI-VII наставници; ученици VII-IX дефектолог наставници; ученици VI-VII наставници; ученици IX наставници; ученици VIII-IX наставници ученици VII-VIII наставници; ученици VIII-IX наставници	тековно тековно
10.	ж)„Болести на зависност (алкохолизам, наркоманија и	ученици VI-VII наставници;	тековно

	пушење)“; з)„Бонтон правила што редовно ги кршиме“		

Трето програмско подрачје Изготвување на стручен материјал			
Содрж. Целина	**Подрачје на работа**	**Соработници**	**Време на реализација**
1.	Подготовка на пишан материјал или презентација за ученици: а)„Влијанието на дрогата врз психофизичката состојба и однесувањето на личноста“. б)„Психологија на деловната култура“. в)Презентација на тема: „Сексуално преносливи болести и инфекции“. г)„Влијанието на пубертетските промени кај младата личност “.	самостојно ученици наставници	тековно
2.	Подготовка на пишан материјал / презентација за наставниот кадар: а)„Дислексија, дисграфија и дискалкулија“. б)„Добри деловни манири, однесување на работно или јавно место и имиџот – индивидуална карактеристика на вашата лична и деловна култура“.	самостојно наставници	тековно
3.	Подготовка на предавање / презентација за родители: а)„Стилови на родителство и нивните ефекти врз децата, како и давање препорака за поуспешна комуникација меѓу родителот и детето“.	самостојно родители	тековно

4.	Изготвување и спроведување на анкети, прашалници, работилници и предавања за потребите на училиштето. Изготвување и спроведување на Презентација за советување родители на ученици во нашето основно училиште согласно Програмата за советување родители на ученици во ОУ, како и Презентација за советување на учениците согласно Програмата за советување на ученици во ОУ.	самостојно	тековно

Четврто програмско подрачје **Советодавна - инструктивна работа**			
Содрж. **Целина**	**Подрачје на работа**	**Соработници**	**Време на реализација**
1.	Информирање и советодавна работа со наставниците од I одд, за очекуваниот напредок од учениците врз основа на добиените резултати од испитувањето на зрелоста за поаѓање во училиште преку интервју и посматрање како и давање инструкции за надминување на одредени потешкотии.	наставници од I одд. дефектолог педагог	август септември
2.	Консултативна и советодавна работа со наставниците при: -делување кај секоја категорија на ранливи групи ученици, а особено кај ученици кои насилно се однесуваат или се жртви на насилство, како и ученици со емоционални проблеми; -подготовката и реализацијата на		

2.	интерактивната настава; -примена на соодветни инструменти и методи на формативно оценување во функција на работа со ранливи групи ученици; -следење на напредокот во работата со ранливи групи ученици; -осмислување и реализирање на наставните часови според барањата на одредени проекти и семинари; -изготвувањето на нивните планирања; -упатување на потребната стручна литература; -изготвувањето на Интегрираното планирање по предмети, содржина, одделение и време на реализација за „Програмата за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем – Поврзување со наставната програма“; -прилагодување на наставните содржини на индивидуалните потреби и способности на учениците со пречки или потешкотии во развојот; -оценувањето на учениците со потешкотии во учењето и децата со пречки во развојот.	самостојно, наставници, директор, одговорни лица за стручните активи самостојно, наставници, дефектолог, директор, одговорни лица за	август септември тековно август септември

		стручните активи	тековно
3.	Непосредно следење и вреднување на наставниот процес: -преку посета на часови; -преку почитувањето на Еко - кодексот во училиштето за заштита на животната средина; -преку почитување на Етичкиот кодекс на однесување на учениците, наставниците и родителите; -преку напредокот на наставниците во работата со ранливи групи ученици; -преку анализа на успехот, поведението и редовноста на ранливите групи ученици; -преку разговор со наставниците и активите; -преку следење и анализа на постигањата на учениците со потешкотии во учењето и пречки во развојот.	самостојно наставници дефектолог ученици	тековно
4.	Консултации со наставници, училишен одбор, ученици, стручни активи и родители во врска со интегрираното планирање за изработка на "Програмата за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем – Поврзување со наставната програма".	наставници ученици родители училишен одбор стручни активи	тековно
5.	Советодавна работа и индивидуални разговори со ученици, наставници и родители на ранливи групи ученици кои потешко напредуваат во учењето и имаат	родители наставници дефектолог	тековно

	проблеми со успехот, редовноста и дисциплината.	ученици	

Петто програмско подрачје **Општостручно усовршување на воспитно - образовниот кадар**			
Содрж. Целина	**Подрачје на работа**	**Соработници**	**Време на реализација**
1.	Соработка со наставниците во подготвувањето на сите видови настава: -следење на процесот на оценување; -следење на организацијата, реализацијата и ефектите од новите форми и методи на работа: а)посета на час; -увид во изготвувањето на дневните подготовки, и по потреба давање инструкции за квалитетни дневни подготовки; - следење и вреднување на ефектите од дополнителната настава; - следење на напредокот од работата со ранливите групи ученици и примената на посочените инструменти и методи на формативно оценување во функција за работа на овие групи ученици; -следење на реализацијата и евидентирањето на часовите на наставниците за еко-содржините планирани во IX-те теми во „Програмата за интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем -	самостојно наставници директор одговорни лица за стручните активи самостојно	август септември тековно

1.	Поврзување со наставната програма“; -евидентирањето на учениците чии родители треба да се повикаат на советодавен разговор кај психологот согласно измените и допуните на Законот за основно образование; -евидентирање на учениците чии родители треба да присуствуваат на групно советување (поради нередовност, намален успех и/или несоодветно однесување), анализа на податоците како и изготвување и реализирање на Презентација за советување родители на ученици во нашето училиште согласно дадената Програма; -евидентирање на учениците кои ќе подлежат на индивидуално или групно советување согласно Програмата за советување ученици во основните училишта; -следење на успехот, редовноста и поведението на учениците кои се советувани (индивидуално или групно), и евидентирање на ефектите во посебни обрасци.	дефектолог наставници самостојно наставници	тековно тековно
2.	Работи на унапредување на оценувањето на знаењата на учениците: -помагање на наставниците во прилагодување на оценувањето на индивидуалните потреби и способности на учениците со пречки во развојот и потешкотии во учењето; -усогласување на оценувањето меѓу наставниците; -поттикнување на соработката и		тековно

	разбирањето меѓу наставниците во оценувањето; -почитување на етичкиот кодекс за оценување; -оценувањето да стане праведно, валидно и релијабилно и да биде составен дел од наставниот процес; -оспособување на учениците за создавање на култура за правично и фер оценување во училиштето; -анализа на успехот на учениците на тримесечје, полугодие и на крајот од учебната година; -подобрување на континуитетот на оценувањето во текот на целата учебна година; -подобрување на успехот, поведението и редовнста на ранливите групи ученици преку примена на одредени инструменти и методи на работа како и извесни препораки и совети за надминување на одредени потешкотии.	самостојно наставници дефектолог одговорни лица за стручните активи	
	Следење и работа на подобрување на педагошката комуникација: -ученик – наставник; ученик - ученик; и ученик - наставник - родител; -речникот на учениците во меѓусе- бната комуникација; -сите заеднички да работиме на елиминирање на дискриминацијата и промовирање на еднаквост на сите; -некои неприфатливи карактеристи- ки на однесувањето на учениците кон наставниците за време на	наставници ученици родители	тековно

3. **3.**	часот; -промовирање на меѓусебното почитување, толеранција, другар- ството и хуманоста; -предавања и работилници со наставници и родители за информирање на ранливите групи ученици; -почитување на меѓусебните полови разлики; -едукација и примена на одредени аспекти од современиот бонтон. -учениците од различна етничка припадност слободно да учествуваат во комуникацијата и да имаат можност да одлучуваат и учествуваат во наставните и воннаставните активности (зависно од нивните афинитети и индивидуални можности) како и сите други без да се почувствуваат подредено; -промовирање на еднаков пристап и можности за развој на сите ученици, организирање и реализирање работилници и предавања од страна на наставниците и стручните служби за промовирање и негување на меѓуетничката интеграција во образованието; -одржување едукативни работилници со учениците за подобрување на вербалната комуникација, социо-емоционалната состојба, меѓусебната доверба во соработка со наставниците и одделенските раководители.	наставници дефектолог ученици родители	тековно

4.	Следење и обработка на стручни материјали добиени од проекти, БРО, подрачна единица за образование, основни училишта, МОН и други институции поврзани со образованието.	стручни лица самостојно	тековно
5.	Учество во работата на стручни органи и тела.	директор наставници	тековно
6.	Соработка со наставници почетници: -упатување во организацијата и работата на училиштето; -упатување во подготовката и организацијата на часот; -упатување во тимската работа.	наставници	тековно
7.	Работи на сопствено стручно усовршување: -следење на стручна литература; -учество на организирани семинари, предавања, проекти на НВО, работилници и советувања, како и пренесување на стекнатите новини, сознанија, задолженија и впечатоци на директорот и наставниците.	самостојно стручни лица	тековно

Шесто програмско подрачје Водење на педагошка евиденција и документација			
Содрж. Целина	**Подрачје на работа**	**Соработници**	**Време на реализација**

1.	Увид во педагошката евиденција и документација на училиштето: -матичната книга за евиденција на учениците; -дневниците на учениците; -анализа на квалитетот на тематските и дневните планирања на наставниците; -статистичка обработка на податоци за успехот, редовноста и поведението на учениците на тримесечје, полугодие и крајот на учебната година.	самостојно наставници директор педагог	септември тековно
2.	Водење на сопствена евиденција и документација: -хронолошки дневник за сопствената работа; -дневник за советодавна работа со ученици, родители и наставници; -записник со листа на присутни од реализацијата на Презентацијата на Програмата за советување на родители, односно старатели на ученици во ОУ кои согласно законот треба да бидат советувани; -неделен и месечен табеларен план за советување родители на ученици (по основ на советување) за учебната 2025/2026г. како и одредување на термин за советување; -евидентен лист за увид и следење на работата на наставниот кадар во училиштето, евидентирање на комплетноста и соодветноста на програмите на наставниците од предметна настава, со програмите дадени по предлог од БРО, регистрирање на извршената	самостојно	тековно

	корекција или дополнување како и евидентирање на датумот;		
2.	-изготвување и доставување Извештај до директорот на училиштето, за извршената проверка на прегледаните Годишни програми на наставниците од предметна настава; -изготвување Презентација за советување родители на ученици во ОУ (прва и втора средба, по прв, втор или трет пат), согласно Програмата; -покани за советување на родители, доставници и обрасци; -дневник за евиденција на педагошките мерки на учениците; -водење евидентен лист од остварена активност: посета на час, реализирана работилница или предавање; -извештај за напредокот на успехот, поведението и редовноста на ранливите групи ученици; -евидентен лист за упис на првачињата; -дневник за талентирани ученици кои учествуваат на натпревари;	самостојно	тековно
2.	-водење **Професионално досие за (предметните) наставници, директорот и стручните соработници** во нашето ООУ. -записници од соработка со наставници, стручни активи, други стручни соработници, претставници на НВО, МОН, БРО и сл. -евидентирање на учениците за групно или индивидуално	самостојно	тековно

	советување во присуство на родител и одделенски раководител / наставник, согласно Програмата за советување ученици во основните училишта; -изготвување Презентација за советување на ученици во ОУ согласно Програмата; -Извештај за постигнати ефекти од индивидуалното советување на ученици во присуство на родител и одделенски раководител / наставник.		

Седмо програмско подрачје Аналитичко - истражувачка работа			
Содрж. Целина	**Подрачје на работа**	**Соработници**	**Време на реализација**

1.	**1.Проблем на истражување:** Изготвување **Програма „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ – Поврзување со наставната програма.** **- Програмата „Еко-училиште" е еден од проектите на едукативната програма„Немаме резервна планета“, и има за цел стекнатото знаење на темата Животна средина да се примени во пракса.** **-** Еко-училиште е училиште кое ја усвоило заштитата на животната средина како една од основните вредности во своето управување, едуцирање и делување. Статус на Еко-училиште се добива преку реализацијата на седумте чекори: **1.форирање на еко-одбор;** **2.анализа на состојбата на животната средина;** **3.изработка на план на активности;** **4.следење и евалуација на напредокот;** **5.поврзување на заштитата на животната средина со редовната настава;** **6.информирање и вклучување на поширокатa заедница;** **7.изработка на Еко-кодекс.** **-Цел на истражувањето:** Целта е изготвување на **Програма за „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот**	самостојно наставници самостојно наставници директор ученици	јули август јули август тековно

1.	**образовен систем – Поврзување со наставната програма“ (5-иот чекор)** од Интегрираното планирање во наставата. За таа цел психологот спроведува работилница со сите наставници од I-IX одд, на која наставниците одредуваат кои еколошки содржини од IX-те теми по наставни предмети и одделенија можат да ги корелираат со наставните содржини од нивните Годишни распределенија (одредувајќи ја и временската рамка на реализација и бр. на часови годишно, согласно нивните годишни распределенија). Дадените предлози од наставниците, психологот ги обработува и евидентира во **Програмата – Поврзување со наставната програма, прилог 7.** -Презентирање на изготвената Програма „Интегрирање на еколошката едукација во македонскиот образовен систем – Поврзување со наставната програма“, пред Училишниот одбор и Советот на родители; -Усвојување на Интегрираното планирање од страна на Училишниот одбор; -Вметнување на Интегрираното планирање во Годишната програма на училиштето како и во тематските и дневните планирања на наставниците; -Евидентирање на реализираните наставните содржини од Интегрираното планирање во дневниците од страна на наставниците;	самостојно наставници самостојно наставници директор УО Совет на родителите самостојно наставници	јули август јули август септември август септември тековно

1.	-Доставување на Интегрираното планирање до Канцеларијата на програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“ во предвидениот временски рок, од страна на психологот. Нашето училиште веќе има добиено статус Еко-училиште, односно **зелено знаме,** а придобивките се следните: -подигање на свеста за заштита на животната средина кај учениците, наставниците, техничкиот персонал, родителите и сите други кои директно или индиректно се вклучени во училишната заедница со што ќе се овозможи примена на теоретското знаење во секојдневниот живот; -уште од најрана возраст кај учениците поттикнување на почитта и грижата за другите како и одговорноста кон општеството и животната средина; -развивање на вештини на комуникација, односи со јавноста, тимска работа, истрајност во работата и слично; -учениците да можат да носат одлуки врз основа на информации и да реагираат чувствително кон животната средина; -подигање на општата свест за планираните активности за заштита на животната средина во училиштето и заедницата, и вклучување на што повеќе луѓе (родители, локални бизнисмени, медиуми, НВО, локалната заедница, ученици и слично) во нивната реализација; -информирање и вклучување на	самостојно самостојно наставници директор	јули август август септември тековно

1.	целото училиште и поширокатa заедница за заштита на животната средина и реализација на целите од Планот на активности; -дополнување на **Еко - кодексот** (правилник), кој ги претставува заедничките ставови на сите учесници во Програмата; -презентирање на **Еко – кодексот** на едноставен, илустриран и дизајниран начин кој е разбирлив и делува поттикнувачки; -истакнување на **Еко – кодексот** на видно место во училиштето и почитување од целото училиште и поширокатa заедница; -можност за одржување на нашето училиште на наградата **зелено знаме**; -подобрување на соработката помеѓу училиштето, родителите, ЛЗ, бизнис секторот, НВО и медиумите; -финансиска заштеда на училиштето; -градење на посовесни идни генерации; -препознатливост на училиштето; -чиста и здрава средина за работа и учење; -дружење и размена на искуства и идеи со други училишта, ученици и наставници од целиот свет кои работат на истата проблематика.	самостојно наставници директор	август септември тековно

Прилог 3: Годишна програма за работата на училишниот педагог

Педагог: Наташа Дацева Вучкова

Годишна програма за работа на училишниот педагог за 2026 – 2027 година

1.Појдовни основи за изготвување на годишната програма

1.Законот за основно образование

2.Концепциски документ: основно – образовни содржини и организација на воспитно-образовната дејност

3.Развоен план на училиштето

4.Гдишен извештај за работата на училиштето во предходната учебна година

5.Годишна програма за работа на училиштето за тековната учебна година.

2.Приоритет во годишната програма за работа на училиштето

1.Поттикнување и градење на систем на позитивни вредности на субјектите во воспитно образовниот процес.

2.Следење на постигањата на учениците од различен пол,етничка припадност(и јазикот на наставата)по наставни предмети и по квалификациони периоди.

3.Подршка на учениците преку севкупна грижа за учениците,преку советодавни активности,во зависност од соодветен проблем или соодветно настаната ситуација,според потребите на учениците.

4.Подршка за грижа на менталното здравје на учениците.

5.Еднаков и правичен третман на сите ученици.

Цели:

-Градење на систем на позитивни вредности/чесност, праведност, човекољубивост, толеранција, искреност, соработка, помагање, самодоверба, поттикнување за градење на социоемоционални вештини и сл.

-Примена на тие вредности во животот,учењето и работата.

-Градење на здрави социјални и емотивни личности.

Инструменти за следење и примена на ефектите, евидентен лист, прашалник, увид во педагошка евиденција.

Месечен табеларен план за работа според програмските подрачја:

Временска реализација по програмски подрачја	Август	Септември	Октомври	Ноември	Декември	Јануари	Февруари	Март	АприлЛ	Мај	Јуни	Јули
1.Непосредно следење на воспитно образовната работа		x	x	x	x	x	x	x	x	x	x	
2.Советодавна-консултативна работа со ученици наставници,родители		x	x	x	x	x	x	x	x	x		
3.Аналитичко-истражувачка работа	x	x	x	x	x	x	x	x	x	x	x	x
4.Стручно усовршување на воспитно образовниот кадар	x	x	x	x	x	x	x	x	x	x	x	x
5.Педагошка документација и евиденција.	x	x	x	x	x	x	x	x	x	x	x	x

1.Непосредно следење на воспитно образовната работа во училиштето

-Активности за запишување на учениците во I-во одд и следење на нивниот развој.

-Следење на однесувањето на учениците за време на нивниот целокупен престој во училиштето.

-Следење на ученици со потешкотии во учењето,емоционални проблеми и сл.

-Следење на организацијата и реализацијата на одделенските часови и ефектите кои ги имаат содржините на тие часови врз психолошкото,социјалното и емотивната состојба врз учениците.

-Следење на примена на различни активни форми и методи во наставата и интеракција со учениците заради нивно мотивирање

-Следење на ефектите од реализација на приоритетни задачи на училиштето.

-Следење на ученици со премин од одделенска во предметна настава и во поглед на нивната адаптираност во нова средина/повеке наставници,нови ученици и сл./

-Подршка во изведување на систематски прегледи и вакцинирања на учениците.

-Следење и подршка на ученици со потешкотии во описменувањето.

2.Советодавна-консултативна работа со ученици, наставници, родители

-Советодавно – консутативната работа на педагогот се остварува со следните субјекти: наставници, ученици, родители/старатели.

-Инструктивно советодавна помош на ученици со потешкотии во учењето/мотивирање, поттикнување, јакнење на силните страни на личноста.

-Инструктивно консултативна работа во планирање,примена на соодветни методи како и реализација на наставата со цел да се согледа пристапот на наставниците кон плнирањето и реализацијата на на новиите наставни програми според опишаното сценарио или зацртаната цел.

-Следење на часови кај наставници кои ја реализираат новата наставна програма од прво до шесто одделение, кои реализираат настава по новата концепција.

-Индивидуални консултации со наставниците кои изразуваат желба за соработка.

-Подршка на наставниците при изработка на сценарио како главна цел со цел мотивирање на учениците

-Подршка на одделенските раководители во создавање на поволнасоцијална клима во одделението и воспоставување на здрави демократски односи.

-Соработка и помош во разни проекти што ги реализира училиштето

-Подршка на проектот Професионална орјентација на учениците од деветите одделение преку предходно подготвен акционен план од педагогот. Работилници во деветите одделенија запознавање на учениците со некои актуелни професии кои ке бидат барани на пазарот на трудот, и обракање на внимание на особините кои ги поседуваат на како битни за успех кон одредени професии. Соработка и подршка со класни раководители на деветите одд при реализирањето на теми од професионалната орјентација на одделенските часови. Изготввање на прашалници во фазата на донесување на одлука од страна на учениците од деветите одделенија.

-Советодавно-консултативна помош на родителите во врска со воспитувањето и образованието на нивните деца;

-Инструктивна помош и подршка на родителите за нивно вклучување во воспитно образовната работа преку запознавање на структурата за работа на училиштето;

-Упатства за родители;

-Запознавање на родителите со измените и дополнувањата на законот за основно образование;

-Подршка на работата на ученичката заедница/планирање на работата, организирање на акции, учество на состаноци;

-Подршка на наставниците и учениците во организирање на културни настани,екскурзии, хуманитарни акции, подршка во смисла на изборот на содржините за културен настап,подршка и предлог за посета при избор на дестинациите за посета на значајни локации и места и сл. во зависност од интересот за соработка на наставниците и учениците;

-Стручна помош и советување во изречување на педагошки мерки, опомени и казни;

3.Аналитичко –истражувачка работа

-Квалитетна анализа на тестот за испитување на предзнаењата за упис на децата во прво одделение;

-Изработка на инструменти и постапки за следење и вреднување на учениците;

-Анализа на успехот на учениците по одделни предмети по класификациони периоди и следење на негативните оценки на тромесечие,на целокупниот успех на полугодие, и на крај на учебната година по пол, предмети, одделенија, етничка припадност и сл.

-Помош при професионалното информирање и ориентирање на учениците во зависност од нивните интереси;

-Изготвување на анализи и извештаи за потребите по барање на МОН, БРО.

-Одржување на работилници со ученици на сл теми:

1.Одговорност кај децата

а.Што е одговорност и зошто е важна

б.Примери од секојдневниот живот за развивање на одговорност кај децата

в.Помогнете му на детето да се запознае себе си

г.Бидете внимателни кога ги критикувате вашите деца

д.Со што делувате разочарувачки на детето

ѓ.Овозможете му на детето да го доживее успехот

е.Научете го детето да се споредува само со себе

2.Слободното време, рганизирање на слободното време, ефектите и благосостојбата од неговата организирност врз самите ученици.

3.Работилници во врска со професионалната орјентација на учениците од деветите оделенија, запознавање со актуелни професии кои ке бидат барани на пазарот на трудот во наредниот период и важноста на особеностите на личноста поврзани со одредена професија.

Подготовка на прашалници од Професионалната орјентација на учениците од деветите одделенија во завршната фаза при конечно определување за одредена професија.

4.Стручно усовршување на воспитно образовниот кадар

-Водење на професионално досие на наставниците од I – V одделение;

-Подршка во водење на досиеа на учениците;

-Подршка на наставниците во реализација на соработка со родители;

-Подршка во примена на критериумите за оценување на учениците;

-Самостојно стручно усовршување преку учество на семенари и советувања организирани од МОН и БРО;

-Соработка со советници од Биро за развој на образованието;

-Стручна соработка со колеги од други училишта и други институции – социјални грижи, медицински центар и др., според портебите;

5.Педагошка евиденција и документација
-Водење на сопствена педагошка евиденција и документација

-Годишна програма на училишниот педагог

-Хронолошки дневник за работа

-Дневник за работа со ученици

-Дневник за работа со родители

-Дневник за работа со наставници

Прилог 4: Годишна програма на училишен дефектолог

Специјален едукатор и рехабилитатор – дефектолог: Биљана Јованова

Годишна програма за работата на дефектологот во учебната 2026/2027 година

ОПШТИ ЗАДАЧИ

Дефектологот во училиштето работи на:

1. Следење на наставата и другите подрачја од воспитно-образовната дејност на училиштето и идентификување на оние аспекти од воспитно-образовната работа што се во доменот на неговата стручна компетенција;
2. Планирање и програмирање на сопствената работа;
3. Општо стручно усовршување на наставниците;
4. Непосредна работа со учениците;
5. Советодавно-консултативна работа;
6. Водење сопствена педагошка евиденција и документација.

ПОДРАЧЈА И СОДРЖИНИ/АКТИВНОСТИ НА РАБОТА

1. Следење и унапредување на воспитно-образовната дејност

Преку непосредно следење на воспитно-образовната дејност дефектологот треба да добие сознанија за:

- учениците на кои им е потребна дополнителна стручна помош за поуспешно адаптирање на ученикот во училишната средина;
		влијание на корупцијата во општеството				
3.	Стекнување на основни знаења за корупција и антикорупција;	Да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност; да знаат за облиците во кои може да се појави корупција и начинот на спречување и заштита од истата; да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата; Да го сфатат штетното влијание на корупцијата во општеството;да ја сфатат улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Р. М и механизмите преку кои таа делува	Предавање и вежби	Предавање; Презентации Power point дискусија; крстозбор	Декември	Да ги препознаваат механизмите за спречување и заштита од истата
4.	Активна борба против корупцијата;	Да се запознаат што значи „оддолевање на социјален притисок“ да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата; да ги препознаваат механизмите за	Работилница	Работни листови/подготовка/	Јануари	----------,,---------- /повторување на целите/

		спречување на корупцијата; да го сватат штетното влијание на корупцијата во општеството				
5.	Активна борба против корупцијата;	Да анализираат како и каде може да се појави корупцијата и како може да се спречи истата; Да се стават во ситуација во која ќе имаат активна улога, преку која ке разберат за антикорупцијата и за потребата од едукација; Да се стават во улога на активни граѓани кои ќе придонесат за развојот на граѓанската култура во современото општество	Работилница	Изработка на постери	Февруари	_____,,_____ _____ /повторување на целите/
6.	Утврдување на знаењата за корупцијата и антикорупцијата	Да се утврдат знаењата на учениците; да се види дали учениците научиле за антикорупциската едукација на учениците од основните училишта.	Прашалник за учениците и активности за повторување	Пополнување на прашалникот од страна на учениците	Март	Потврдување на целите

Прилог 20: Годишна програма за работа на ученички парламент

Одговорен наставник: Наташа Динев

Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Тој активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците; го промовира ученичкиот активизам, учествува во подготовката на годишната програма за работа, дава предлог-активности за годишните програми за екскурзии, дава предлози за воннаставни активности на училиштето, како и предлози за подобрување на воспитно-образовниот процес. Освен тоа, учениците учествуваат во оценувањето на работата на училиштето, а преку свои претставници учествуваат и во Советот на родители, Наставничкиот совет, организираат и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа.

Преку оваа организација учениците имаат можност да учествуваат во креирањето на позитивна клима за работа и учење, градење и негување на другарски односи и соработка, како и можност да придонесуваат за нивниот правилен развој и целокупното работење на училиштето и поширокаата заедница. Организационата поставеност почнува од учениците во паралелката, па до училишниот парламент.

Членовите на парламентот ќе одлучуваат за прашања поврзани со учењето, престојот во училиштето, меѓусебните односи, како и демократската клима во училиштето.

За поуспешна работа на Ученичкиот парламент изработена е Годишна програма за работа распределена по месеци за цела учебна година. Како координатор на работата на учениците од Ученичкиот парламент во смисла на давање насоки и помош е наставникот Билјана Радевска Грујовска. Координаторот ќе биде повикуван на состаноците на Ученичкиот парламент тогаш кога ќе има потреба од негова дополнителна советодавна помош.

Содржина	Активност	Носител на активност	Време на реализација	Очекувани ефекти
Конституирање на ученички парламент, запознавање со целите и процедурата на функционирање, предлог активности, избор на претседател, заменик и секретар (записничар)	Конститутивна седница, разгледување на програма за работа, и избор на претставници на училишен парламент	Директор, Координатор Стручна служба	**Септември последна седмица**	Конституран ученички парламент, Избрано раководно тело на ученички парламент
Промовирање и унапредување на правата на учениците разгледување на конвенцијата за права на децата	Едукативна работилница, дебата за правата на учениците, промоција на активности	Ученички парламент, координатор	**октомври**	Промоција на ученичките права и активизам Реализирана работилница на тема Имам право да ги знам моите права
Доставување на извештај за редовноста и дисциплината на учениците за време на наставата и донесување на заклучоци како да се подобри дисциплината и редовноста на учениците	Аанализа на состојба - дискусија	Претседател (заменик) на Ученички парламент и членови	**ноември**	Зголемено демократско учество на учениците
Предизвици и проблеми и предности од наставата, анализа и врсничка	Дискусија, работилница за препораки и поддршка на ученици	Ученички парламент	**декември**	Реализирани активности за меѓусебна поддршка, зголемена мотивираност и

поддршка				соработка
Со образование против дискриминација во училиштето, социјална одговорност и соработка	Работилници за интеркултурно образование и соработка	Ученички парламент, Наставници, Стручна служба Родители	**Февруари**	Реализирани интеркултурни активности за промоција на еднаквост, соработка и почит
Соработка со училишен парламент од други училишта	Дискусија за функционирањето на училишниот парламент, споделување на искуства и зајакнување на соработка	Ученички парламент	**Март**	Зајакната соработка, промовирање на идеи и иницијативи на ученички парламент
Превземање и организирање на акции во училиштето, промовирање на ученички иницијативи	Работилници Хуманитарни активности Волонтерски активности	Ученички парламент Наставници	**Април**	Промоција на конкретни активности и ученички иницијативи за подобро функционирање на училиштето
Анализа на функционалност на ученичкиот парламент, избор на најдобар ученик по паралелки, донесување на предлог програма за следната учебна години	Дебата	Ученички парламент	**Мај**	Вреднувани постигнување, предлози, идеи и насоки за понатамошна работа

Напомена

Предлог програмата изработена од координаторот може да ја дополнува или менува претседателот на Училишен парламент во согласност со членовите и во интерес на учениците.

Во текот на годината планирана е реализација на повеќе работилници и дебати на најразлични теми кои се однесуваат на учениците, нивните права и нивното организирање:

- **Работилница 1:** Правата на децата (запознавање на учениците со Конвенцијата за правата на децата) – во соработка со ученичкиот правобранител (октомври);
- **Работилница 2:** Моја одлука, твоја одлука (ноември);
- **Работилница 3:** Превземање акција во училиште (февруари);
- **Работилница 4:** Самодовербата и учениците (ноември)
- **Работилница 5:** Мотивација за учење (октомври)
- **Работилница 6:** Начини на учење (октомври)
- **Работилница 7:** Емоционална интелигенција (декември)
- **Работилница 8:** Интеркултурно образование (март)

- **Дебата 1:** Кои се одликите на добриот лидер?
- **Дебата 2:** Почитувањето на различностите – услов за добра училишна клима;
- **Дебата 3:** Борба против корупцијата (со ученици од осмо и деветто одделение). Работилниците ќе бидат организирани од страна на одговорниот наставник, во соработка со стручна служба и соодветни наставници.

Прилог 21: Годишна програма за работа на детската организација

Одговорен на наставник: Снежана Тренчева

Детската организација претставува важен сегмент од воспитно-образовниот процес во основното училиште, кој им овозможува на учениците активно да се вклучат во училишниот живот преку различни активности со воспитен, хуманитарен, еколошки, културен и спортски карактер.

Преку учество во организацијата, децата развиваат чувство за одговорност, тимска работа, почитување на различностите и љубов кон татковината.

Целта на Детската организација е да создаде услови за целосен развој на ученичката личност преку поттикнување на активното учество на учениците во планирани активности кои ги одразуваат нивните интереси, потреби и вредности. Програмата има за цел да ги зајакне врските меѓу учениците, наставниците, родителите и поширокаата заедница, истовремено воспитувајќи ги младите генерации во духот на солидарност, толеранција, креативност и одговорност.

Во рамките на програмската основа на Детската Организација на Македонија во нашето училиште ќе се остваруваат и организираат разни форми и содржини за работа, со цел да се поттикне активното учество на учениците, развојот на нивната личност, соработката и градењето на позитивните вредности:

- Творечки и културни активности
- Едукативни активности за наставата, здравјето и безбедна средина
- Хуманитарни и волонтерски акции
- Организирање на изложби
- Организирање на посети и средби со јавни личности кои им помагаат на децата за лидерство
- Еколошки активности
- Спортски активности
- Одбележување на значајни датуми
- Проектни и тимски активности

План за работа на детската организација 2026-2027 година

Ред. бр.	Содржини за работа	Време на реализација	Реализатор
1.	▪ Конституирање на детската организација и донесување програма за работа ▪ Одбележување на почетокот на учебната година и свечен прием на учениците во прво одделение со пригодна програма подготвена од учениците од V одд. заедно со нивните наставници; ▪ Одбележување на Денот на независноста на Р.С. Македонија- 8 Септември со наставни содржини за татковината (разговор, читање текстови, пишување состави од страна на учениците поврзани со празникот; Извештај за работата на Детската организација од годишното собрание.	септември	ученици наставници
2.	▪ Одбележување на Детската недела во училиштето со организирање свечен прием на првачињата во Детската организација со културно-уметничка програма со учениците од погорните одделенија и хорот и оркестарот при нашето училиште; ▪ Одбележување на Денот на учителот (5 октомври) ▪ Одбележување на 11 Октомври - Денот на востанието на Република Северна Македонија ▪ Одбележување на месецот на книгата.	октомври	ученици наставници
3.	Новогодишни активности	декември	ученици наставници родители
4.	Одбележување на денот на ретки болести	февруари	ученици наставници родители
5.	▪ Одбележување на Денот на жената 8-ми Март со пригодна програма и изработки на честитки на часовите по ликовно образование; ▪ Одбележување на Денот на екологијата – 21 Март со активности планирани за тој ден и реализирани во училиштето и надвор од училиштето.	март	ученици наставници родители

6.	▪ Одбележување на 1-ви Април – Денот на ▪ Одбележување на христијанскиот празник Велигден ▪ Одбележување на денот на планетата Земја Одбележување на Патрониот празник на училиштето 27 Април	април	директор ученици наставници родители
7.	▪ Одбележување на 4-тиМај–годишнина од смртта на македонскиот револуционер Гоце Делчев Одбележување на 24-ти Мај – Ден на сесловенските просветители Кирил и Методиј	мај	ученици наставници родители
8.	▪ Завршна приредба ▪ Извештај за реализирани активности Предлог – план за следната учебна година	јуни	ученици наставници
9.	Активности за подобрување на хигиената и безбедна средина	во текот на годината	ученици наставници

Прилог 22: Годишна програма за работа на Училишниот Инклузивен Тим (УИТ)

Одговорена:Биљана Јованова

Програма за Инклузивен тим за образование

„Регионална поддршка за инклузивно образование“

Нашето ООУ „Никола Карев“ – Радовиш, е мотивирано да учествува во проектот „Регионална поддршка за инклузивно образование“, затоа што сакаме да создадеме еднакви можности за сите и да ги задоволиме специфичните образовни и други потреби на децата. Ние сакаме нашето училиште да го прилагодеме за образование на децата со пречки или потешкотии во развојот – кадровски, програмски, технички и просторно, а меѓу другото и поинтензивно да работиме на промовирање и развива е на инклузивното образование. Иако во инклузивното образование сите деца се различни, сепак училиштето и образовниот систем треба да се прилагодат на нивните индивидуални потреби и способности како би одговориле на потребите на сите ученици. Во инклузивното образование на децата со потешкотии во развојот ќе им се овозможи да се борат со предрасудите, да станат видливи и да стекнат самодоверба, да зборуваат за себе и да ја градат сопствената иднина во рамките на редовните текови на општеството. Како училиште, ние сме подготвени за соработка и партнерства со други училишта во или надвор од Македонија, во рамките на контекстот на грант шемата.

Во нашето училиште имаме ученици со различни економски, социјални, културни, религиозни, јазични разлики како и ученици со потешкотии во учењето. Учениците со потешкотии во учењето значително заостануваат во учењето и совладувањето на одредени вештини за разлика од своите врсници. Преку вклучувањето на нашето училиште во овој проект се надеваме дека ќе се овозможи кадровска екипираност и компетенција на наставниот кадар за работа со овие деца, бидејќи наидуваме на проблем во оценувањето и вреднувањето на овие ученици во текот на наставата. Во секојдневната наставна пракса, често постои заблуда дека учениците со потешкотии треба да се оценуваат како и другите ученици во одделението. Оценката на учениците им ја покажува нивната успешност. Учениците кои добиваат негативни оценки од ден во ден оформуваат слика за себе дека се помалку вредни од другите. За да може наставникот правилно да пристапи со работа пред се е потребно добро да ги познава законските регулативи и да поставува образовни цели според индивидуалните

можности на детето. Наставниците потребно е да изготвуваат индивидуален образовен план со кој на дискретен начин ќе го прилагодат образовниот процес на детето со пречки во развојот или со потешкотии во учењето. Со воведувањето на инклузивното образование се надеваме дека ќе се овозможи флексибилност во наставните планови, додатоци и адаптации, индивидуализирани предавања, учење во интегрирана средина и еднаквост на можностите за сите деца. Неопходно е да се обезбедат и квалитетни материјали, мобилни учители, инструктори и учители за поддршка. „Повеќенаменските“ ресурсни учители, ќе треба да му овозможат поддршка на персоналот што се сретнува и работи со деца со пречки во развојот, меѓу децата во училиштето, и ќе треба да работи со редовниот наставник како тим односно да му помага на наставникот во редовното одделение, работејќи и со редовните ученици и со учениците со пречки во развојот / со потешкотии во учењето. Ресурсните учители ќе треба цело време да соработуваат со редовните наставници, да им помагаат, но не и да ја заменат нивната работа.

Сите деца во целиот свет со нивните индивидуални сили и слабости, желби и надежи, имаат право на образование. Затоа, образовниот систем на секоја држава мора да ги задоволи потребите на сите деца. Ова е огромна и тешка задача, но каде има желба и волја таму ќе се изнајде и начин.

Нашето училиште е подготвено да работи како промотор на промените, укажувајќи на добрите страни на инклузивното образование. Ние сме подготвени да ја промовираме кооперативната и интерактивна настава и учење, затоа што меѓу другото таа е дел од нашата секојдневна настава. Преку кооперативното учење секојдневно ја промовираме идејата дека на младите луѓе најдобро им се помага во учењето кога имаат можност да учат со други и едни од други, и кога ќе им се покаже како се прави тоа на делотворен начин. Интерактивната настава е исто така дел од нашата секојдневна работа, тоа е двонасочен процес пришто наставниците го прилагодуваат својот пристап според потребите на учениците. Интерактивните наставници секако се свесни за учениците и нивните различни стилови на учење. Во интерактивната настава доаѓаат до израз индивидуалните способности, мотиви и интереси на учениците, овде учениците се оспособуваат да поставуваат прашања и слободно да ги искажуваат своите размислувања, а наставникот развива атмосфера која ќе го овозможи сето тоа.

Нашето училиште има капацитет да допринесе кон проектот (капацитет за управување со мали грантови, поддршка од родителите и адекватни простории), како и заинтересиран персонал во училиштето (директор, наставници и стручни соработници), којишто се подготвени да земат активно учество во развојот на капацитетот.

Нашето училиште (учениците, наставниците, родителите и стручните соработници) е подготвено да преземе активности за отстранување на пречките за

учество и учење, вклучувајќи ги: психолошките, физичките и институционалните бариери. Сите заднички ќе работиме на елиминирање на дискриминацијата и промовирање на еднаквост за сите. Како и до сега така и во иднина, нашето училиште ќе биде посветно на креирање средина во која постои заемна почит и еднаквост на можностите за целиот персонал и учениците. Како училиште, ние сме подготвени за соработка и партнерства со други училишта во или надвор од Македонија, во рамките на контекстот на грант шемата.

Забелешка: Нашето училиште има аплицирано на Заедничкиот проект на Европската унија и Советот на Европа на тема: „Регионална поддршка за инклузивно образование“, на 13.06.2013 год. Апликацијата беше изготвена на барање на директорката од страна на училишниот психолог и доставена во предвидениот временски рок. Општата цел на проектот беше унапредување на општествената вклученост и кохезија во регионот преку промовирање на инклузивно воспитание и образование. Целосната апликација е приложена, меѓутоа нашето училиште сеуште нема добиено повратна информација дали е избрано како пилот училиште во тој проект од страна на Комитетот за проценка составен од претставници од министерствата за образование, Европската комисија и Советот на Европа, согласно горе наведените критериуми.

22.1 Акциски План на Училишниот Инллузивен Тим (УИТ)

Одговорена: Биљана Јованова

Акциски план на УИТ за учебниот период од 2025 – 2026 до 2027 – 2028 година

Задачи	Активности	Време на Реали-зација	Носител	Начин на спроведување (ресурси)	Инстру-менти	Очекувани резултати	Одговор-но лице за следење
Операционализација на политиката за работа со ученици со посебни образонни потреби.	Изработка на годишна програма за работа и акциски план.	Септември	УИТ			Во програмата се вклучени активности за инклузивно образовзние.	Член од УИТ
Идентификација на учениците со ПОП	Сознанија за тоа колку ученици со ПОП се запишани во прво одде. Консултации со родител, наставник, консултации со стручното тело за проценка, како и на ОУ со ресурсниот центар.	Септември, Октомври	УИТ	Консултации, процедура за следење и изработка на ИОП и модифицирана наставна програма.	Барања	Евиденција на учениците со ПОП и изработка на соодветна стратегија за работа со нив.	
Запознавање на предметните наставници коипредаваат во VII одд. со учениците со ПОП	Размена на искуства меѓу предметните наставници како и со стручната служба.	Септември	Наставници како и стручната служба.	Дискусија	Досие, евиден-тен лист	Соодветна прифатеност на учениците со ПОП.	

Изготвување на Индивидуален образовен план и модифицирана програна	Изготвување на ИОП за Учениците со ПОП Изготвување на модифицирана програма за учениците со комплексни потреби Ревидирање на ИОП и модифицира-ната програма.	контунуирано	Наставници, стручни соработници родители.	Годишна програма за соодветното одделение. Мислење од стручното тело за функционална проценка.	Форму-лари за ИОП или за дифе-ренци-рана програ-ма.	Успешно прилагодена наставна програма за учениците со ПОП.	
Континуирана подршка на учениците со ПОП	Консултативни разговори на стручните лица со наставниците, образовните асистенти и родителите. Консултативни разговори со стручните лица од стручното тело за функционална процена и од ОУ со ресурсен центар.	контунуирано	Стручни лица, стручни соработници, одделенски раководители, предметни наставници, родители, образовни асистенти.	Консултативно-советодавна работа.	Досие на учени-кот со ПОП.	Подобрување на постигнувањата. Поголема вклученост во животот на паралелката, во училишната средина, како и во локалната заедница.	

Следење на постигањата и активностите на учениците со ПОП	Евиденција за успехот, однесувањето и редовноста на ученикот со ПОП. Ревидирање на ИОП.	Квартално тековно	УИТ, стручни соработници, одделенски наставници, предметните наставници, образовни асистенти.	Евидентни листови за оценување.	Евиден-тен лист за следе-ње на учени-кот според ИОП.	Проценка на постигањата. Вклучување на учениците со ПОП во групни и воннаставни активности.	
Подобрување на социјалната и на емоционалната состојба на учениците со ПОП	Разговор со учениците. Разговор со нивните врсници во училиштето. Советодавни разговори со нивните родители.	Во текот на учебната година	Стручни лица, стручни соработници, одделенски раководители, предметни наставници, родители,врсни-ци,образовни асистенти.	Консултативно-советодавна работа		Развивање на комуникациски вештини, самодоверба, самопочитување, вклученост во активностите на училиштето и локалната заедница односно дружба со врсниците.	
Подобрување на инклузивната практика	Поддршка на наставниците, образовните асистенти решавање на тековните проблеми преку интеракција и соработка.	Во текот на учебната година		Консултативно-советодавна работа		Постигање на планираните цели според ИОП.	

В.Д. Директор

Анита Митева Цветковски

Дефектолог

Биљана Јованова

22.2 Предвидени активности на Училишниот Инллузивен Тим (УИТ)

Одговорна: Биљана Јованова

Предвидени активности на УИТ при ООУ „Никола Карев“- Радовиш

за учебниот период од 2025-2026 до 2027-2028

	Активности	Цели	Задачи	Носители	Очекувани резултати	Време на реализација
1.	Подготовки на наставниците – долгорочно, среднорочно и краткорочно планирање на наставата за тековната учебната година	• Воспитно-образовната работа да се приспособи на развојните и индивидуалните потребии постигања на учениците,согласно со научните сознанија заразликите во развојот на децата	За сите тематски подрачја, по наставните предмети планираме користење на соодветни форми, методи, средства кои би дале најефикасни резултати земајки го во обзир нивото на учење кај учениците.	Наставници, УИТ	• Наставната програма е приспособена кон развојните,и индивидуалните потреби за напредок на учениците. • Се планираат разновидни техники и стратегии во реализацијата на наставната работа.	Август, Септември

2.	Насоки за изготвување ИОП како и пополнување на потребните обрасци.	• Да им се помогне на наставниците во целосно разбирање на инклузивното образование • Да се оспособат за изготвување ИОП	Консултативни средби, дискусии и обуки.	Наставници, УИТ	• Наставниците се обучени за изготовка на ИОП • Изготвени се ИОП за ситеученици за кои е утврдено дека е потребно.	Август, Септември тековно
3.	Давање подршка на наставниците во идентификување на функционалностите и можностите на учениците	• Наставниците да ги осознаат Функционалностите и бариерите за учење и напредување на учениците. • Да се понудат решенија за надминување на бариерите со кои се соочуваат учениците	Консултативни средби, дискусии и обуки	УИТ	• Наставниците умеат да ги идентификуваат функционалностите и можностите за учење, • Наставниците да ги идентификуваат бариерите кои го попречуваат развојот на учениците	Во текот на учебната година
4.	Подршка од учениците-Работилница	• Да се обезбеди подршка за учениците со ПОП од страна на ученичката заедница	Работилница	Наставници, УИТ	• Зголемен е бројот на ученици што помагаат на учениците со ПОП во наставата и надвор од неа	Во текот на учебната година

5.	Давање поддршка на родители	• Родителите да бидат информирани за инклузивното образование и за инклузивноста на училиштето	Дискусии, обуки, консултативни средби	Наставници, УИТ	• Зголемен е бројот на родители што го прифаќаат инклузивното образование • Зголемен е бројот на родители кои се обраќаат до УИТ	Во текот на учебната година
6.	Неформални средби со наставниот кадар, образовните асистенти и разговор по поединични прашања или потешкотии	• Да се зголеми соработката помеѓу кадарот во училиштето	Размена на идеи, предлози, мислења, консултации.	УИТ	• Зголемен е бројот на наставници што добиле подршка од УИТ	Во текот на учебната година
7.	Соработка со основновните училишта со ресурсен центар. Соработка со стручното тело за функционална проценка. Средби и консултации со стручни лица надвор од училиштето	• Да се добива дополнителна стручна помош и поддршка • Да се разменуваат искуства и идеи, како и соработка воактивности по определенисодржини	Консултации, обуки,средби, договарања и др.	УИТ	• Унапредување на инклузивното образование и на воспитно-образовниот процес	Во текот на учебната година

8.	Извештај за работата на УИТ	• Да се сумира реализацијата на активностите и резултатите од работа на УИТ и целото училиште	• Самоевалвација на нклузивноста • на училиштето и работењето на УИТ • Сумирање на активностите на УИТ • Рефлексија на работата на УИТ	УИТ	• Документирана е работата на УИТ • Направена е анализа на работата на УИТ • Формулирани се предлози за работа за наредната година	Во текот на учебната година

Акцискиот план за работа е одобрен од:

Инклузивен тим на училиште

Општинско основно училиште:
ООУ „Никола Карев“ - Радовиш

ВД Директор

Анита Митева Цветковски

_____

23. Програма „Вештини за адолесценција“ за VIII одделение за учебна 2026 / 2027 година

Изработила: Сузана Ѓоргиева (психолог)

Вовед

На **13. и 14.11.2025 г.**, во Мултимедијалниот центар „Киро Глогоров“ – Штип, се одржа дводневна обука на која беше презентирана **Lions Quest програмата „Вештини за адолесценција",** на која присуствуваа одделенските раководители на VII одделение (Анита М. Цветковски, Стојче Јовановски, Билјана Митева и Ристо Спасов) и психологот како претставник од стручната служба. Обучените одделенски раководители и психологот по завршувањето на обуката се стекнаа со сертификати и право да ги реализираат работилниците од Програмата.

Програмата „Вештини за адолесценција“ беше организирана од МОН-БРО во соработка со Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал. Оваа меѓународно призната и научно докажана програма е наменета за ученици од VII одделение, со цел да се зајакнат нивните психосоцијални вештини и да се зголеми нивната отпорност на ризични однесувања.

Главната цел на програмата е кај учениците да се развијат: самодоверба и саморегулација (вештини за справување со стрес и емоционална регулација), социјална свест (подобрување на односите со врсниците и асертивна комуникација), како и одговорно донесување на одлуки (критичко размислување и преземање одговорност). **„Вештини за адолесценција“ е превентивна програма која им помага на младите да развијат основни животни вештини и позитивно, здраво однесување.** Оваа Програма досега е спроведена во повеќе од 110 земји, меѓу кои и: Хрватска, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Словенија, Србија а е направен обид да се спроведе и во Р. Северна Македонија за време на короната но поради ограничените услови во тој временски период истата не е реализирана во целост.

Нашето училиште е избрано како пилот – училиште (само 50 училишта на ниво на држава се одбрани како пилот - училишта), во кое ќе се реализира програмата (за секое училиште во кое се реализира програмата има контролно училиште во кое се спроведува евалуација но не и програмата). Планирано е спроведување проверка на знаењата и вештините – евалуација на резултатите од програмата. Целта на евалуацијата е да се споредат резултатите со контролната група на ученици, како и со резултатите од претходниот циклус на програмата, со цел да се проценат потребите за понатамошно унапредување на содржините.

Бидејќи програмата се реализира на глобално ниво, нашата земја ќе биде дел од глобалната презентација на успешноста на програмата. Затоа е потребно да се обезбеди регуларност при спроведувањето на евалуацијата согласно дадените упатства за работа:

- Рокот за спроведување на пред – тестот е 15 дена по завршување на обуката а пред започнување на работата со учениците;

- Пред – тестот и пост – тестот содржат идентични прашања; пред – тестот се спроведува непосредно пред почетокот на имплементацијата на програмата а пост – тестот веднаш по завршување на последната работилница во рамките на програмата. Имплементацијата на програмата ќе трае околу 2 години. Со пред – тестот треба да бидат опфатени учениците од VII одделение а со пост – тестот на крајот од имплементацијата на програмата треба да бидат опфатени истите ученици кои догодина ќе бидат VIII одделение.

Согласно дадените насоки од обуката, имплементацијата на програмата ќе се реализира на часовите по Одделенска заедница. Првиот чекор на оваа проект – програма е информирање на родителите на учениците од VII одделение дека во нашето училиште ќе се спроведе програмата „Вештини за адолесценција“, како и евалуација на програмата, преку родителска средба или на друг соодветен начин. Непосредно пред спроведување на пред – тестот, ќе бидеме контактирани од страна на одговорен советник, со информација и детални насоки за начинот на спроведување на процесот на тестирањето. На првиот час по одделенска зедница се спроведува пред – тестот а потоа започнува реализацијата на работилниците според утврдениот редослед и насоките добиени од обуката. Од вкупно 30 задолжителни работилници согласно Прирачникот и насоките од БРО, оваа учебна година на часот по одделенска заедница, одделенските раководители задолжително треба да реализираат од 10 до 13 работилници (постапно по редослед), останатите работилници со истите ученици ќе се реализираат следната учебна година.

Претставникот од стручната служба има обврска да изготви анекс на Годишната програма на училиштето за тековната учебна година, и да дава континуирана поддршка и по потреба помош во реализацијата на работилниците од страна на одделенските раководители. Поддршката и ангажираноста на стручниот соработник (кој има улога на координатор и одговорно лице за програмата во училиштето), е од голема важност за успешно спроведување на евалуацијата и на програмата.

Реализацијата на програмата има за цел да придонесе за здравиот развој на нашите млади генерации како и за личниот и социјалниот развој на учениците.

Акционен план

за работилници за програмата „Вештини за адолесценција“ за VIII одделение

Учебна 2026/2027 година						
ТЕМА	**НАСЛОВ НА РАБОТИЛНИЦА - Цитат на денот**	**ЦЕЛ НА РАБОТИЛНИЦАТА**	**НОСИТЕЛИ/РЕАЛИЗАТОРИ/ ОДГОВОРНИ ЛИЦА**	**БРОЈ НА УЧЕНИЦИ**	**ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА**	**РЕСУРСИ**
4.Унапредување на односите со врсниците	Работилница 1 **„Градиме пријателства“ Цитат: „Пријателството не се состои во тоа кого најдолго го познаваш, туку кој дојде во твојот живот и рече „Јас сум тука за тебе“.**	Да се истражи пријателството и да се препознаат особините на пријател.	Елена Манасиева VIII-1; Ристо Спасов VIII-2; Стојче Јовановски VIII-3; Билјана Митева VIII-4; (училишен психолог се вклучува по потреба)	53	септември	-Прирачник „Вештини за адолесценција“, -Промени и предизвици, -Вовед Унапредување на односите со врсниците -Активност За почеток, пет хамери во боја, маркери во боја, Факултативно: компјутер. 1.Одберете песна за пријателството. 2.Напишете ги следните категории на два посебни листови хартија: Пријател, Познаник. 3.Нацртајте контури на човек на секој хамер (видете го делот ВЕЖБА) .
4.Унапредување на односите со врсниците	Работилница 2 **„Избор на пријатели“ Цитат: „Никој всушност не го гледа цветот – тој е премногу мал – немаме**	Испитување на причините за пријателството и учење начини како да го подобриме или да се напушти односот кој не е позитивен и	Елена Манасиева VIII-1; Ристо Спасов VIII-2; Стојче Јовановски VIII-3; Билјана Митева VIII-4; (училишен психолог се вклучува по потреба)	53	септември	-Прирачник „Вештини за адолесценција“, -Промени и предизвици, -работен лист Набљудуваме пријателства, -двапати по два метра клопче волница, -ножици.

	време, а за да видиме ни треба време, како што за пријателството е потребно време“.	поддржувачки за двете страни.				
4.Унапредување на односите со врсниците	Работилница 3 **„Внатрешен и надворешен притисок“ Цитат: „Ако се обидете да најдете пријатели, ќе видите дека ги има многу малку. Но, ако се обидете да бидете пријател, ќе ги најдете насекаде“.**	Свест за „внатрешниот притисок“, и вежбање на употребата на конструктивни внатрешни пораки.	Елена Манасиева VIII-1; Ристо Спасов VIII-2; Стојче Јовановски VIII-3; Билјана Митева VIII-4; (училишен психолог се вклучува по потреба)	53	октомври	-Прирачник „Вештини за адолесценција“, -Промени и предизвици, -работен лист Ситуации на внатрешен притисок, -Огласи Се бара пријател, -Подгответе два наслови: Конструктивна внатрешна порака и деструктивна внатрешна порака.
4.Унапредување на односите со врсниците	Работилница 4 **„Прашања: Три чекори да се заложиш за себе“ Цитат: „Дали е некој паметен се гледа од неговите одговори. Дали е мудар се гледа од неговите прашања“.**	Учење и вежбање на трите чекори за спротивставување на негативниот притисок од врсниците.	Елена Манасиева VIII-1; Ристо Спасов VIII-2; Стојче Јовановски VIII-3; Билјана Митева VIII-4; (училишен психолог се вклучува по потреба)	53	октомври	-Прирачник „Вештини за адолесценција“, -Промени и предизвици, -работен лист Барајте информации, -работен лист вежбање на техника ПИЗ, -Статија Одлучувам да бидам пријател каков што јас би посакал, -поголем лист хартија, маркер, -факултативно: видеокамера, -напишете ги на поголем лист хартија чекорите на техниката ПИЗ: 1.**П**оставувај прашања 2.**И**збори се за себе

						3.**З**нај ги опциите кои се позитивни за тебе.
5. Јакнење на семејните односи	Работилница 1 **„Примена на вештините дома“ 1 дел Цитат: „Ако во себе имате само една насмевка, дајте им ја на луѓето што ги сакате. Немојте дома да бидете намуртени а кога ќе излезете надвор да им се насмевнувате на непознати“.**	Препознавање начини како да се употребат надвор од училиштето вештините научени во програмата.	Елена Манасиева VIII-1; Ристо Спасов VIII-2; Стојче Јовановски VIII-3; Билјана Митева VIII-4; (училишен психолог се вклучува по потреба)	53	ноември	-Прирачник „Вештини за адолесценција“, -Промени и предизвици, -работен лист Планирање проект во групи, -поголем лист хартија, маркер, -материјал за постер и цртање -поделете ги учениците во 6 групи, водејќи сметка вештините со кои владеат да бидат што порамномерно распоредени. Напишете ги имињата на членовите од секоја група на хартија..
5. Јакнење на семејните односи	Работилница 2 **„Примена на вештините дома“ 2 дел Цитат: „Свесни сме дека обвинувањето и расправиите никогаш не ни помагаат, и дека само создаваат уште поголем јаз помеѓу нас, и дека само разбирањето, довербата и љубовта можат да помогнат да се менуваме и да растеме“.**	Препознавање на начините на кои ги користиме вештините научени во оваа програма надвор од училиштето.	Елена Манасиева VIII-1; Ристо Спасов VIII-2; Стојче Јовановски VIII-3; Билјана Митева VIII-4; (училишен психолог се вклучува по потреба)	53	ноември	-Прирачник „Вештини за адолесценција“, -Промени и предизвици, -работен лист Примена на вештините дома – факултативно: видеокамера
						-Прирачник „Вештини за адолесценција“,

6. Правиме здрав избор	Работилница 1 **„Поглед кон иднината“ Цитат: „Нашите мисли и постапки денес, ја менуваат нашата утрешнина“.**	Претставување на темата и воочување на позитивните цели и можните препреки за успешна адолесценција и возрасна доба.	Елена Манасиева VIII-1; Ристо Спасов VIII-2; Стојче Јовановски VIII-3; Билјана Митева VIII-4; (училишен психолог се вклучува по потреба)	53	декември	-Промени и предизвици, Воведна статија Правиме здрав избор, - Активност За почеток, -Празни картички -Задача Училиштен саем за здрави одлуки -ископирајте по еден примерок од задачата Училиштен саем за здрави одлуки за секој ученик.
6. Правиме здрав избор	Работилница 2 **„Размислување за влијанијата“ Цитат: „Не е доволно само да се има здрав разум. Важно е како тој се користи“.**	Испитување на влијанијата и притисоците што влијаат на одлуките и постапките на младите.	Елена Манасиева VIII-1; Ристо Спасов VIII-2; Стојче Јовановски VIII-3; Билјана Митева VIII-4; (училишен психолог се вклучува по потреба)	53	декември	-Прирачник „Вештини за адолесценција“, -Промени и предизвици, -Работен лист: Анкета: Што мислиш? -Ресурсен лист за наставници Анкета: Што мислиш? -Нацртајте ја на таблата мапата на поими што е наведена во делот ПОВРЗУВАЊЕ под 1. -ажурирани статистички податоци за тутун, алкохол и други прашања поврзани со дрогите може да се најдат на: www.espad.org http://www.espad.org/espad-report-2019

6. Правиме здрав избор	Работилница 3 **„Пушење: како тутунот влијае врз младите?“ Цитат: „Повеќето луѓе што пушат стануваат зависни до дванаесетгодишна возраст“.**	Разгледување на начините на кои пушењето може да влијае на животот на младите.	Елена Манасиева VIII-1; Ристо Спасов VIII-2; Стојче Јовановски VIII-3; Билјана Митева VIII-4; (училишен психолог се вклучува по потреба)	53	јануари	-Прирачник „Вештини за адолесценција“, -Промени и предизвици, -Информативен лист Пушење: Како младите стануваат зависни, -Работен лист За пушењето. -Работен лист Анкета: Што мислиш? -Ресурсен лист за наставник Анкета: Што мислиш? -Дополнителни информации: 1.Студија за однесувањата поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (ХБСЦ), Извештај 2013. Здравјето како квалитет на животот, Социјални нееднаквости меѓу младите во РМ www.cpca.org.mk
6. Правиме здрав избор	Работилница 5 **„Алкохол: вистини и заблуди“ Цитат: „Една од причините поради која не пијам, е што сакам да знам дека се забавувам“.**	Разбирање на погрешните сфаќања и учење на фактите за алкохолот.	Елена Манасиева VIII-1; Ристо Спасов VIII-2; Стојче Јовановски VIII-3; Билјана Митева VIII-4; (училишен психолог се вклучува по потреба)	53	февруари	-Прирачник „Вештини за адолесценција“, -Промени и предизвици, -Информативен лист: Ако некој во вашето семејство има проблем со алкохолот или друга дрога, -Информативен лист Факти за алкохолот, -Работен лист Што е вистина? -Ресурсен лист за наставникот Што е вистина? – тези -дополнителни информации за спречување на злоупотребата на алкохолот: Студија за однесувањата поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст

						(ХБСЦ), Извештај 2017. Здравјето како квалитет на животот, Социјални нееднаквости меѓу младите во РМ, https://hbscmacedonia.wordpress.com/about/hbsc-in-macedonia/
6. Правиме здрав избор	Работилница 6 **„“ Цитат: „Алкохол: Како влијае врз младите?“. Цитат: „За да се движиш слободно, мора да имаш длабоки корени“.**	Разгледување на начините, на коишто алкохолот влијае врз животот на младите.	Елена Манасиева VIII-1; Ристо Спасов VIII-2; Стојче Јовановски VIII-3; Билјана Митева VIII-4; (училишен психолог се вклучува по потреба)	53	февруари	-Прирачник „Вештини за адолесценција“, -Промени и предизвици, -Анкета: Што мислиш? – работен лист од втората работилница, -Информативен лист Алкохолот и младите: што треба да знаете, -Работен лист Ситуации, -Ресурсен лист за наставникот од втората работилница Анкета: Што мислиш?
6. Правиме здрав избор	Работилница 8 **„Марихуана: Како влијае на младиот човек?“. Цитат: „Едно е точно ако си бараме неволја: обично ќе ја најдеме“.**	Разгледување на начините, на коишто употребата на марихуаната може да влијае на животот на младите.	Елена Манасиева VIII-1; Ристо Спасов VIII-2; Стојче Јовановски VIII-3; Билјана Митева VIII-4; (училишен психолог се вклучува по потреба)	53	март	-Прирачник „Вештини за адолесценција“, -Промени и предизвици, -Работен лист од втората работилница Анкета: Што мислиш? -Информативен лист Марихуана: што треба да знаете -Ресурсен лист за наставникот од втората работилница Анкета: Што мислиш? -Дополнителни информации: www.hera.org.mk www.health.org www.ccsa.ca

6. Правиме здрав избор	Работилница 9 **„Испитување на притисокот да се користи дрога“.** **Цитат: „Единствената личност која ти стои на патот си самиот ти. Другите може да те запрат привремено. Ти си единствениот / та што го може тоа засекогаш“.**	Разгледување на делотворни и асертивни начини да се справиме со притисокот да користеме дрога.	Елена Манасиева VIII-1; Ристо Спасов VIII-2; Стојче Јовановски VIII-3; Билјана Митева VIII-4; (училишен психолог се вклучува по потреба)	53	март	-Прирачник „Вештини за адолесценција“, -Промени и предизвици, -Работен лист Како да се заложиме за себе -Ресурсен лист за наставникот Што би направиле ако....? -Ситуации со марихуана од делот ПОВРЗУВАЊЕ од осмата работилница.
6. Правиме здрав избор	Работилница 10 **„Како да се спротивставиме на притисокот да користиме дрога“.** **Цитат: „Доаѓаат моменти кога мора да се вкопате, да застанете цврсто и да покажете кој сте“.**	Демонстрирање на употребата на вештините на асертивност во одбивањето дрога.	Елена Манасиева VIII-1; Ристо Спасов VIII-2; Стојче Јовановски VIII-3; Билјана Митева VIII-4; (училишен психолог се вклучува по потреба)	53	април	-Прирачник „Вештини за адолесценција“, -Промени и предизвици, -Работен лист Како да се заложиме за себе (од деветтата работилница), -Ресурсен лист за наставници Неволјата на Марко, -Ресурсен лист за наставникот од деветтата работилница Што би направиле ако... -Факултативно: видеокамера
6. Правиме здрав избор	Работилница 11 **„Управување со стресот“.** **Цитат: „Постојат два начина за справување со потешкотии. Или ги менуваме потешкотиите, или се менуваме**	Вежбање здрави начини за справување со стресот.	Елена Манасиева VIII-1; Ристо Спасов VIII-2; Стојче Јовановски VIII-3; Билјана Митева VIII-4; (училишен психолог се вклучува по потреба)	53	април	-Прирачник „Вештини за адолесценција“, -Промени и предизвици, -Информативен лист Управување со стресот, -Дополнителни информации: American Academy of Child and Adolescent Psychiatry:

	себеси за да се справиме со потешкотиите“.					www.aacap.org
6. Правиме здрав избор	Работилница 14 **„Правиме здрав избор“. Цитат: „Младите зборуваат за опасностите од користењето дроги и од предностите на животот без дроги, а нивните врсници слушаат“.**	Споделување на поуките од лекцијата и градење на позитивна врсничка поддршка за здрави одлуки и избегнување на штетните дроги.	Елена Манасиева VIII-1; Ристо Спасов VIII-2; Стојче Јовановски VIII-3; Билјана Митева VIII-4; (училишен психолог се вклучува по потреба)	53	мај	-Долг лист хартија закачен на ѕид со наслов Носиме здрави одлуки. 1.Наведете што било тоа што сте го ценеле и научиле од учениците во текот на ВЕЖБИТЕ од шестата тема. 2.Откријте како учениците можат да се приклучат на локалните младински организации.
7. Поставуваме цели за здрав живот	Работилница 1 **„Мојот животен пат: Поглед во идninата“.**	Да се научи повеќе за поставувањето цели, и како тоа може да ни помогне да бидеме успешни и продуктивни.	Елена Манасиева VIII-1; Ристо Спасов VIII-2; Стојче Јовановски VIII-3; Билјана Митева VIII-4; (училишен психолог се вклучува по потреба)	53	мај	-Промени и предизвици, -Работен лист Класифицирање на целите, -Работен лист Животен пат, -Вовед Поставуваме цели за здрав живот, -Активност За почеток -Работен лист Ти можеш (од првата тема, час 5) -Нацртајте го триножникот на самодовербата.

Датум: М.П Претседател на

Училишен одбор

Јули 2026 год. Ѓурѓа Јосева

_____

ВД Директор

Анита Митева Цветковски

_____